**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
**СКОПЈЕ**

Институт за ФИЛОЗОФИЈА

# АНТИЧКАТА ДИЈАЛЕКТИКА И ДИЈАЛЕКТИЧКИТЕ ПРИНЦИПИ ВО СОВРЕМЕНАТА ТЕОРИЈА НА АРГУМЕНТАЦИЈАТА: КРИТИЧКА КОМПАРАЦИЈА

- Магистерски труд -

Кандидат: Горан Митевски

Ментор: проф. д-р Ана Димишковска

СКОПЈЕ

Ноември 2023

СОДРЖИНА

ВОВЕД: ПРОБЛЕМОТ НА ПОИМОТ НА ДИЈАЛЕКТИКАТА. …….................................5

1. ДИЈАЛЕКТИКАТА ПРЕД *ТОПИКА* ВО ДИЈАЛОЗИТЕ НА ПЛАТОН
1.1. Увертира во потребата на систематско истражување на дијалектиката во текстовите на Платон………………………………………………………..........................................12
1.2. Како да се истражи дијалектиката во дијалозите?……………………..............…..14
1.3. Директни референции на διαλεκτική во дијалозите……………………...................18
1.4. Основни принципи на дијалектиката во дијалозите……………………..................22
1.4.1. Основа на дијалектиката: онтолошки принцип, едно и множтво………..................24
1.4.2. Принцип на прашување и одговарање……………………………….................26
1.4.2.1. Внатрешна и надворешна дијалектика………………………………................28
1.4.2.2. Од ἔλεγχος до λογος: συλλογισμός и επαγωγή……………………......................31
1.4.2.3. Од хипотези до првите принципи…………………………………....................33
1.4.2.3.1 Парменид: дијалектички метод in utramque partem…………………..................35

2. ДИЈАЛЕКТИЧКОТО РАСУДУВАЊЕ ВО *ТОПИКА* КАКО ПРВА ТЕОРИЈА ЗА АРГУМЕНТАЦИЈАТА
2.1. Вовед во проблемот на διαλεκτική во текстовите на Аристотел………….................39
2.2. Референции за дијалектиката во текстовите на Аристотел………………...............42
2.3 *Топика* – расправа за дијалектичкото расудување како прва теорија на аргументацијата……………………………………………………………………...............47
2.3.1. Основни поими на аргументацијата и принципи за ефективно расудување……………………………………………………………........................…50
2.4. Општи места τόποι – прва теорија на аргументациските шеми…………….........54
2.4.1. Општи места за грешките во дијалектичките проблеми……………….................54
2.4.2. Општи места за правилата на избор……………………………………...............…58

2.4.3. Τόποι што се однесуваат на елементите на дијалектичката пропозиција и проблем: родот, својството и дефиницијата…………………………………..................................60
2.4.3.1 Општи места за родот……………………………………………………....................60
2.4.3.2. Општи места за својството…………………………………………….....................64
2.4.3.3. Општи места за дефиницијата………………………………………....................70
2.5. Општи правила за прашување и одговарање…………………………….................79

3. ПРАГМАТИЧКОТО ПОИМАЊЕ НА ДИЈАЛЕКТИКАТА ВО СОВРЕМЕНИТЕ ТЕОРИИ НА АРГУМЕНТАЦИЈАТА
3.1. Историја на односот на дијалектиката и аргументацијата: Од *топика* до дијалектичките пристапи во теоријата на аргументација…………………...............................................90
3.2. Прагма-дијалектика……………………………………......................………..95
3.2.1. Современ дијалектички поим на разумност……………………….................…97
3.2.2. Модел на критичка дискусија………………………………………..................100
3.2.2.1. Метатеоретски принципи на критичката дискусија……………......................100
3.2.2.2. Дијалектичките етапи во процесот на надминување на разликите…..................102
3.2.2.3. Улогата на говорните чинови во процесот на критичка дискусија……...............103
3.2.2.4. Дијалектички регулирана дискусија: правила за критичка дискусија.................106
3.3. Нова дијалектика………………………………...........................................…110
3.3.1.Видови дијалог…………………………………………........................……..112
3.3.2.Презумптивно расудување……………………………………...................…....114
3.3.3.Аргументациски шеми ……………………………………………….................117
3.3.4. Примена на новата дијалектика……………………………………….....,…..121

4. КРИТИЧКА КОМПАРАЦИЈА НА ПЛАТОН-АРИСТОТЕЛОВАТА ДИЈАЛЕКТИКА И ДИЈАЛЕКТИЧКИТЕ ПРИСТАПИ ВО ТЕОРИЈАТА НА АРГУМЕНТАЦИЈАТА
4.1. Критичка компарација на дијалектиката, дијалектичкото расудување и дијалектичките пристапи во современата теорија на аргументацијата……………………......................124
4.1.1. Διαλεκτική до првите принципи на сите науки (Платон-Аристотелова дијалектика)……………………………………………………………….......……...125

4.1.2. Дијалектиката како критичка дискусија за разрешување на конфликтот на мислења (Дијалектички пристапи во теоријата на аргументација)……………….........................128
4.2 Реторички карактер на дијалектичките пристапи: прагма-дијалектика и нова дијалектика………………………………………………………. ……………….....133

ЗАКЛУЧОК..........................................................................................................................141

БИБЛИОГРАФИЈА.............................................................................................................145

# ВОВЕД: ПРОБЛЕМОТ НА ПОИМОТ НА ДИЈАЛЕКТИКАТА

Архитектониката на формалната логика промовираше ексклузивитет во изведувањето логички заклучоци и следства, во текот на долг временски период. Сосема незаслужено, позицијата на формалната логика наметна доминација во истражувањето и вреднувањето на видовите на расудувањето и правилата на аргументацијата. Појавата на првите теоретски студии за аргументите во научната работа на Стивен Тулмин (Stephen Toulmin) во *Употребите на аргументите* (*The Uses of Argument*, 1958) и на Хаим Перелман и Лиси Олбрешт-Титека (Chaim Perelman and Lucie Olbrechts-Tyteca) во *Новата реторика: Трактат за аргументацијата* (*The New Rhetoric: A Treatise on Argumentation*, 1958) го истакнаа хендикепот на тенденцијата на логичката сеопфатност на формалната логика содржан во недостигот од прагматичност во секојдневната аргументација, општествените дебати, науката, политиката, правото и медиумите. Истражувањата од областа на неформалната логика, особено по организацијата на *Првиот интернационален симпозиум за неформална логика* (*The First International Symposium on Informal Logic*) во 1978 година, дополнително го поставија темелот на траекторијата на развојот на теоријата на аргументацијата, недвосмислено определувајќи го доменот на формалната логика надвор од сферата на теоријата на аргументацијата. Домино-ефектот на истражувачкиот ентузијазам отвори нови перспективи како можни решенија на проблемите во теоријата на аргументацијата, кои, во потрага по теоретска основа, ги извадија заборавените текстови на дијалектиката и на реториката на Платон и на Аристотел. Обновениот критички пристап во однос на валидноста и вистинитоста на аргументите го врати интересот за изгубената уметност на дијалектиката преку современите дијалектички пристапи во теоријата на аргументацијата. Идентификацијата на поимот на критичкото како суштински предикат на поимот на дијалектиката во современите теории на аргументацијата и определувањето на дијалектиката како дебата со правила претставува сериозна разлика во споредба со поимот на класичната дијалектика на архитектите на научниот светоглед – Платон и Аристотел – и темелно го постави прашањето за суштината на дијалектиката.

Проблемот на поимот на дијалектиката преку обновениот интерес за διαλεκτική во современата наука добива на комплексност со историјата на дијалектиката, чија полисемантичност е во перманентна прогресија.  Во постантичката традиција флагрантно е разлачувањето на позицијата на дијалектиката во мноштво на определби што се разликуваат од поимот и методот што ги наоѓаме во текстовите на Платон и на Аристотел. Растежот на бројот на поимните идентификации ја истакнува разликата меѓу мноштвото од определби кое доминира над нивната сличност и чија мултипликација јасно го осветлува патот на општествената и научна деклинација на дијалектиката.

Така, во постантичкиот период, забележуваме силна доминација на реториката за сметка на дијалектиката, при што ноетичкиот интензитет на дијалектиката се заменува со моќта на убедувањето. Вниманието насочено кон топосите како основа за изведување заклучоци и недостигот од внимание кон фундаментите на дијалектичкото расудување упатува на прекин со класичната дијалектика, воведува линк на идентификација со реториката и анихилација на разликите меѓу реториката и дијалектиката, давајќи ново значење на дијалектиката како моќ на убедување. Во студијата за дијалектиката, *Уметноста на дијалектиката помеѓу дијалогот и реториката. Аристотелова традиција.* (*The Art of Dialectic Between Dialogue and Rhetoric. The Aristotelian Tradition,* 2011), авторката Марта Спранци (Marta Spranzi) ја опишува историјата на дијалектиката по Аристотел како долга и измачувачка до 17 век, кога целосно паѓа во заборав под влијание на научната револуција. Во текот на овој временски период се реинтерпретира целта на дијалектиката преку редефинирање на основните конститутивни поими. Основни извори за дијалектиката до 16 век се делата на Боетиј и Кикерон, сè до преводот на коментарите на *Топика* од Александар Афродизиски од грчки на латински. Алиенацијата од класичната топика во приказот на Спранци ја започнува Кикерон, кој го изедначува поимот на ἔνδοξα (општоприфатени мислења) со концептот на веројатност и го определува поимот на дијалектиката како уметност на добро зборување, ars bene disserendi. Во времето на 5 век, реториката е примарна, а дијалектиката е подготовка за реторите; во овој историски контекст, Боетиј ја продолжува традицијата која започнува со Кикерон, но истовремено го проширува поимот на дијалектиката која ја именува како logice и ја определува како ratio dilligens disserendi. Врз основа на споменатите насоки на определување на дијалектиката, вклучително со преоткривањето на *Топика* и *За софистичките побивања*, доаѓаме до

концептот на схоластичка дијалектика во којшто дијалектиката ја продолжува деклинацијата и се определува како дел од логиката што ги изучува аргументите со пониско ниво на извесност. Во средниот век се насетува определбата на дијалектиката како дебата која е симетрична, со користење на моделот на pro et contra аргументација, преку концептите quaestio disputata (дебата во организирана форма со дидактичка цел) и obligationes (должностите на одговарачот). Интересот за дијалектиката како понизок вид логика сосема исчезнува до ренесансата, каде што добива нова форма што е фундирана врз обновениот интерес за *Топика* на Аристотел како критички пристап, наспроти схоластичката дијалектика со тенденција кон чист аристотелизам. Новата дијалектика на ренесансата ги потенцира реторичките извори, вклучително и убедувачкиот дискурс, обновувајќи ја заедницата помеѓу реториката и дијалектиката, односно презентира нова димензија на веќе познатата доминација на реториката над дијалектиката. Врз основа на познатиот почеток на *Реториката* на Аристотел, во којшто реториката се определува како антистрофа на дијалектиката, новото време на обновата го гледа расудувањето како корисно не само за апстрактни теми, туку и за морални и политички прашања, истакнувајќи ја предноста на реторичката аргументација пред формализмот на силогизмите и директно поставувајќи ја основата на современата теорија на аргументацијата. Бројот на флуктуативните поимни определби во кои дијалектиката е слугинка на реториката, дебата со правила и понизок вид на логика, добива второстепеност во релација со Хегеловото поимање на дијалектиката како тријада базирана врз спротивности, онтолошки клуч за интерпретација на светските феномени. Перелман и Олбрешт-Титека посочуват дека, од времето на Хегел, заедно со доктрините инспирирани од неговото учење, дијалектиката доби ново значење, целосно различно од класичното, а кое стана општоприфатено во современата филозофија. Делумно како резултат на оваа причина, нивното фундаментално дело за теоријата на аргументацијата го носи насловот „нова реторика“, а не „нова дијалектика“. Со почетоците на теоријата на аргументацијата, перенијалниот натпревар помеѓу дијалектиката (како критичка употреба на аргументите) и реториката (како аргументирано убедување) повторно станува актуелен и влијателната епизода на Хегеловото поимање на дијалектиката целосно заминува во историјата.

Воведот во проблемот на дијалектиката преку историски приказ на перманентната динамика на определбата, разбирањето и употребата на διαλεκτική ја наметнува потребата

од систематска анализа на поимот на класичната дијалектика преку идентификување на фундаменталните принципи. Текстуалната оставнина со која располагаме за класичната дијалектика се дијалозите на Платон и расправите на Аристотел, посебно *Топика, За софистичките побивања* и *Реторика.* Наспроти доминантната теза за големината на разликите помеѓу Платоновата и Аристотеловата дијалектика, интелектуалната тенденција за реконструкција на класичната дијалектика ја опфаќа временската блискост помеѓу Платон и Аристотел, комплементарно со референциите во нивните текстови поврзани со дијалектиката, како основа за хипотезата дека се работи за единствен поим на Платон-Аристотелова дијалектика кај архитектите на универзумот на науката. Спранци посочува дека двата елемента на дијалектиката опишани во *Држава*, имено искачувањето до вистината и критичката дискусија на тезите, претставуваат фундамент за Аристотеловата уметност на дијалектиката. Коавторите на текстот *Дијалектика и логика кај Аристотел и неговата традиција* (*Dialectic and Logic in Aristotle and his tradition,* 2015), Метју Данкомб (Matthew Duncombe) и Катарина Дутилх Новаес (Catarina Dutilh Novaes), истакнуваат дека дијалектичката практика во *Топика* е систематска обработка на διαλεκτική документирана во Платоновите дијалози.

Историската анализа на дијалектиката детерминира две темпорални одредници кои се суштествени за реконструкција на изворната дијалектика: дијалектиката во текстовите на Платон и Аристотел (Платон-Аристотелова дијалектика) и пост Платон-Аристотелова дијалектика. Следствено, компаративна критичка анализа на текстуалната оставнина на Платон и Аристотел има за цел критички да го реконструира поимот на дијалектиката и да одговори на прашањето дали постои еден заеднички или два различни поими на класичната дијалектика на споменатите автори. Во исто време, споредбата на комплексниот поим на класичната дијалектика со историјата на поимите на дијалектиката отвора две методолошки насоки; имено, поимите на пост Платон-Аристотеловата дијалектика претставуваат или деклинација, односно отстапување од основната оска на дијалектиката и не ја разбираат автентичната дијалектика во својата суштина, или, пак, претставуваат процес на развој на дијалектиката. Првата насока презентира алиенација на оригиналниот концепт на Платон-Аристотеловата дијалектика во времето кое следи, односно формите и значењата се промашување на оригиналната διαλεκτική и претставуваат нејзино pars pro toto поимање. Втората посочува развојна одредница во која дијалектиката е во постојан развој, каде што

новите форми и значења ја дополнуваат и ја развиваат нејзината првична варијанта. Наспроти ваквите теоретски раскрсници, во современата теорија на аргументацијата превладува тезата дека дијалектиката започнува со *Топика* и дека се сведува на дебата со строго регулирани правила. Недостигот од целосна и критичка анализа на дијалектиката во текстовите на Платон и Аристотел е флагрантен. Критичката анализа на класичниот поим на διαλεκτική, со цел за недвосмислено определување на принципите и карактеристиките на дијалектиката, ќе ја пополни празнината во науката која сѐ уште не дава целосен одговор на прашањето што е дијалектиката, базиран врз систематска анализа на дијалектиката во текстуалната оставнина на Платон и Аристотел, вклучувајќи го и карактерот на релацијата помеѓу Платон и Аристотел. Модерната теорија на аргументацијата го обнови интересот за дијалектиката како решение на проблемите поврзани со основните концепти од областа на аргументацијата и претставува директна причина за појавата на научни дела кои критички го обработуваат прашањето на дијалектиката. Вековната гласна тишина во однос на систематската и критичка анализа на дијалектиката на Платон и Аристотел премина во својата спротивност со трудовите на Ричард Робинсон (Richard Robinson), со истражувањата во *Раната дијалектика на Платон (Plato's Earlier Dialectic*, 1941), на Марта Спранци, со *Уметноста на дијалектиката помеѓу дијалогот и реториката. Аристотелова* традиција (2011) и компилацијата *Развојот на дијалектиката од Платон до Аристотел (The Development of Dialectic From Plato To Aristotle*, 2012), составена од Јакоб Финк (Jakob L. Fink), а која ги вклучува научните истражувања на 12 автори што ги испитуваат проблемите на дијалектиката кај Платон и Аристотел поделени во три категории: дијалектиката како интерперсонална активност; форма и содржина на филозофски дијалог и дијалектичка методологија. Новите истражувања во аргументацијата индицираат сериозен дефект во определувањето на основните елементи на διαλεκτική, следствено, посочуваат кон непрецизна релација на дијалектиката со реториката и со формалната логика. Изгубената уметност на дијалектиката го манифестира отсуството преку прогресот на мултилатералноста на стојалиштата во сферата на интелектот и мноштвото антагонизми во областа на практичниот ум. Како резултат на ваквата поставеност на проблемот на дијалектиката и нејзината клучна улога во теоријата на аргументацијата, во ова истражување вниманието ќе биде насочено кон систематска анализа на поимот и принципите на дијалектиката, како и кон суштинските карактеристики на дијалектиката во

изворните текстови на Платон, и кон анализа на дијалектичкото расудување во *Топика* на Аристотел.

Помеѓу теоретичарите на аргументацијата превладува ставот дека почетна точка во развојот на традицијата на дијалектиката и, воедно, на историјата на теоријата на аргументацијата е фундаменталниот текст на делото *Топика* од Аристотел. Околу оваа позиција орбитираат и претставниците на дијалектичките пристапи во теоријата на аргументацијата, авторите на прагма-дијалектиката Франс ван Емерен (Frans Van Eemeren) и Роб Гротендорст (Rob Grotendorst), како и Даглас Волтон (Douglas Walton), основоположникот на „новата дијалектика“. Наспроти оваа теза, историските коментари на *Топика* од Александар Афродизиски говорат за истоветност на аргументите на Платон и Аристотел во различна форма, односно за тоа дека Аристотеловите аргументи имаат свои практични егземплари во дијалозите на Платон. Робинсон ја следи истата линија на Александар Афродизиски, а слична позиција има и Спранци, која истакнува дека елементите на дијалектиката сфатена како искачување до вистината и критичка дискусија на одредена теза, кои се веќе разработени кај Платон, претставуваат основа за Аристотеловата теорија во *Топика.* Директната врска помеѓу Платон и Аристотел во однос на διαλεκτική ја истакнуваат и Метју Данкомб и Катарина Дутилх Новаес, оценувајќи дека дијалектичката практика во *Топика* е формализирање на практиката документирана во Платоновите дијалози со поригорозни правила (Duncombe and Novaes 2015). Во дијалозите за првпат се сретнуваме со телеолошко користење на дијалектиката и принципите на διαλεκτική во дијалозите се истите што ги воочуваме во *Топика*. Сепак, во научниот свет недостасува целосна анализа на поимот и принципите на дијалектиката во текстовите на Платон. Од друга страна, авторите кои ја идентификуваат врската помеѓу Платон и Аристотел во однос на дијалектиката не ги посочуваат заедничките принципи кај Платон и Аристотел; таков е, на пример, случајот со Спранци, која во истражувањето за изворната дијалектика користи референции на Аристотел, а не на дијалектиката пред *Топика* кај Платон. Сепак, најблиска одредница на дијалектиката во *Топика* се Платоновите дијалози, затоа истражувањата што се базираат врз споредбата на изворната дијалектика со традицијата на дијалектиката која следи по *Топика* добиваат второстепено значење во однос на компарацијата на дијалектиката на Аристотел со онаа на Платон. Оттаму, прв предмет на истражувањето насочено кон теоретска реконструкција на διαλεκτική, преку којшто

едновремено се воспоставува примарна релација со дијалектиката во *Топика*, се текстовите на Платон.

Реконструкцијата на античката дијалектика ќе биде поделена во два дела. Во првиот дел од овој труд, фокус на истражувањето ќе бидат изворните текстови на Платон, со посебно внимание кон референциите за дијалектиката во содржината на дијалозите, кои ќе бидат читани како отворен текст, со цел да се идентификуваат деловите што директно се однесуваат на дијалектиката, и со цел да се изврши реконструкција на дијалектиката од директните и индиректните референции внатре во самите дијалози. Во вториот дел, предмет на испитување ќе биде дијалектиката во текстовите на Аристотел, со посебен осврт на расправата за дијалектичкото расудување, *Топика*, која претставува прва систематска теорија на аргументација. Во овој труд се констатира единство во поимот на διαλεκτική кај Платон и Аристотел и се заклучува дека може да се зборува за единствен поим на διαλεκτική како Платон-Аристотелова дијалектика, каде што имаме единство на апоретичката и дебатната дијалектика. Во третиот дел од ова истражување се идентификуваат дијалектичките принципи во дијалектичките пристапи во современата теорија на аргументација, имено прагма-дијалектика и нова дијалектика, во кои дијалектиката е разбрана единствено како дебатна дијалектика. Во четвртиот дел се изведува критичка компарација помеѓу реконструкцијата на античката (Платон-Аристотелова) дијалектика и дијалектичките пристапи во теоријата на аргументација (прагма-дијалектика и нова дијалектика), при што се констатираат флагрантни разлики на современото поимање на дијалектиката со тоталитетот на поимот на античката διαλεκτική. Дијалектичките принципи во современата теорија на аргументацијата ја дефинираат дијалектиката pars pro toto, односно се фокусираат врз изведениот критички концепт и дијалошка димензија со импресивни достигнувања во однос на целите кои ги поставуваат, имено моделот на критичка дискусија за разрешување на разликата на мислењата на прагма-дијалектиката и екстензивната листа на аргументациски шеми со соодветните критички прашања за евалуација на аргументот во типологијата на дијалозите. Финалната теза на ова истражување презентира дека, со отстранувањето на принципот на вистина од поимот на дијалектиката, дијалектичките пристапи во современата теорија на аргументацијата добиваат реторички карактер, истакнувајќи ја суштинската релација со реториката и флагрантната разлика со античката διαλεκτική.

# 1. ДИЈАЛЕКТИКАТА ПРЕД *ТОПИКА* ВО ДИЈАЛОЗИТЕ НА ПЛАТОН

## 1.1. Увертира во потребата за истражување на дијалектиката во текстовите на Платон

Екстензивната листа на теоретски пристапи околу фундаменталниот текст за дијалектиката во современата теорија на аргументацијата, *Топика,* преку различните теоретски исходи околу овој поим, се поставува претежно врз база на поимот на интерперсоналната διαλεκτική (πρὸς ἕτερον), или дијалектиката во однос на другиот. Ваквото лимитирано разбирање на дијалектиката е теоретска основа дури и во мегастудијата компилирана од Финк, посветена на развојот на дијалектиката од Платон до Аристотел. Уредникот на *Развојот на дијалектиката од Платон до Аристотел* истакнува дека, во изминатите четириесет години, истражувачите на дијалектиката во текстовите на Платон и Аристотел ја ставаат теоретската проблематика во фокусот, додека предмет на истражување за Финк е практичната употреба на дијалектиката со вистински соговорник. Наспроти ексклузивноста на разбирањето на πρὸς ἕτερον διαλεκτική во оваа студија, компарацијата помеѓу Платон и Аристотел во основните поими на дијалектичкиот тоталитет ја истакнува примарноста на релацијата на Платон-Аристотел во процесот на реконструкција на изворната διαλεκτική. За разлика од определбата на релацијата Платон-Аристотел како стартна теоретска позиција во истражувањето на дијалектиката, Марта Спранци, во *Уметноста на дијалектиката помеѓу дијалогот и реториката. Аристотелова традиција,* поставува насока на истражувањето на клучните елементи во процесот на реконструкција на διαλεκτική во релацијата на Аристотел со постаристотеловата историја на дијалектиката. Во ова истражување, кое претставува една од најцелосните студии посветени на дијалектиката во *Топика* во релација со историјата по Аристотеловата дијалектика, авторката го надминува тесниот поим на идентификација на πρὸς ἕτερον διαλεκτική со самата дијалектика и прави разлика помеѓу апоретичка и дебатна дијалектика. Во оваа студија, реконструкцијата на поимот на дијалектиката сосем минимално ја вклучува дијалектиката претставена во дијалозите на Платон. Поделбата на апоретичка и дебатна дијалектика го надминува тесното разбирање на дијалектиката единствено како πρὸς ἕτερον

διαλεκτική, но сепак Спранци го посветува истражувањето на дебатната дијалектика, истакнувајќи дека нема доволно податоци кај Аристотел за апоретичката дијалектика. Ограниченоста во определбата на дијалектиката не го намалува значењето на капиталните истражувања посветени на дијалектиката на Финк и Спранци. Уште повеќе, ако двете студии теоретски се анализираат како целина, создаваат комплементарна основа во изведувањето темелна реконструкција на поимот на διαλεκτική и поставуваат насоки за следни истражувања. Споменатите истражувања се само дел од мноштвото директни и индиректни анализи на централниот проблем на διαλεκτική кои орбитираат околу двете доминантни тези: првата е дека основен текст за διαλεκτική е *Топика*, а втората е поврзана со тесното дефинирање на дијалектиката како πρὸς ἕτερον διαλεκτική.

Деловите што недостигаат од мозаикот на дијалектиката го истакнуваат отсуството во современите истражувања на διαλεκτική и стануваат доминантен предмет на интерес поради оскудноста на истражувањето на самата релација Платон – Аристотел во академскиот свет. Спранци посочува дека кај Аристотел нема доволно елементи за апоретичката дијалектика, па затоа предмет на темелно истражување е дебатната дијалектика. Релацијата sui generis помеѓу Платон и Аристотел, како предмет на критичка анализа преку категориите на дијалектиката како интерперсонална активност, на формата и содржината на дијалогот и низ проблемот на дијалектичката методологија, во преден план го позиционира практичниот карактер на дијалектиката, којшто, за разлика од теоретскиот, не прави прецизна дистинкција помеѓу дијалектиката како целина и видовите на дијалектиката. Самиот факт на постоењето дебатна дијалектика индиректно го потврдува постоењето на апоретичка дијалектика како основа за егзистенција на првата. Констатираме недостиг од податоци за апоретичката дијалектика кај Аристотел, дотолку повеќе што во *Топика* освен што се спомнува во една реченица, нема други референции за апоретичката дијалектика, индиректно потврдувајќи дека предметот што се обработува во *Топика* не е дијалектиката, туку дијалектичкото расудување. Овие теоретски дистинкции претставуваат увертира во проблемот и еклатантно демонстрираат дека дијалектиката е недоволно истражена, а особено недоволно критички е обработена Платоновата дијалектика. Во *Раната дијалектика на Платон* нотираме систематски пристап на истражување на дијалектиката во дијалозите, во којшто елементите на дијалектиката, како што се еленхус (ἔλεγχος), хипотеза (ὑποτίθεμαι), соединување (συναγωγή) и дивизија (διαίρεσις), за првпат се

во фокусот како дијалектички техники што се интегрален дел од поимот на дијалектиката, кои во ова истражување орбитираат околу дебатната дијалектика. Робинсон покажува дека во дијалозите има доволно содржина да се изведат и да се потврдат овие дијалектички техники, и дека вклучувањето на Платоновата текстуална оставнина во истражувањето на дијалектиката суштински ја поставува основата за реконструкција на διαλεκτική, односно претставува conditio sine qua non за алетолошко поимање на дијалектиката. Истражувачкото внимание насочено кон дијалозите добива на интензитет, особено со заклучокот што го изведува Робинсон, дека Аристотел во *Метафизика* зборува дека дијалектиката пред Платон не се употребува и дека διαλεκτική е Платонова инвенција (Robinson 1953, стр. 94-96). За разлика од едностраниот пристап во истражувањето, авторите Метју Данкомб и Катарина Дутилх Новаес истакнуваат дека, покрај текстовите на Аристотел, *Топика* и *За софистичките побивања,* и Платоновите дијалози претставуваат извор за διαλεκτική. Критичкиот поим за дијалектиката ќе биде редуциран или погрешно интерпретиран доколку не се земат предвид дијалозите во реконструкцијата на διαλεκτική.

## 1.2. Како да се истражи дијалектиката во дијалозите?

Дијалозите во непосредна врска со името на Платон неретко имаат различни значења кои го демонстрираат, или несомнено го истакнуваат, авторството на Платон. Во науката преовладува тезата дека дијалозите се форма на изразување на Платоновиот светоглед, медиум преку којшто филозофот ја презентира онтолошката архитектура на светот. Динамиката на медиумот е отелотворена во ликот на Сократ, кој ја претставува Платоновата филозофија пред светот. Историските турбуленции на дијалектиката, особено изразени со современото поимање на διαλεκτική ексклузивно преку релацијата со дијалогот и позицијата на понизок статус на дијалектичките пропозиции за разлика од демонстративните, ги одредуваат насоките на доминантните начини на истражувања на Corpus Platonicum, кои во најголем број ја истражуваат дијалектиката како метод што декларативно доаѓа до вистината, но практично не е јасно како се користи за да ја достигне целта на своето постоење. Истовремено, во преден план на овие истражувања се онтологијата, естетиката, етиката во дијалозите, преку веќе етаблираниот конструкт за идеализмот како наратив за Платоновата филозофија, наспроти концептот на материјализмот. Дијалектиката е на

маргините во научните истражувања на текстовите на Платон, наспроти големата важност и највисока позиција на διαλεκτική во тезите присутни во повеќето од дијалозите, каде што дијалектиката е единствена која доаѓа до вистината; никој не ја поседува вистината повеќе од дијалектиката и не постои повисока наука/уметност од дијалектиката, διαλεκτική стои највисоко во науката.

Покрај поставувањето на διαλεκτική во сенка, дополнителни пречки во расветлувањето на дијалектиката се современите тенденции во теоријата на аргументацијата да се постави *Топика,* како главна оска околу која ротира почетокот на изучување на аргументите, поставена како централен текст на дијалектиката. Присутната, латентна и однапред прифатената определба на дијалектиката како προς έτερον διαλεκτική ги процесира тезите во дијалозите како недоволно научни за да бидат предмет на истражување на теоретичарите на аргументацијата. Понискиот статус на дијалектичките аргументи, за разлика од логичките, е главна причина за редуцираниот интерес за истражување на διαλεκτική во дијалозите. Сѐ до појавата на *Развојот на дијалектиката од Платон до Аристотел, Топика* имаше статус на примарен извор и сведоштво за дијалектиката, не земајќи го предвид континуитетот со Платон и компарацијата на διαλεκτική во дијалозите и текстовите на Аристотел, до целосно исклучување на дијалозите од тоталитетот на дијалектиката. Како што посочува уредникот на овој научен труд, покрај градацијата на интересот за дијалектиката во изминатиот половина век, сепак διαλεκτική се истражува еднострано, односно примарно е фундирана врз интерпретацијата на Аристотеловите текстови, игнорирајќи ја релацијата со Платон.

Долгата историја на истражување на дијалозите од страна на различни автори и во различни времиња продуцира долга листа на тези што се однесуваат на посебните елементи на истражувањето на текстуалната оставнина во форма на дијалозите. Наспроти големиот број дела кои се однесуваат на онтологијата и теоријата на познание во дијалозите, многу малку автори се занимаваат со дијалектиката, наспроти фактот што во дијалозите на повеќе места διαλεκτική се вреднува највисоко од сите други науки, уште повеќе дека таа единствено доаѓа до вистината; до највисокиот интелектуален дезидератум се доаѓа само преку дијалектиката. Градацијата на вака поставеното влијание добива интензитет ако ја земеме предвид тезата на Аристотел, кој посочува дека дијалектиката ги открива принципите на сите видови истражувања. Имајќи ги предвид гореспоменатите тези на

Аристотел, заедно со тезите за διαλεκτική претставени во дијалозите, очигледен е фактот дека дијалектиката од времето на Платон и Аристотел суштински се разликува од дијалектиката која историски следи и дека станува збор за две различни форми на дијалектиката. Имено, една е дијалектиката во текстовите на Платон и Аристотел, Платон-Аристотелова διαλεκτική, науката над науките, која единствено ја поседува вистината и доаѓа до првите принципи на другите науки; а друга е дијалектиката која може да се нарече интерперсонална, чија динамика се етаблира преку ἔλεγχος изразена како πρὸς ἕτερον διαλεκτική. Втората определба на дијалектиката, како интерперсонална уметност на дискусијата, е застапена кај најголем број автори во областа на теоријата на аргументација. Двете насоки на определбата на дијалектиката теоретски ги развива Марта Спранци во *Уметноста на дијалектиката помеѓу дијалогот и реториката. Аристотелова традиција,* презентирајќи ги поимите на апоретичка (aporetic) дијалектика и дебатна (disputational) дијалектика (метод на дебата преку прашање и одговор). Разликата меѓу двата вида дијалектика прогресира во еднострано определување на διαλεκτική единствено како дебатна, а експанзијата на формалната логика во целост ја отстрани апоретичката дијалектика. Ваквиот историски тек на διαλεκτική ја конфронтира дебатната со апоретичката дијалектика, ја дискредитира текстуалната оставнина на Платон, го редуцира истражувачкиот карактер на дијалектиката и ја започнува историјата на аргументацијата со *Топика.*

Истражувачите на дијалектиката досега не одговараат успешно на предизвикот што фрагментарноста на референциите за дијалектиката во текстовите на Платон го носи со себе. Потребна е екстензивна листа на сите делови од дијалозите кои, директно или индиректно, го исцртуваат поимот и употребата на дијалектиката, за понатаму со вкрстена споредба да се потврдат насоките кои ги даваат основните принципи и елементи на дијалектиката. Наспроти систематичноста и целовитоста на дијалектичкиот метод, интерпретаторот на Платон се соочува со принципиелна несистематичност изразена преку фрагментарноста на темите и поимите во дијалозите која, комплементарно со временската и интелектуална дистанца, ја прави поголема веројатноста за pars pro toto идентификација на основните елементи, принципи, методи и проблеми во нивната дијалошка форма. Во студијата за раната дијалектика на Платон, Ричард Робинсон (Robinson 1941) наведува најмалку пет начини на погрешна интерпретација на теориите во Платоновите дијалози:

мозаична интерпретација, во која некритички се истакнува изолиран текст или реченица; погрешно толкување преку апстракција, каде што апстракцијата на интерпретаторот се идентификува како да е на авторот; погрешно толкување преку изведување заклучок на интерпретаторот што не е заклучок на авторот; инсинуација на иднината, каде што се читаат теории кои авторот не ги развил експлицитно, а стануваат експлицитни по одреден временски период; и теоретска динамика на интерпретаторот, која оди чекор подалеку од последниот збор на авторот. Егзистенцијата на погрешните толкувања индиректно ја потврдува потврдува нужноста од потребата за реконструкција на дијалектиката, од концептот на чисто толкување на автентичната мисла која треба да е предмет на истражување, напуштајќи ја можноста за романтичен пристап кон идентитетот на интерпретацијата со автентичната мисла на авторот. Разликата во начинот на експресија на Платон со денешниот начин на експресија на идеите е проблем што го посочува Ричард Луис Нетелшип (Richard Lewis Nettleship) во интерпретацијата на содржината на дијалозите. Свесноста за тешкотиите со кои се соочуваме при толкувањето и разбирањето на автентичната ноема на Платон ја зголемува критичноста во однос на содржината на дијалозите и е доволна причина за фокусот на првиот дел од ова истражување да бидат изворните дијалошки текстови со посебно внимание кон референциите за дијалектиката во содржината на дијалозите и да се стават во заграда сите постплатоновски интерпретации. Целта на овој пристап е да ги идентификуваме основните принципи на дијалектиката во основните текстови на Платон и да не дозволиме историјата на дијалектиката, особено современиот поим на дијалектиката, да претставува пречка за идентификување на овој поим во дијалозите. Дијалозите ќе бидат читани како отворен текст со цел да се идентификуваат деловите што директно се однесуваат на дијалектиката и да се изврши реконструкција на дијалектиката од директните и индиректните референции внатре во самите дијалози. Во првиот дел, предмет на анализа се основните текстови на Платон во кои се зборува за дијалектиката: *Парменид*, *Држава, Државник, Филеб, Теајтет, Софист, Фајдар, Протагора, Горгија* и *Кратил.* Селекцијата на деловите од дијалозите каде што ги лоцираме референциите за дијалектиката што се фундамент за определување на принципите на дијалектиката е направена врз база на критериум којшто ја задржува автентичната ноема преку вкрстена споредба во споменатите текстови со цел за идентификација на принципите,

динамиката и причините за можноста за постоење на διαλεκτική во текстуалната оставнина на Платон.

Резултатите на ова истражување на дијалозите стојат наспроти тезите дека почетна точка во развојот на традицијата на дијалектиката и, воедно, на историјата на теоријата на аргументацијата е *Топика*, и дека дијалектиката на Платон и дијалектиката на Аристотел се, во основа, различни. Обете тези во суштина се проблематични: првата прави превид на поимот на дијалектиката прикажана во акција во дијалозите на Платон, но и ги занемарува сите референции на дијалектиката кои недвосмислено ја определуваат дијалектиката, комплементарно на живата претстава на дијалектиката во дијалозите, а втората е флагрантен резултат на некритичкиот пристап кон содржината на текстуалната оставнина на Платон и блискоста на поимната определба на дијалектиката со Аристотел. Реконструкцијата на поимот на класичната дијалектика, којшто без сомнеж е основа за теоријата на аргументацијата, мора да започне со дијалозите чија анализа базирана врз изворните текстови ќе го истражува оригиналниот поим на διαλεκτική и нема да се води од општоприфатената теза за πρὸς ἕτερον διαλεκτική.

## 1.3. Директни референции на διαλεκτική во дијалозите

Во дијалозите *Горгија, Евтидем, Кратил, Фајдар, Држава, Софист, Државник и Филеб* дијалектиката директно се спомнува 34 пати, од кои најголем број во Држава. Во дијалогот *Држава,* терминот διαλεκτική го констатираме на 17 места, во кои експлицитно се истакнува врвната позиција на дијалектиката како единствена од тогашните научни дисциплини која стигнува до границата на интелигибилното, крајниот лимит на мислечкото, на она што може да се мисли. Каква е природата на дијалектиката, прашува Главкон во дијалогот *Држава* (Resp. 532e), а Сократ одговара дека комплексноста на ова прашање е вонредно тешко да се следи, поради што се задржува со покажување на суштината на διαλεκτική на симболички начин, преку метафори, за да се добие барем минимум претстава за природата на дијалектиката како прв чекор во одговорот на прашањето за διαλεκτική. Искачувањето до изворот на визуелниот свет се користи како симбол за градацијата на мислата во дијалектиката до изворот на интелигибилното; имено, прво ги воочуваме нештата кои се видливи, потем се издигнуваме кон светлината на

ѕвездите, за да стигнеме конечно до сонцето, како извор на светлината и услов за видливиот свет. Аналогно, дијалектиката се издигнува преку дискурсот на разумот од суштината на индивидуалните нешта до причината на интелигибилното. (Resp. 532a.) Овој прогрес на мислата до границата на интелигибилното се нарекува дијалектика (Resp. 532b).

Διαλεκτική ги користи претпоставките како хипотези за се издигне до првиот принцип; имено, станува збор за единствен процес на истражување што напредува во оваа насока, преку испитување на хипотезите, до првиот принцип во обид да најде потврда (Resp. 533c). Хипотезите, кои се први принципи за другите науки, се само почеток за дијалектиката, која напредува водејќи се од поимот за прв принцип што ја трансцендира истата претпоставка, употребувајќи единствено идеи и напредува систематски преку идеи (Resp. 511b-c). Средствата со кои оперира дијалектиката се далеку од сите сетилни перцепции, бидејќи таа оперира исклучиво со идеи, движејќи се во насока кон суштината на секое нешто, која е почетна основа за когнитивниот врв, врвот на интелигибилното (Resp. 532a). Не постои друг начин да се стигне до вистината освен да се истражува дијалектички, преку правење правилни поделби и разлики, а еристиката и обичните контрадикции, со други зборови, правењето спорт од расправата, не ја достигнуваат вистината (Resp. 454a, 539c-d). Карактеристиките што ја определуваат дијалектиката се однесуваат и на оној што ја владее дијалектиката: дијалектичарот дава точно објаснување на суштината на секое нешто, доаѓа до врвот на разумноста и на интелигенцијата (Resp. 534b). Дијалектичарот го применува дискурсот на разумот покажувајќи ја суштината на нештата, тој расудува до суштината на нештата (Resp. 531e). Кандидатите за дијалектичари ќе бидат тестирани според способноста да не ги земаат предвид сетилата во потрагата по вистината, туку да продолжат до самото битие во друштво на вистината (Resp. 537d). Како дел од анализата на дисциплините на интелигибилното како спротивност на сетилното, говорот на Сократ завршува со поставувањето на дијалектиката највисоко над сите други науки: дијалектиката стои највисоко над сите други науки, како круна, и ниедна друга виша наука не може да се постави над дијалектиката, со што се комплетира дискусијата за науките во овој дијалог (Resp. 534e).

Највисоката позиција на дијалектиката во интелектуалната хиерархија во текстот на *Држава* претставува почетна точка во реконструкцијата на διαλεκτική. Во дијалогот *Филеб* забележуваме, исто така, дека ниедна друга уметност (наука) не е повисока од дијалектиката

и ќе бидеме побиени од вештината на дијалектиката ако поставиме каква била уметност пред неа (Phlb. 57e). До вистината се стигнува единствено на дијалектички начин и ниедна друга наука не ја поседува вистината повеќе од дијалектиката (Phlb. 58e). Διαλεκτική е целосно посветена на прецизноста, на точноста и на целата вистина (Phlb. 58c).

Како што дијалектиката ги истражува првите принципи на другите науки напредувајќи до границата на мисловното, истовремено ја идентификува нивната суштина и им дава смисла, така во дијалогот *Евтидем* нотираме дека дијалектичарот го покажува вистинското значење на откритијата до кои доаѓаат геометрите, математичарите и астрономите и ја дава нивната вистинска смисла и значење (Euthyd. 290c). Во *Евтидем* διαλεκτική се споменува уште двапати во истиот контекст. Имено, Сократ е свесен за тоа дека неговиот ἔλεγχος не ги остава рамнодушни оние коишто одговараат, му вели на *Евтидем* дека тој ја познава подобро дијалектиката, за да постигне екстензија на континуитетот на истражувањето (Euthyd. 295e) и констатира дека Евтидем и Дионосодор одлично ја работат дијалектиката (Euthyd. 301c). Во дијалогот *Горгија* проценува дека Пол е добро трениран во реториката, но не и во дијалектиката, односно подобро ги познава долгите говори за разлика од кратките, преку прашања и одговори (Grg. 471d).

Слично како во *Евтидем*, каде што дијалектичарот ја дава смислата на откритијата на другите науки, така и во дијалогот *Кратил* идентификуваме дека давањето на имињата е работа на законодавецот, а работа на дијалектичарот е да го води законодавецот правилно да ги даде имињата (Cra. 390d). Во истиот дијалог нотираме дека етимологијата на терминот херои доаѓа од нивната моќ да поставаат прашања – то ἐρωτᾶν, затоа што εἴρειν е еднакво на λέγειν, тие се вешти како ретори и дијалектичари (Cra. 398d) Оној што знае како да постави прашања и да одговори се нарекува дијалектичар (Cra. 390c).

Во дијалогот *Софист,* дознаваме дека мајсторството на дијалектиката е резервирано само за филозофот; имено, единствено филозофот најдобро ја владее дијалектиката, тој е мајстор на дијалектиката (Soph. 253e). Дијалектиката правилно оперира со сличностите и разликите, таа го достигнува знаењето за тоа што е слично, а што не е во сите уметности (дисциплини) и не прави дискриминација на повеќе или помалку вредни предмети во процесот на истражување, односно не постојат помалку или повеќе вредни предмети на истражување (Soph. 227b). Делењето на едното според видовите, не земајќи ја истата форма за различна и различната за иста, е работа на дијалектиката (Soph. 253d). Етичката полезност

на дијалектиката се состои во тоа што таа е уметност на разликување и одвојување слично од слично или полошо од подобро, прочистување на душата или интелектот од сè што не е добро (Soph. 227c).

Во претходните текстови во кои директно се употребува διαλεκτική видовме дека таа единствено доаѓа до вистината, прецизно идентификувајќи ги разликите и сличностите, а во дијалогот *Фајдар* бележиме експликација на методот на дијалектиката, којшто се состои од две дијалектички процедури: првата процедура го доведува дисперзираното мноштво под една форма, односно дава дефиниција (Phdr. 266c). Втората е реверзибилна во однос на првата, едното да го поделиме во повеќе форми на објективен начин (Phdr. 265d-e.) Дијалектичарите поседуваат вештина преку која можат да разликуваат единство и мноштво на објективен начин. Оние што ги владеат двете дијалектички процедури, поседуваат способност да разликуваат мноштво и да констатираат единство – се нарекуваат дијалектичари (Phdr. 266b). Во дијалогот *Фајдар* констатираме дека познавањето на дијалектиката е услов за правилно да се разбере реториката. Оние што не ја знаат дијалектиката не ја дефинираат правилно реториката (Phdr. 269b) Во истиот дијалог, διαλεκτική се спомнува уште на едно место во едукативен контекст, односно дека дијалектичарот ја бира душата во која може да ги посади зборовите базирани врз знаење. (Phdr. 277a).

Сличностите и разликите, поимите што се изведени од едното и мноштвото, кои претставуваат основа за правилните соединувања (συναγωγή) и дивизија (διαίρεσης), ги среќаваме и во дијалогот *Државник*; каде што, многу слично како во *Фајдар*, вистинскиот метод се состои во тоа, кога се констатира сличност, да не се запира додека не се испитаат сите разлики во сложеното единство, разлики кои постојат во реалноста и сочинуваат неколку видови, и обратно – кога постои несличност, да не се запира додека не се соберат сите когнитивни форми разбирајќи ги во нивната реална општа класа (Plt. 285b). Во *Државник* дознаваме дека дијалектичкиот метод е во развоен процес, кога Сократ истакнува дека еден ден во иднина ќе се постигне целосна експозиција на прецизноста и точноста на дијалектичкиот метод (Plt. 284d). Во овој дијалог нотираме дека вештината на дијалектиката е есенцијална филозофска одредница, односно, колку се подобри филозофите, толку подобро се справуваат со сите видови прашања (Plt. 285d).

## 1.4. Основни принципи на дијалектиката во дијалозите

Διαλεκτική во дијалозите добива статус на врвна дисциплина. Недвосмислено се потврдува *Држава* и во *Кратил,* дека таа доаѓа до првите принципи, односно највисоката задача на дијалектиката е стигнувањето до првите принципи. Уште во *Држава* се потенцира дека другите науки користат хипотези како основни принципи во одредениот научен корпус на начела, а само дијалектиката ги користи основните принципи на науките како хипотези да го достигне врвот на првите принципи.

Директните референции на διαλεκτική во текстуалната оставнина на Платон ја засноваат интелигибилноста на поимот на дијалектиката, формираат содржина која ги посочува основните принципи на суштината на διαλεκτική. Истражувањето на принципите што се во директна врска со референциите на дијалектиката во дијалозите се органски изведени од содржината на текстот и недвосмислено даваат насоки кои го определуваат поимот на дијалектиката во дијалозите како почетен во реконструкцијата на класичниот поим на дијалектиката. Διαλεκτική во дијалозите, преку основните принципи споредбено со дијалектиката во текстовите на Аристотел, одговара на прашањето што е дијалектика и конструира критериум за прецизно разликување што не е дијалектика во светлина на различните употреби на дијалектиката во постаристотеловска историја на дијалектиката.

Во наведените дијалози сретнуваме различни директни и индиректни определби на дијалектиката кои, земени во тоталитет, укажуваат на нејзините основни принципи, кои ја разграничуваат од само номиналните дијалектики, со други зборови, од дисциплините кои се именувани како дијалектика, а еклатантно се разликуваат од изворната дијалектика. Суштината на дијалектиката во дијалозите треба да се истражува преку следните две карактеристики на διαλεκτική: дека се заснова врз прашување и одговарање (овде може да се додаде – на највисок можен начин, определба што се сретнува во текстовите на Платон, за да се разграничи од сè друго што не е дијалектичко прашување и одговарање) и дека дијалектиката единствено ја поседува вистината. Невозможна е феноменологијата на дијалектиката без овие две идентификации, во сите форми на διαλεκτική во дијалозите констатираме прашување и одговарање и разликување на вистина од невистина. Во истите дијалози ја констатираме причината за постоењето на дијалектиката воопшто, а со тоа и

постоењето на можноста за прашување и одговарање, како и на онтолошките услови за вистина и невистина, истовремено осветлувајќи ги сите нешта во сите свои видови како едно и мноштво. Conditio sine qua non за διαλεκτική е онтолошкиот принцип на едно и мноштво без којшто не е возможен поимот на контрарност воопшто, следствено и разликата помеѓу контрарните поими на вистина и невистина. Во продолжение, без овој принцип, невозможно е истражувањето како интелектуална активност, потрагата по вистината и прецизното разликување од невистината, ergo прашувањето и одговарањето нема да имаат основа за постоење, односно без едно и мноштво нема да постои прашување и одговарање. Основните носечки столбови на дијалектиката се принципот на прашување и одговарање и принципот на разликување вистина од невистина, кои се возможни поради принципот на постоење на едно и мноштво, односно онтолошкиот принцип. Динамиката на дијалектиката се остварува преку прашување и одговарање, а суштината на самата можност за прашување постои како резултат на постоењето на онтолошкиот принцип, односно постоењето на едното и мноштвото. Втора карактеристика на принципот едно и мноштво е дека дијалектиката доаѓа до есенцијата на нештата, суштината постои затоа што постои едно и мноштво. Трета одредница на овој поим е испитувањето на сите сличности и разлики преку двете дијалектички процедури: првата го доведува мноштвото преку сличноста под една форма, а втората е обратна и го дели едното преку разликите на видовите од кои е составена. Четврта карактеристика е сукцесивноста, која се постигнува преку прашање и одговор; имено, јазикот на дијалектиката е во правилното прашување и одговарање, чие мајсторство е карактеристично само за филозофите. Фундаментот на поимот на дијалектиката е едното и мноштвото како онтолошка основа за најдобриот метод, односно за методот на дијалектиката.

Покрај директните референции на διαλεκτική, индиректни идентификации на основните елементи на поимот дијалектика можеме да сретнеме во *Парменид, Држава, Државник, Филеб, Теајтет, Софист, Фајдар, Протагора, Горгија* и *Кратил.* Мноштвото на директни и индиректни податоци за дијалектиката ги откриваат следните принципи на дијалектиката: вистина, прашување и одговарање, онтолошкиот принцип на едно и мноштво, откривање на првите принципи, соединување и делење, дедукција и индукција, како и испитувањето на двете страни на прашањето, in utramque partem.

1.4.1. Основа на дијалектиката: онтолошки принцип, едно и мноштво

Алетолошката ентелехија на дијалектиката го поставува, од една страна, проблемот на вистината, но и го поставува прашањето како до вистината и кои се фундаментите од кои се поаѓа во трагањето по неа. Дијалектичкиот метод е најдобриот инструмент за доаѓање до вистината преку којшто се направени сите откритија во науката и уметноста. Овој метод Сократ секогаш го применува, не постои поатрактивен метод од дијалектичкиот чија примена воопшто не е едноставна, за којшто Сократ истакнува дека лесно се препознава, но тешко се применува (Phlb. 16 b-c). Когнитивната основа за примената на дијалектичкиот метод ја индицира основата на инструментот за доаѓање до вистината. Фундамент за методот е тезата дека сите нешта содржат едно и мноштво и дека во природата на нештата е соединувањето на ограниченото и безграничното.

Дијалектичкиот метод постои само поради онтолошката поставеност во едно и мноштво, како составен дел од природата на секое нешто. Ваквата природа на нештата, односно дека сите нешта што се, биле или ќе бидат се составени од едно и мноштво, насочува во сè што истражуваме да се постави една форма која понатаму ќе биде развиена во две или повеќе нешта, да го видиме едното како мноштво. Видовите на мноштвото се во релација едни со други. Овој онтолошки принцип е основа за постоење наука која ќе нè води на патот на дискурсот, clare et distincte ќе разликува кои видови одат едни со други, а кои не, и кои од основните онтолошки поими што се присутни во сите видови се причина за συναγωγή на видовите, а каде што има διαίρεσις, кои поими, пак, пак претставуваат причина за делба (Soph. 253c-d). Вештината да се разликува објективно едно и мноштво ја поседува дијалектичарот, тој е врвен мајстор на дијалектиката. Во суштина, διαλεκτική практикува διαίρεσις во согласност со видовите, не земајќи ја истата форма за различна и различната за иста (Soph. 253d). Прецизно разликува една форма во екстензија на мноштвото, и многу форми различни една од друга опфатени од една форма.

Во дијалогот *Филеб*, констатираме директен вовед и презентација на дијалектиката како метод соодветен на природата на нештата, на едното и на мноштвото. Ваквиот ред на нештата ни наложува, што и да претставува нештото што е предмет на интерес, да претпоставиме една форма и да ја побараме, затоа што ќе најдеме дека се содржи во

нештото; откога ќе ја опфатиме, мора да продолжиме и да бараме две, ако дозволува случајот (да се две), ако не, да истражуваме три или друг број на форми. Мораме да го повториме процесот со секое од „едно(то)“ до кое доаѓаме на овој начин, сѐ додека не видиме не само дека едното со кое е почнавме е едно и безгранично мноштво, туку и колку е точно. Не му припишуваме карактер на безграничност на мноштвото сѐ додека не го одредиме конечниот број на форми што нештото што е предмет на истражување ги има како посредници помеѓу едното и неговиот безграничен број (Phlb.16 d). Методот на филозофот, односно правилниот метод, се состои во идентификацијата на сите разлики во единството, и на сите сличности во различностите (Plt. 285b).

Предуслов за постоење на дијалектиката, потенција за егзистенција на διαλεκτική е онтологијата изразена преку едното и мноштво. Сите нешта што постојат, или постоеле кога и да е, се составени од едно и мноштво, во својата природа поседуваат соединување на ограниченото и безграничното. Поаѓајќи од познавањето на ваквата природа на нештата, независно од предметот на интерес на истражувачкото внимание, во сите случаи претпоставуваме сингуларна форма по која трагаме. Откако ќе ја детектираме единствената форма, мора да продолжиме од едната да ја бараме втората, ако случајот дозволува две или, во други ситуации, три или повеќе форми. Репетицијата на ваквата интелектуалната динамика се однесува на секое „едно“ сѐ додека не го утврдиме квантитетот на „едното“ со кое започнавме, а за кое првично констатираме дека е едно и безгранично мноштво, односно бројот на едното, со други зборови – колку е мноштвото. Не смееме да го додадеме атрибутот на безграничност на мноштвото сѐ додека не го увидиме целосниот број на форми кои ги поседува нештото што е предмет на истражување, како посредник помеѓу едното и безграничното мноштво. Изведувањето на едното или на мноштвото мора да поседува сукцесивност и постепеност, да не биде пребрзо или пребавно изведено. (Phlb. 16 d). Дистинкцијата помеѓу дијалектичката филозофската дискусија наспроти еристичката се состои во познанието на посредниот број помеѓу едното и мноштвото. Секое нешто кое го земаме предвид го земаме како едно, а зборуваме за неговото мноштво, преку повеќе имиња. Дисперзираното мноштво да се доведе под сингуларна форма е едната страна на методот што изникнува како резултат на едното и мноштвото. Втората е едното да се дели на две или повеќе форми. Вештината да се разликува објективно единство и мноштво е способност на познавачите на διαλεκτική (Phdr. 265d, 266a-b). Целта е да се пронајде

единство кое ќе го опфати мноштвото, да се дојде до единствена формула која ќе може да се аплицира на многуте различни видови на предметот на истражување (Tht. 148d). Филозофот не го завршува истражувањето сѐ додека не ги идентификува сите разлики во сложеното едно, и обратно, целта на истражувањето на несличностите, односно мноштвото, се остварува кога ќе се соберат сите различни форми во нивната објективна, општа и реална група (Plt. 285b). Уметноста на дијалектиката се идентификува во детерминирањето што е, а што не е слично во сите видови вештини, имајќи го предвид знаењето. Во суштина, διαλεκτική практикува διαίρεσις во согласност со видовите, не земајќи ја истата форма за различна и различната за иста (Soph. 253d). Прецизно прави дистинкција на една форма во екстензија на мноштвото, и многу форми различни една од друга опфатени од една форма.

### 1.4.2. Принцип на прашување и одговарање

Основен принцип на дијалектиката, интегрален и неразделен, динамиката на самата суштина на διαλεκτική е принципот на прашање-одговор. Не постои дијалектика без прашување и одговарање. Нетлешип истакнува дека уметноста на дискурсот, на поставување прашање и одговарање, е еквивалентна на διδόναι καὶ δέχεσθαι λόγον, односно да се даде дефиниција, прецизно објаснување за одредено нешто и да се побара од другиот да даде негова дефиниција на нештото, што во суштина го отсликува поимот на расудување, резонирање, затоа што διδόναι λόγον означува да се даде точна дефиниција за нештото за кое се зборува. Умешноста на давање дефиниција за нешто поседува понизок степен на вредност, за разлика од вештината да се извадат мислењата или верувањата од другите. Да се постави прашање е исто толку тешко колку и да се одговори на поставено прашање. Дијалектиката ги прави личностите вешти во поставувањето прашања и одговарање, односно нѐ оспособува да прашуваме и да одговараме на највисок начин. Хероите го добиваат врвниот статус затоа што се вешти дијалектичари и ретори, од причина што знаат да постават прашање (ἐρωτᾶν), имајќи предвид дека εἴρειν е еквивалентно со λέγειν, односно да се размисли, да се земе предвид, да се уреди. Во атичкиот дијалект, вистинските херои се тие што знаат да прашуваат и да одговараат, хероите се ретори и дијалектичари, кои знаат да прашуваат, да испитуваат и да одговараат (Cra. 398d). Дијалектичар се нарекува оној кој знае правилно да постави прашање и да даде одговор (Cra. 390c). Принципот на прашање-

одговор не се употребува со цел за да се испрашува соговорникот, туку во интерес на дијалектичкото напредување на аргументите до вистината, при што целосно ја елиминираме навиката на сомневање и антиципирање на гледиштата на соговорникот, за да можеме да ги комплетираме исказите во согласност со првичниот план (Grg. 454c). Динамиката на дијалектиката се одвива преку прашањето и одговорот, но постои јасна дистинкција помеѓу дијалектичката техника на прашање-одговор, која претставува познавање на основните елементи од кои се состои мислењето, и разликувањето на тие елементи во самото мислење, и прашувањето и одговарањето кое не е дијалектичко и не го поседува мајсторството на διαλεκτική .

Прашувањето има за цел да дојде до вистината, да ја детерминира суштината и да открие што е секое нешто, односно да даде точна дефиниција на нештото – διδόναι λόγον. Најмаркантниот начин на испитување на општите мислења изразени преку тезата на соговорникот, којшто го среќаваме во дијалозите, е ἔλεγχος и се состои во испитувањето на став на соговорникот кој тврди дека знае, преку поставување прашања кои водат до следни ставови, за да се открие дали првичниот став е вистинит или не. Скрупулозната опсервација на ставот, исказот на соговорникот, со цел да се открие логосот или вистината се одвива на два начина. Првиот е преку συλλογισμός како аргумент што се изведува од одреден исказ каде што од него произлегува нешто различно од тој исказ. Се изведува заклучок преку поставената теза со поголема општост, како прва премиса, различен од поставената теза. Вториот начин е ἐπαγωγή, аргумент што се изведува од еден исказ или мноштво на искази кои имаат поединечен карактер. Овој аргумент има две насоки, или се однесува на суперординираната премиса која има поопшт карактер, или на координираната премиса која има ист степен на поединечност.

Дијалектиката извира од онтолошкиот принцип којшто ја претставува коегзистенцијата на единството и мноштвото на нештата и фундаментално го определува поимот на вистината и знаењето. До вистината се доаѓа постепено, чекор по чекор, и соодветно на природниот метод на прашувањето и одговарањето. Нетлшип истакнува дека самиот збор διαλεκτική изворно означува уметност или процес на разговор преку поставување прашања и давање одговори, процес којшто е еквивалентен на вештината прецизно и лаконски да се објасни суштината на нешто, како и да се побара и да се разбере објаснувањето на нештото од соговорникот. Всушност, синтагмата за расудување во јазикот

на Платон и Аристотел е да се покаже точната дефиниција на нештото кое е предмет на дискусија. Да се постави прашање е исто толку тешко како и да се даде одговор. Аналоген процес на прашувањето соговорник е оној кој се одвива во умот на самиот истражувач. Робинсон заклучува дека дијалектиката е социјална активност, заедничко истражување, разговор што се состои во прашување и одговарање. Прашањето вообичаено е барање став околу извесна пропозиција од соговорникот, изразен со ‘да’ или ‘не’. Се очекува од одговарачот да одговори што мисли навистина во врска со поставеното прашање, во насока да се постигне согласност помеѓу прашувачот и одговарачот и со внимавање на конзистентноста во одговорите на оној кој што одговара. Дијалектиката поседува органска релација со принципот на прашање-одговор затоа што изискува еленхус, а самиот еленхус бара прашување и одговарање. Дијалектичарот ги уредува зборовите и речениците во дисконтинуирана форма, наспроти континуираната форма на реторите и пишаниот збор. Робинсон истакнува дека во дијалозите *Софист*, *Државник*, *Тимај* и *Закони* може да се констатира континуиран тек на расправата, што не се одвива преку методот на прашање-одговор. Според анализата на Робинсон, прашувањето и одговарањето е врвен метод за откривање на вистината и најдобар едукативен метод (Robinson 1941).

Единствената дисциплина која оспособува да се поставуваат прашања и да се одговара на највисоко научно ниво е διαλεκτική (Resp. 534d). Оној што ја поседува вештината, што умее да поставува прашања и да знае да одговара е дијалектичар. (Cra. 390c). Внатрешниот интелектуален процес, ноетичката динамика чиј медиум е умот, се состои од прашување и одговарање, односно умот кога мисли едноставно разговара со самиот себе, поставувајќи прашања и одговарајќи на нив со ‘да’ или ‘не’ (Tht. 190). Умот си поставува прашање самиот на себе и се обидува да одговори на прашањето што е X; доколку има соговорник, прашањето што е поставено кон самиот себе ќе биде поставено во форма на вербален говор како прашање кон соговорник (Phlb. 38c-d). Говорот на дијалектиката, како и говорот на мислата, се состои во прашување и одговарање.

### 1.4.2.1. Внатрешна и надворешна дијалектика

Испитувањата на општите мислења и испитувањето на хипотезите до првите принципи се одвива преку динамиката на дијалектиката, која се состои во прашување и

одговарање. Овој интегрален дел на дијалектиката го одразува самиот процес на мислење. Имено, процесот на мислењето се состои во прашување и одговарање. Во *Држава* ја следиме тенденцијата на екстерно формирање на иманентните процеси на душата во социјалниот живот, преку нумеричкиот идентитет на трипартитноста на душата и државата. Насоката на вниманието кон оваа аналогија е вовед во маркирањето на процесот на екстернализирање на дијалектиката. Во *Теајтет,* процесот на мислење е опишан како разговор што умот го води со самиот себе за одреден предмет, поточно, кога умот мисли, едноставно разговара со себе, преку поставување прашања и одговарајќи на прашањата со ‘да’ или со ‘не’ (Tht. 190). Во *Филеб,* поставувањето и разграничувањето на видовите разговор (разговорот виден единствено во основните елементи на прашање и одговор) се изведува на сукцесивен начин којшто флагрантно ги истакнува двата вида разговор, внатрешниот, на умот, или, со други зборови, мислењето, и надворешниот, разговорот со друг соговорник. Ако човек види објект на одредено растојание, добива интерес да знае што тоа што е предмет на неговата перцепција. Следниот чекор е да си постави прашање самиот себе: што е објектот што го детектира мојот вид? Тогаш ќе одговори на прашањето, во зависност од тоа што гледа. Доколку има сопатник, или некој друг што е со него, тогаш прашањето поставено кон самиот себе ќе го стави во говор, така што она што беше мислење во себе, сега ќе биде изговорено во вербална форма на тврдење изразена кон соговорник (Phlb. 38c-e). Проектирањето на дијалектиката преку прашање-одговор со соговорник како манифестација на внатрешниот процес на мислата ставен во говор го отвора прашањето за концептот на интерсубјективното, заедничко истражување на два субјекта на одреден предмет, тема што е предмет на анализа на Холгер Теслеф (Holger Thesleff) во монументална компилација на Финк за развојот на дијалектиката од Платон до Аристотел. Дијалошката аргументација, не се разбира ексклузивно како деструктивен еленхус, туку како конструктивна аргументација во насока на едукација, при што Сократовиот еленхус се заменува со позитивно учење а со тоа дијалектиката се определува како заедничко истражување. Теслеф ја поставува за основа едукативната телеологија како основа за овој вид дијалектика и потенцира дека супстанцијата се содржи во Платоновата теза дека, во процесот на учење, учителот треба да соработува со соговорникот во потрагата по вистината. Поставувањето на едукативниот карактер за основа на заедничкото истражување е во согласност со главното начело што го сретнуваме во дијалозите, имено, дека не станува

збор за претензија на поседување на вистината, туку за заедничко истражување до вистината.

Главната линија на допирање на внатрешната и надворешната дијалектика се состои во констатацијата дека надворешната е директно пресликување, отелотворување на внатрешната, составена од основните два елементи: прашување и одговарање. Тенденцијата во текстуалната оставнина на Платон е, во истражувањето на одреден предмет, да се одбираат најмладите соговорници да одговараат од причина што начинот на којшто одговараат ќе биде едноставен, имајќи предвид дека овие соговорници сè уште немаат свои позиции кои дополнително би го отежнале заедничкото истражување со проблематизирање. Навистина, во *Фајдар,* забележуваме дека една од функциите на дијалектичарот е да втемелува зборови во селектирани поединци кои манифестираат повисоки фреквенции на душевното егзистирање, но мора да се разграничи едукативната насока од заедничкото истражување.

Внатрешната дијалектика е дискурзивно мислење кое финализира со донесување суд во форма на невокализиран исказ. Надворешната дијалектика, дискурзивниот говор демонстрира динамика од еден вид исказ до заклучокот којшто следи во форма на исказ, додека дискурзивната мисла на внатрешната дијалектика се движи од суд до финален суд како безгласен логос. Процесот на мислење има своја телеологија која се отсликува во потврдувањето или одрекувањето, аналогно на разговорот со надворешен соговорник, мислењето е разговор со внатрешен соговорник, со самиот себе. Мислата и говорот имаат иста одредница во тоа што двете динамики се процеси составени од етапни делови, чекори, чија завршница може да биде погрешна или точна. Нормата или правилото на неконтрадикторност дава насоки на траекторијата на мислата и говорот и се однесува на процесот. Следствено, целта е да се избегне контрадикторна, неконзистентна мисла; и покрај тоа што постојат многу можности за динамика на мислата и говорот, не можеме да мислиме и говориме на контрадикторен начин.

Сосем извесно е дека Сократ во дијалозите тврди дека не знае, односно не го знае финалниот исход, но сепак е мајстор на дијалектиката и ги познава принципите на διαλεκτική, или уште повеќе, ги знае онтолошките предуслови за можноста на дијалектиката и, особено, во релација со нужноста на оваа дисциплина во процесот на откривањето на вистината. Самиот концепт на откривање на суштината, постоењето на суштината како

таква, веќе длабоко навлегува во онтологијата и ги претпоставува онтолошките принципи на едно и мноштво. Дискурзивноста на внатрешната мисла е процес исто како и говорот што ја претставува мислата. Овој процес се состои од чекори на потврдувања и комбинации и нормативно се одвива со ригорозна апликација на принципот на неконтрадикторност, којшто е критериум за детерминирање грешка. Внатрешниот говор е внатрешна дијалектика што се отсликува во надворешната, ставајќи ги во сила дискурзивните норми на конзистентност и епистемолошките норми како точност и прецизност. Како што внатрешниот соговорник учествува во изведувањето на аргументот, така надворешниот соговорник е дел од интерперсоналното, заедничко истражување.

1.4.2.2 Од ἔλεγχος до λογος: συλλογισμός и ἐπαγωγή

Методот на прашање-одговор, што го сретнуваме речиси во секој дијалог (διαλεγόμενος), со цел скрупулозно и во детали да се испита тврдењето кое претендира да биде знаење, претставува еклатантен пример на еленхус. Когнитивната идентификација на степенот на фреквенција на испитувањата на тези во различните тематски текстови навидум ја прави врската помеѓу методот на прашање-одговор и διαλεκτική второстепена. Примарна е поврзаноста на моделот прашање-одговор со деталната потрага по неконзистентност во тезите на Сократовите соговорници, односно примарна е конекцијата меѓу еленхусот и дијалектиката. Недвосмисленоста на оваа релација е причина за, историски гледано, редуцираниот научен сомнеж во однос на дефиницијата на διαλεκτική, доминантно разбрана како дебатна или интерперсонална социјална активност. Најпрепознатлив дел од дијалозите е еленхусот што се содржи во Сократовите прашања и одговори, вкрстеното испитување на ставовите и тезите на соговорниците кои најчесто имаат карактеристика на ἔνδοξα. Испитувањето на ставот на соговорникот кој тврди дека знае, преку поставување прашања и сукцесија на следни ставови, со цел да се открие вистинитосната вредност на оригиналниот став, се нарекува ἔλεγχος. Сократовиот еленхус уште се именува и како ἐξέτασις, со други зборови, скрупулозно испитување на аргументите преку поставување прашања во врска со основните елементи и со истакнување на логичката структура на процесот на расудување. Еленхус, во потесна смисла на зборот, претставува вкрстено испрашување, или уште означува и побивање. Во најголемиот број случаи, Сократ

поставува општи прашања кон соговорникот, односно најчесто испитува одреден етички проблем. Овој процес започнува со почетната и главна теза на соговорникот која претендира да биде нормативна во релација со етичкиот проблем, симултано одразувајќи ја неговата суштина. Соговорникот ја изразува тезата преку примарниот одговор, којшто е предмет на понатамошни прашања поставени во да-не форма, со цел да се добие одговор од другиот кој изразува согласување или несогласување, и не претставуваат потрага по информации. Робинсон посочува дека во сите дијалози Сократ никогаш не разговара со друг без да го побие, освен во *Држава*, каде што предметот е лично искуство, а не логос на одреден етички проблем. Главен предмет на еленхус е логосот, а не е неконзистентоста на соговорникот. До логосот, преку еленхусот, се доаѓа на два начина: со дедукција (συλλογισμός) и со индукција (ἐπαγωγή).

При употребата на силогизмот, прашањата се поставени за да се идентификуваат фактите од страна на субјектот со цел да се формулира тезата; да се изведе аналогија помеѓу родовите кои се предмет на дискусија и кои претходно се потврдени од двајцата соговорници преку методот на прашање-одговор; за да се видат консеквенциите од одреден исказ и, конечно, да се изведе заклучок користејќи некои од видовите на силогизмот. Треба да се направи разлика со потесната смисла на συλλογισμός како аргумент, заклучок којшто се однесува на релацијата на класна вклученост, со дефиницијата која ја дава Аристотел во *Топика,* имено дека силогизам е аргумент во којшто се поставени одредени нешта и нешто друго од нив произлегува преку нив. Во дијалозите сретнуваме повеќе видови, како што се аргумент преку елиминација или алтернативен силогизам, хипотетички силогизам, категорички силогизам, вклучително и многу други за кои не постојат имиња.

Индукцијата или епагоге, како форма на еленхусот, претставува аргумент од еден исказ или од мноштво на искази, односно пристап кон универзалното преку поединечното. Идентификуваме повеќе видови во дијалозите: од координирани пропозиции, од субординирани пропозиции и ἐπαγωγή од целосно набројување на релевантните случаи. Двете форми на динамиката на мислата кон детерминирање на логосот во однос на одреден предмет, од општо кон поединечно, и од поединечно кон поединечно или кон општо, се во корелација во Сократовиот еленхус. Во дедуктивното расудување се почнува од извесен концепт или факт, се следи како генералниот принцип се применува на поединечен случај, а во индуктивното расудување се почнува со одреден број различни инстанции во обид да

се дојде до заеднички принцип. Во некои од аргументите во дијалозите констатираме едно движење на мислата кон изведување на заклучок од претходните премиси. Во други, пак, самите премиси преку кои се изведува финалниот заклучок се изведени од претходни премиси. Првите се едноставни, вторите сложени аргументи. Во едноставниот еленхус, главниот заклучок се состои во само едно движење на мислата, а во сложениот еленхус, на финалното заклучување му претходат следства кои ги етаблираат премисите за главниот заклучок. Едноставните побивања, во најголем број случаи, се силогизми, а во сложениот еленхус финалниот чекор е силогизам. Робинсон наведува неколку инстанци на побивање преку епагоге, но сепак централна функција на индукцијата во еленхусот е да обезбеди премиси за финалниот силогизам.

Континуитетот на поставување на прашањата на Сократ во дијалозите дава насоки за нераскинливата конекција помеѓу методот прашање-одговор и дијалектиката. Робинсон посочува дека постои основа за разликување на примарни и секундарни прашања (Robinson 1941, стр. 51) Првостепените се однесуваат на извесен важен етички проблем и откога одговорот ќе биде даден од соговорникот, се продолжува со серија од прашања кои се второстепени. Независно од рангирањето или од формата на прашањата на еленхусот ја отвораат перспективата за одлучувачката карактеристика на прашањата во динамиката на дијалектиката, и уште повеќе кон одредувањето на логосот. Робинсон потенцира дека примарните прашања најчесто имаат една од следниве две форми: „дали X е Y?“ или „Што е X?“ Втората форма на прашање, што е X, доминира во дијалозите не само поради застапеноста, но многу повеќе затоа што добива поголема важност од мајсторот на дијалектиката. Ова прашање има приоритет за разлика од другите прашања, тоа е conditio sine qua non за да се одговорат останатите прашања. Нужноста да се знае X временски ѝ претходи на корисноста од X или како да се дојде до X.

### 1.4.2.3. Од хипотези до првите принципи

Историчарите кои ги истражуваат дијалозите маркираат временска одредница помеѓу еленхусот и проминентниот елемент на дијалектиката, имено, хипотезата, односно еленхусот го идентификуваат како конститутивен дел од раните дијалози, а хипотезата од средните. Ваквиот временски контекст на двата елемента на дијалектиката веќе говори за

градацијата, за степенот на развој во предметот на дијалектичката динамика. Имено, во еленхусот, движењето на мислата е насочено и стартува од ἔνδοξα, предмет на дијалектичко испитување е позицијата на соговорникот во размената на прашање и одговори, а за цел го има ослободувањето од незнаењето на соговорникот преку дедуктивен или индуктивен аргумент. Аналогијата на синтагмите еленхус-рани дијалози и хипотези-средни дијалози ја позиционира хипотезата повисоко од ендокса, а со тоа нуди објаснување за издржаноста на тезата дека дијалектиката е наука над науките, стои на врвот на хиерархијата на науките и ги открива првите принципи на сите науки.

Во дијалозите фреквентно се сретнува терминот τίθημι, со значење да се постави нешто како провизорно, тентативно, додека не се дознае нешто различно или повеќе од она што веќе е познато. Терминот ὑποτίθεμαι, или да се хипотезира, означува да се постави нешто како прелиминарно, да се идентификува пропозиција како почеток на процесот на мислење од која се извлекуваат консеквенции, следствено, да се отфрлат оние хипотези од кои произлегуваат следства што не се конзистентни со почетната пропозиција. Еклатантна е важноста на хипотезата за процесот на мислење, уште повеќе за истражувањето, затоа што ги одредува следните елементи на мислењето и ѝ дава централна насока на мислата, ја детерминира рамката на целината.

Според Робинсон, овој метод првенствено поставува хипотези, кои се предмет на испитување, претпоставува, односно прифаќа ставови кои се идентификуваат со мнението (мислењето), а не со знаењето, при што не запира соочувајќи се со флагрантната пречка на незнањето, не става во заграда, напротив, динамиката на процесот на издигнувањето на мислата стартува со прифаќање на мислењата подложни на дијалектичката процедура преку динамиката на прашање-одговор (Robinson 1941, стр. 109). Следно е дека методот на хипотеза е дедуктивен, каде што ги испитуваме импликациите од хипотезите и прецизно ги разграничуваме премисите од заклучоците. Ефективноста на дедукцијата доаѓа до израз во откривањето на контрадикцијата и тенденцијата за целосно отстранување на контрадикција од аргументите. Нормативната елиминација на контрадикцијата ги опфаќа двете форми, директната и индиректната. Мора да се *избегнува* директната контрадикција, никогаш да не се поставува во исто време вистинитоста и лажноста на иста пропозиција. Истото важи и за индиректната контрадикција, следејќи го императивот за конзистентоста на корпусот на верувања, се испитуваат импликациите од хипотезата, при што ако се констатираат

неконзистентности, се отфрла хипотезата. Природата на методот на хипотези станува интелигибилна преку следните концепти: хипотеза, дедукција, конзистентност и изведените концепти на провизорност и апроксимативност.

Во *Држава* директно се посочуваат хипотезите како единствен пат до вистината, дијалектиката користи хипотези за да се издигне до првиот принцип. Првите принципи на другите науки се хипотези за дијалектиката која не запира додека не дојде на врвот на интелигибилноста. Дијалозите, текстуалната оставнина на Платон, во најголем број не нудат содржина која претставува материјал за темелно обработување на релацијата на употребата на дијалектиката на хипотезите и процесот до првите принципи. Директни референции дека διαλεκτική доаѓа до првите принципи на интелектот има само во *Држава* и во *Кратил*. Сепак, покрај редуцираноста на директните референции, во дијалогот *Парменид,* идентификуваме недвосмислена практика на дијалектиката in utramque partem, односно, употребата на хипотезите до откривање на првите принципи.

1.4.2.3.1 Парменид: дијалектички метод in utramque partem

Методот на испитување на првите принципи се состои во начелото дека во сите случаи кога поставуваме хипотеза дека нешто постои или не постои или дека поседува или не поседува одреден атрибут, нормативно се испитуваат импликациите во однос на самото нешто и во однос на други нешта селектирани во зависност од прашањето. Исто така, мора да се испитаат и другите нешта во однос на самите себе и во однос на нештото кое е селектирано. Овој принцип го исцрпува тоталитетот на испитувањето не оставајќи ништо во сенката на незнаењето. Коментарот на Сократ пред започнувањето на испитувањето на хипотезите за Едното го манифестира проблемот со макотрпноста на овој принцип, којшто изискува трпение, беспрекорна деталност, забележувајќи дека тешко се гледа крајот на ваквиот начин на испитување, (Prm. 136c) на што Парменид одговара дека презентацијата на дијалектичкиот метод на испитување на првите принципи е навистина тешка задача.

Во сенката на доминантната позиција во науката дека во дијалогот *Парменид,* авторот Платон ја критикува својата онтологија преку аргументите на елејците, истражувачите на διαλεκτική, прават суштински превид на единствениот егземплар на, како што ја нарекува Спранци, апоретичка дијалектика што го имаме во целост. Оскудноста на

текстуалните референции поврзани со неразговорната дијалектика, која доаѓа до првите принципи на сите науки, за која констатираме единствено само навестување во текстовите на Платон и Аристотел, е причина поради која нема доволно истражувања за овој вид дијалектика. Уште повеќе, современите пристапи кон поимот на дијалектиката се сведуваат само на πρὸς ἕτερον διαλεκτική, целосно се одзема највисокот дел на оваа дисциплина, којшто ги поставува и ги потврдува основните елементи на мислењето, динамиката на мислењето, принципите на соединување и одвојување на едното и мноштвото. Имено, не постои дијалектика со соговорник без да постои, како што ја нарекува Спранци, апоретичка дијалектика. Новото читање на *Парменид,* како еклатантен пример за самитот на дијалектиката којшто доаѓа до ноетичките начела, ја пополнува празнината и отвора насоки за понатамошни истражувања во оваа насока, истакнувајќи ја нецелосноста на современиот поим на дијалектиката.

Основниот принцип на мајсторство на дијалектиката, Парменид го поучува Сократ, се состои во тоа дека не треба само да се испитаат последиците од хипотезата дека одредено нешто е, туку мора да се земе предвид и хипотезата дека нештото не е и да се испитаат консеквенциите што произлегуваат од другата страна на тезата. Како што беше и претходно споменато, најтемелните истражувачи на дијалектиката на Аристотел зборуваат за два вида дијалектика, особено Спранци, која понуди детална анализа на διαλεκτική во текстовите на Аристотел, разликувајќи дебатна и апоретичка дијалектика. Спранци констатира дека Аристотел само спомнува за апоретичка дијалектика, но не постојат директни референции во текстовите за да се објасни како апоретичката дијалектика доаѓа до првите принципи и што, всушност претставува овој вид на διαλεκτική. Во дијалогот *Парменид* се наоѓа одговорот на овој проблем, каде што се демонстрира школски пример на испитување на консеквенциите, импликациите од двете страни на една хипотеза. Дијалогот започнува со хипотезата дека ако има Едно следува дека не Е, во сукцесија следи дека нема мноштво, нема време, нема простор, нема движење. Откако се изведени основните категории, понатаму се изведува дека Едно не е ниту исто/различно, ниту слично/неслично, еднакво/нееднакво, ниту помладо/постаро.

Првата страна на хипотезата: Едно Е. Од оваа хипотеза следи дека едното не може да е, а да нема битие. Изведувајќи дека едното има битие како целина, следи дека Едно и Битие се делови од заедничката целина. Сукцесивно следство е дека секое едно што е, има

делови. Единството никогаш не може да има недостиг од битието, ниту пак битието од единството. Следи дека секој дел ќе има единство и битие, секој дел ќе биде два, од каде што следи дека мора да биде безгранично во мноштвото; било кој дел да се земе нужно мора да се дели на два, на битие и единство. На овој начин битието и едното се различни, добивајќи ја третата основна категорија, различноста. Од овие три категории имаме комбинација на парови, ако пар од нешта е два, секое од нив мора да е едно, а ако едно се додаде на парот ќе имаме три, што го отвора патот на нумеричката сукцесивност и води до категоријата број. Во продолжение, следуваат консеквенциите дека ако Едно е, тоа е целина од делови, во време и простор: има почеток-средина-крај, има форма, е во себе и во друго, во движење и мирување, исто со себе, различно со друго, слично на себе, неслично со друго, истовремено еднакво, поголемо и помало во однос на себе и на другите. Со поставувањето на втората хипотеза, се отвора категоријата мноштво, односно концептот на другите. Во продолжение се испитуваат последиците во однос на другите од првата хипотеза: другите имаат делови за разлика од Едно, претставуваат целина; и како целина и дел по дел поседуваат нелимитираност и лимитираност, тие се слични и неслични кон себе и кон другите. Едно и мноштвото се одвоени, едното нема делови. Мноштвото не е мноштво, нема единство во мноштвото. Следи дека ако Едно е, е се: и сите нешта и ништо.

Втората страна на хипотезата: Едно НЕ Е: Не е постоечко, она што не постои е различно од некое одредено нешто за кое поседуваме знаење. Како такво е предмет на познание и поседува различност на карактерот. Слично на себе, неслично со другите, поседува еднаквост, како и градација: големо/мало. Се покажува дека ако е непостоечко, поседува битие, и затоа што е непостоечко има НЕ-Битие. Следи дека непостоечкото има движење, затоа што прифаќа транзиција од Битие кон НЕ-Битие. Не може да се движи во светот на постоечкото, не може да се менува, истовремено е во движење и мирување. Симултано станува слично и не станува слично, настанува и престанува да постои и не настанува и не престанува да постои. Она што не е претставува отсуство на битие од одредено нешто што велиме дека не е. Понатаму, Едно не е другите кои се различни едни од други, како мноштво од мноштво, не како едно нешто од друго нешто. Она што се зема за основен елемент, не е едно, туку се покажува како мноштво, најмалиот дел се покажува како мноштво. Сè ќе биде мноштво без Едно, сè на што ќе ја фиксираме мислата ќе биде

подложно на делење, ќе биде нелимитирано и лимитирано, слично/неслично, исто/различно едно од друго.

Финалната хипотеза, која е предмет на скрупулозното испитување на Едното, е ако нема Едно, туку само мноштво или други, што произлегува од оваа хипотеза: нема да има едно, ниту мноштво. Другите нема да наликуваат ниту на едно ниту на мноштво, нема да можат ниту да се замислат како едно или мноштво, ниту ќе бидат слични/неслични, исти/различни, во допир/одвоени од другите. Дијалогот завршува со тезата дека ако Едно не е, не постои ништо.

Одредувањето на концептот на вистината и методот за доаѓање до вистината дијалектички се одвива единствено преку поставување хипотези. Траекторијата до вистината, до првите принципи – како што тврди Аристотел, ако ги знаеме првите принципи, ја знаеме вистината – е макотрпен процес што ги испитува двете хипотези, дека нештото е и дека нештото не е, преку последиците кои произлегуваат од вака поставените хипотези. Градацијата на макотрпноста добива на интензитет особено поради фактот што дијалектичкото испитување не запира со испитување на последиците во однос на нештото, тоталитетот го комплетира со рефлексија на импликациите во однос на другите, поточно испитување во однос на нештото и во однос на другите. Методот на хипотези го отвори прашањето, кое се чини дека логично се наметнува, дека самите хипотези се предмет на докажување или побивање, позиција која меѓу другите, ја застапува Џон Барнет (John Burnet) во *Платоновите Евтиврон Апологија Сократова и Критон (Plato's Euthyphro, Apology of Socrates and Criton,* 1924), изведувајќи ја од констатацијата дека ὑποτίθεμαι на почетокот, кога за првпат се употребува овој термин во геометријата, се користи за да се дедуцираат консеквенците и да се испитаат самите хипотези преку reductio ad absurdum. Но, Робинсон истакнува дека има доволно материјал да се покаже дека хипотезите во дијалозите се пропозиции поставени за да се докаже или да се побие друга теза различна од хипотезите. Ова го демонстрира етимолошки преку ὑπόθεσις што означува да се постави како почеток, како подготовка за следна активност, за разлика од идентификацијата помеѓу προτίθεμαι и ὑποτίθεμαι што ја прави Барнет (Robinson 1941). Имено, првиот термин означува да се постави пропозиција за таа да се стави на тест, а вториот термин означува почеток за следната активност, тестирање на она што следи.

# 2. ДИЈАЛЕКТИЧКОТО РАСУДУВАЊЕ ВО *ТОПИКА* КАКО ПРВА ТЕОРИЈА ЗА АРГУМЕНТАЦИЈАТА

## 2.1. Вовед во проблемот на διαλεκτική во текстовите на Аристотел

Во текстуалната оставнина на Платон не постојат дијалози посветени директно на проблемот на дијалектиката, туку сретнуваме повеќе директни или индиректни референции за διαλεκτική во самата содржина на текстовите. Од оваа причина, составувањето на мозаикот на највисоката дисциплина во текстовите на Платон претставува поголем предизвик споредено со текстовите на Аристотел. Во расправите на таткото на логиката постојат текстови кои директно ја обработуваат дијалектиката, а комплементарно на овие, референции за διαλεκτική има и во другите расправи кои за предмет имаат други филозофски проблеми. Интегралните текстови што се останати од Аристотел претставуваат расправи, систематски излагања на филозофски проблем, кои најверојатно се користени како основа за предавања. Недостигот од литературна форма во овие творби е во согласност со целта на расправите, особено што се дел од текстовите на Аристотел кои се наречени езотерични, со единствена диспозиција кон остварување на целосна демонстрација на предметот на расправата. Затоа, Спранци посочува дека расправата за која наведува дека е посветена на дијалектиката, *Топика,* заедно со *За софистичките побивања* и *Реторика*, се од огромно значење за разбирање на вештината на дијалектиката. Уште повеќе што *Топика* претставува единствена систематска расправа посветена на дијалектичкото расудување. Овој текст, како ниедна друга расправа од текстуалната оставнина на Аристотел, во темпорален континуитет предизвикува мноштво на интерпретации на мноштво начини кои се екстензивно различни. Во *Топика*, која претставува единствениот класичен извор за дијалектиката во систематска форма, предмет на систематска анализа е проблемот на дијалектичко расудување (συλλογισμός) и во суштина претставува експлицитно изложување на проблематиката на дијалектиката која веќе ја сретнуваме во имплицитна форма во текстовите на Платон. Ако во Платоновите дијалози имаме дијалектика во акција, односно практичноста е основата која одговара на прашањето што е дијалектика, во *Топика* есенцијата е во деталното објаснување на тоталитетот на композитната структура на

дијалектичкото расудување. Есенцијалната карактеристика на дијалектичарот, дека дава точно објаснување на секое нешто и прецизно ја разликува суштината на нештата, која е присутна во нормативна форма во дијалозите на Платон, недвосмислено ја нотираме во сите текстови од Corpus Aristotelicum, вклучително и во *Топика,* во која детално се определени елементите на расудувањето, почетокот на расудувањето, на што се однесуваат сите видови на расудувањето, односно кои категории се суштински за сите видови пропозиции и проблеми, како и општите места за кои се потребни постапките за да го ефектираат расудувањето. Од исклучителна важност е да се истакне разликата помеѓу дијалектиката и дијалектичкото расудување. Оваа суптилна, но монументална дистинкција останува незабележана во академските кругови кои се занимаваат со проблемот на дијалектиката, наспроти фактот што Аристотел ја прави оваа дистинкција уште на почетокот од расправата за дијалектичко расудување, објаснувајќи дека целта на истражувањето во *Топика* е дијалектичкото расудување и главната цел на расправата се состои во тоа да понуди инструкции за правилно расудување од ἔνδοξα (од општите мислења). Во Аристотеловата доктрина постои еклатантно разграничување помеѓу дијалектиката и дијалектичко расудување и зачудува егзистенцијата и фреквентноста на некритичкиот идентитет помеѓу дијалектичкото расудување и дијалектиката во научниот свет. Дотолку повеќе што Аристотел, како врвен дијалектичар (во текстовите на Платон видовме дека точното објаснување на суштината, највисоката прецизност и точност е интегрална карактеристика на дијалектичарот), прецизно ја одвојува дијалектиката од дијалектичкото расудување, имено, дијалектичко расудување е вид расудување кое стартува со ἔνδοξα, а дијалектиката е процес на критика, критичко испитување (έστίν έξεταστική γάρ ούσα προς τάς άπασών των μεθόδων άρχάς όδόν έχει. (Top. 101b). *Топика* во целост е посветена на расудувањето кое се нарекува дијалектичко, и суштински ги истакнува елементите на расудувањето.

Во логиката и во теоријата на аргументацијата, како и меѓу авторите кои со највисок степен на студиозност пристапуваат кон проблемот на дијалектиката, речиси без исклучок е прифатена тезата дека *Топика* е расправа за дијалектиката. Покрај тоа што Аристотеловиот корпус – на собрани езотерични дела – е прифатен од идните филозофи како единствен и конзистентен филозофски систем, сепак некозинстентностите од аспект на доктрината и на терминологијата се очигледни за сите критички настроени истражувачи. Според сведоштвото во *Реторика,* наоѓаме директна референца дека предмет на дијалектиката се

сите видови на συλλογισμός (Rh. 1355a), предмет на διαλεκτική е да ги проучува сите видови силогизми, тоталитетот на различни класи на расудување. Исклучена е можноста да се биде истакнат во реториката во која централен вид на силогизам е ентимемата, доколку не се познава дијалектиката и видовите и елементите на силогизмот. Аристотел посочува дека дијалектиката има свои подвидови, така што силогизмот е предмет на διαλεκτική како целина или на некој од нејзините делови. Целта на дијалектиката е да ги детектира, да ги препознае, да ги идентификува и да ги разликува вистинските од привидните силогизми (Rh. 1355b-15). Дефиницијата дека предмет на дијалектиката се силогизмите е неконзистентна со дефиницијата за која Спранци тврди дека е Аристотелова, во која дијалектиката е кодифицирана форма на говорна расправа. Робинсон, сосема слично на Спранци, тврди дека дијалектиката е уметност која се однесува на конверзациите. Може да се нотираат голем број варијации на истата дефиниција на дијалектиката како дијалог со правила, како πρὸς ἕτερον διαλεκτική. Ако на ова додадеме дека Аристотел во *Топика* ја определува διαλεκτική како процес на критика во којшто се содржи патот до принципите на сите видови истражувања (Top. 101b), степенот на противречност на двете тези добива на интензитет. Повеќето автори ги обработуваат елементите на дијалектиката, како што се принципот на прашање-одговор, еленхусот, хипотезата, дедукција/индукција, единствено Спранци ги зема предвид горенаведените референции за дефиницијата на Аристотел и прави разлика помеѓу издигнувањето до вистината и критичкото дискутирање на теза. Таа смета дека овие две насоки се развиваат понатаму од стоиците и академичарите. Имено, стоиците го развиваат правилното дискутирање на одреден предмет со прашање-одговор и ги разгледуваат исказите, односно изразите што се вистинити/невистинити или ниту вистинити, ниту невистинити. За разлика од нив, скептиците од Академијата ја практикуваат критичката форма на дијалектиката, и тоа Аркесилај во вид на еленхус, додека Карнеад во форма на аргументација за двете страни на прашањето. Следејќи ја оваа насока, Спранци ги изведува концептите на апоретичка дијалектика која доаѓа до вистината, и до првите принципи на сите истражувања, и дебатна дијалектика која се поврзува со методот на дебатирање преку прашање-одговор.

Анализата на Спранци покажува дека воглавно ја следи оригиналната мисла на Аристотел, со тоа што ги опфаќа двата вида διαλεκτική, за разлика од едностраното разбирање на дијалектиката како дебатна, πρὸς ἕτερον διαλεκτική. Сепак, од аргументите и

насоките што ги презентира не може да се изведе заклучок зошто двата вида се нарекуваат дијалектика, и која е суштинската конекција помеѓу дебатната и апоретичката дијалектика. Дотолку повеќе што веќе споменатата неконзистентност во текстовите е потврдена и од овој автор, со изведената констатација дека алетолошкиот вид на дијалектика е повеќе енигматичен во расправите, и дека во текстовите на Аристотел не можат да се идентификуваат дополнителни референции околу овој проблем. Вака поставената разлика помеѓу двата вида не говори за единство на διαλεκτική, напротив, се поставува прашањето што има заедничко во доаѓањето до првите принципи и испитувањето на тезите на соговорникот. Авторите по Аристотел не даваат одговор на ова прашање, уште повеќе што иницијалната разлика прогресира и доведува до целосно разграничување на двата вида на дијалектика, што претставува директна причина поради која современата теорија на аргументација единствено за предмет ја има πρὸς ἕτερον διαλεκτική.

Решението на овој проблем, дали станува збор за две дијалектики – дебатната и апоретичката, или два вида на иста дијалектика, според директните референци што ги наоѓаме во текстовите, може да се идентификува кај Аристотел. Имено, детектираме две директни дефиниции кои се комплементарни, се однесуваат на идентична διαλεκτική. Првата има повеќе содржина, особено во поглед на суштината на дијалектиката и дополнително во релација компаративно со реториката, и се состои во тоа дека дијалектиката ги проучува сите видови на силогизми (Rh. 1355a). А втората ја наоѓаме во *Топика,* каде што дијалектиката е процес на критичко испитување, како единствен пат до принципите на сите истражувања (Top. 101b). Διαλεκτική ги обединува двата вида на дијалектика во процесот на расудување, во изведувањето заклучоци. Дефиницијата за расудувањето во *Топика* е идентична на дефиницијата за силогизмот во *Прва Аналитика:* расудувањето или силогизмот е аргумент во којшто кога одредени нешта се поставени, различни нешта произлегуваат од овие преку нив. Дијалектиката го проучува расудувањето кое е основа и за апоретичката и за дебатната дијалектика.

## 2.2 Референции за дијалектика во текстовите на Аристотел

Ноетичкиот екстракт преку прашувачкиот (еротански) принцип, а фундиран врз онтолошкиот принцип во дијалозите на Платон го идентификуваме како принцип во

монолошката и дијалошката дијалектика во текстовите на Аристотел. Процесот на изведување на принципите се актуелизира преку директните и индиректни референции на дијалектиката во текстуалната форма која во својата есенција е дијалектичка, а не демонстративна. Ако текстуалната оставнина на Платон е дијалектичка, каде што дијалектиката ставена во пракса, формата на текстовите на Аристотел е демонстративна, а не е дијалектичка. За разлика од експресивната форма во дијалозите на Платон, расправите на Аристотел имаат систематска форма.

Врската помеѓу διαλεκτική во текстуалната оставнина на Аристотел и Платон е централна тема на *Развојот на дијалектиката од Платон до Аристотел.* Тезата дека постои идентично разбирање на дијалектиката, со други зборови, дека не може да се зборува за дијалектиката на Платон или за дијалектика на Аристотел, туку дека архитектите на научниот свет говорат за идентична διαλεκτική и практикуваат иста дијалектика, претставува основа за испитување преку елементите и формата на дијалектичката динамика. Наспроти современата доминација на тезата дека дијалектиката и аргументацијата почнуваат со *Топика,* тезата за иста дијалектика дава насоки за развоен процес на διαλεκτική. Робинсон истакнува дека повеќето од аргументите и логичките грешки опишани во *Топика* и *За софистичките побивања* се идентификуваат во раните дијалози на Платон и продолжува дека ваквиот метод го применува и Александар Афродизиски во коментарите на овие два текста на Аристотел.

Авторите Метју Данкомб и Катарина Дутилх Новаес ги посочуваат изворите кои се на располагање на истражувачите на идентитетот помеѓу името дијалектика и оригиналното единство на семантика и пракса на διαλεκτική, односно текстовите на Платон и расправите на Аристотел како што се *Топика и За софистичките побивања.* Систематската форма во расправите на Аристотел, за разлика од експресивната форма на дијалектиката во дијалозите на Платон, демонстрацијата на Аристотел за разлика од дијалектичноста на Платон, нуди повеќе директни податоци за оригиналната διαλεκτική кои ги нотираме не само во *Топика* и *За софистичките побивања*, но и во *Реторика, Аналитиките, За толкувањата, За душата, Метафизика.* За разлика од дијалозите, во текстовите на Аристотел нотираме експлицитна дефиниција на дијалектиката и прецизни разграничувања на дијалектиката и изведените поими и практики од неа. Според Спранци, *Топика, За софистичките побивања и Реторика* се комплементарни и претставуваат почетна основа

за разбирање на оваа класична вештина. *Топика* претставува прва и единствена систематска расправа за дијалектичкото расудување каде што директно се определуваат основните елементи на расудувањето. Во расправата *За софистичките побивања* се обработуваат побивањата кои се прикажуваат како вистинити, но не се такви, конечно текстот *Реторика*, во којшто има директни референции за дијалектиката започнува со тоа дека реториката е антистрофа на дијалектиката.

Наспроти општата согласност за ексклузивноста на *Топика* во која систематски се обработува дијалектиката, во Corpus Aristotelicum забележуваме повеќе директни референци за διαλεκτική во *Реторика,* односно воочуваме дека предмет на испитување на дијалектиката се сите видови силогизми (Rh. 1355a), и дека функцијата на дијалектиката е да ги разликува вистинитите од невистинитите силогизми (Rh. 1355b), аналогно како што реториката разликува помеѓу реалните и лажните средства за убедување. Аристотел појаснува дека единствено дијалектиката и реториката ги изведуваат спротивните заклучоци на тезата на објективен начин, убедувањето и расудувањето се актуелизираат и на спротивната страна на прашањето, со цел јасно да ги видиме фактите. Сличностите помеѓу реториката и дијалектиката се на повеќе нивоа, покрај веќе наведените: заедничко е дека припаѓаат на општиот домен, не на конкретна наука (Rh. 1354a), понатаму дека предметите на дијалектичките и реторичките силогизми се во општите, универзални насоки на аргументот (универзалните линии на аргументот немаат специфичен предмет, затоа нема да го зголемат нашето знаење за ниту една посебна класа на нешта) кои еднакво се применуваат на прашањата поврзани со етиката, природните науки, политиката и многу други кои немаат ништо заедничко меѓу себе (Rh. 1358a); во суштина, подвлекува Аристотел, двете дисциплини се умешност за обезбедување на аргументи. Сепак, највисоката позиција е резервирана за дијалектиката што јасно може да се констатира во објаснувањето на енигматичниот став дека реториката е антистрофа на дијалектиката (Rh. 1354a), експликација која ја констатираме во понатамошниот текст, каде што Аристотел посочува дека реториката е гранка на дијалектиката (Rh. 1356a). Оној кој најдобро може да види како и од кои елементи е продуциран силогизмот ќе биде највешт и со ентимемата (која е вид на силогизам), со други зборови, познавањето на дијалектиката која, како што видовме, ги проучува сите силогизми, е услов за најдоброто познавање и владеење на реториката, преку прагматиката на ентимемата (Rh. 1355a).

Во *За толкувањата,* предмет на анализа е дијалектичкото прашање, кое е барање за одговор, или прифаќање, потврда на премиса или прифаќање на една од двете контрадикторни реченици, всушност самата премиса е секогаш една од двете контрадикторни реченици. Прашањето „што е тоа“ не е дијалектичко прашање, затоа што дијалектичкиот прашувач преку формата на неговото прашање секогаш му остава две алтернативи на одговарачот, затоа мора да го постави прашањето во дефинитивна форма. (Int. 20b)

На почетокот од *Прва аналитика,* Аристотел го разгледува поимот на премисата која претставува реченица што тврди или одрекува едно нешто за друго и ја потенцира дистинкцијата помеѓу демонстративната и дијалектичката премиса. Демонстративната премиса се разликува од дијалектичката затоа што е тврдење на едната од двете контрадикторни реченици; имено, демонстраторот не прашува за неговата премиса, туку ја поставува. Изборот на една од двете контрадикторни реченици е на оној од другата страна на дискусијата кога станува збор за дијалектичка премиса. Во продолжение, објаснува дека методот е ист во сите случаи, затоа што двајцата, и демонстраторот и дијалектичарот, аргументираат силогистички во однос на исказот дека нешто припаѓа или не припаѓа на нешто друго (An. pr. 24a). Независно за која дисциплина станува збор, методот е ист; имено, мора да ги побараме во целост атрибутите и субјектите на антецеденсот и консеквенсот на предметот на истражување, за потоа да ги испитаме силогистички преку трите термини. Динамиката на испитувањето се одвива преку побивање или потврдување на исказите на демонстративен или дијалектички начин; односно, при првиот начин во потрага по вистината, се поаѓа од премиси во кои распоредот на термините е во согласност со вистината, за разлика од дијалектичките силогизми кои почнуваат од веројатни премиси (An.pr. 46a).

Во *Втора аналитика*, Аристотел зборува дека сите интелектуални дисциплини кои се пренесени и се изразуваат преку аргументи произлегуваат од претходно знаење, вклучително и двете форми на дијалектичкото расудување: силогистичко и индуктивно. Старото знаење се користи како основа за новото; имено, при силогизмот публиката ги прифаќа премисите, а во случајот со индукцијата, универзалното се претставува како имплицитно во она што е поединечно познато и недвосмисленото (An.post. 71a). Аристотел појаснува дека главниот проблем при дијалектичкото расудување каде што, покрај тоа што

конклузијата нема нужен статус, сепак се поставуваат детерминирани и извесни премиси кои водат кон детерминиран проблем, се решава преку дистинкцијата затоа што овие премиси не се во релација со фактите, туку во релација со заклучокот (An.post. 75a). Дијалектиката нема дефинитивна сфера, ниту нејзината сфера се ограничува во еден род. Во спротивно, методот на дијалектиката не би бил интерогативен, имено, методот на прашување не претставува опција за демонстрацијата. Оној што ја изведува демонстрацијата не поставува прашања и не докажува индиректно преку спротивните факти, туку директно ја извршува постапката на докажување. Спротивни факти се другата страна на прашањето, односно алтернативата во дијалектичкото прашање (An.post. 77a). Во *Втора аналитика*, Аристотел единствено ги нотира дијалектичките аргументи, но не ги објаснува (An.post. 86a). Сите силогизми не може да ги имаат истите базични вистини. Ова може да биде покажано најпрвин преку следните дијалектички опсервации: 1. Некои силогизми се вистинити а некои лажни; 2. Сите невистинитости не се изведени од едно идентично множество на принципи. Наивно е да се претпоставува дека базичните вистини (премиси) се правилно избрани ако стартуваме со премиси кои се 1. популарно прифатени или 2. се во насока како софистичката претпоставка дека да се знае е исто што и да се поседува знаењето.

Во делото *За душата*, Аристотел прави разлика меѓу дефинициите до кои доаѓаат физичарот и дијалектичарот во однос на одреден проблем. Во продолжение истакнува дека физичарот ја дефинира афекцијата различно од дијалектичарот; последниот ќе го дефинира гневот како желба за враќање на болка со болка, или на сличен начин, а првиот како вриење на крвта, или топла супстанција околу срцето. Физичарот припишува материјални услови на предметот на истражување, а дијалектичарот се фокусира врз формата, или есенцијата која може да се формулира (De an. 402b).

Во *Метафизика,* Аристотел прави прецизна дистинкција помеѓу филозофијата дијалектиката и софистиката: единствено дијалектиката е критичка таму каде што филозофијата тврди дека знае, за разлика од софистиката, која наликува на филозофијата, но не е филозофија. Дијалектиката добива иста форма на појавување како и филозофијата (Metaph. 1004b). Кога станува збор за првите принципи, познавањето на овие принципи го конституира познавањето на вистината (Metaph. 982a). Првиот и најизвесниот принцип, дека ист атрибут не може да му припаѓа и да не му припаѓа во исто време на ист субјект

мора да биде заштитен од дијалектичките забелешки (Metaph.1005b). Во оваа светлина, важно е да се истакне Аристотеловата дефиниција на незнаењето, кое не се дефинира како негативно, како одредена негација на знаењето, туку како позитивна состојба на умот; имено, незнаењето се дефинира како грешка при заклучување (An.post. 79b).

2.3 *Топика* – расправа за дијалектичко расудување.

Во научниот свет на неформалната логика и теоријата на аргументацијата, општоприфатена теза е дека почеток на истражувањето на аргументите во систематска форма е *Топика* на Аристотел. Авторите на дијалектичките пристапи во аргументацијата не го отвораат проблемот на дијалектиката во целост и *Топика,* освен што ја означуваат како почеток, не ја поставуваат за предмет на реконструкција, односно ја обработуваат преку своите посебни теоретски пристапи. Покрај тезата дека *Топика* го нема интензитетот на истражување како останатите текстови од Аристотел, сепак во текот на историјата расправата за дијалектичкото расудување предизвика најголем степен на различни интерпретации. Истражувачите на Аристотеловата дијалектика ја обработуваа дијалектиката како средство за испитување, за продуцирање на оправдани заклучоци и нужно или, во најмала рака, задоволително знаење на секое дадено прашање. Современите автори во областа на теоријата на аргументација, *Топика* ја гледаат како расправа за дијалектиката, а не како расправа за дијалектичкото расудување. Истакнатите истражувачи и креатори на дијалектичките пристапи во аргументацијата, како што се прагма-дијалектика и новата дијалектика, не навлегуваат во проблемот на дијалектиката во тоталитет. Соочувајќи се мноштвото на интерпретации на ἔνδοξα, едноставно ја гледаат дијалектиката како дебата со правила. Дури и авторите што систематски ја истражуваат διαλεκτική и ги идентификуваат ноетичките нијанси на дијалектиката, како што се Робинсон, Нетлешип, Спранци, Финк и најголем број од авторите од *The Development of Dialectic from Plato to Aristotle,* ја разбираат дијалектиката тесно како πρὸς ἕτερον διαλεκτική. Независно од градацијата на височината и длабочината во анализата, некритичката диспозиција кон тезата дека *Топика* е расправа за дијалектиката доминира меѓу истражувачите на дијалектиката.

Телеологијата на *Топика*, според Аристотел, се состои во тоа да се испитаат сите елементи кои ќе нѐ направат вешти во расудувањето кое поаѓа од ἔνδοξα и познавајќи ги основните елементи и техники на расудувањето ќе ни овозможат да не си наштетиме себеси кога се соочуваме со аргумент. Главната линија на истражувањето се состои во оспособувањето со вештината на расудувањето преку утврдување на основните составни делови на аргументот: пропозиција и проблем; тоталитетот на елементите од кои се формирани составните делови; имено, сите пропозиции и проблеми се формирани од еден од следниве елементи: дефиниција, род, својство или акциденција. Аргументите произлегуваат од еден од четирите наведени елементи, се изведувааат преку овие елементи и секогаш се однесуваат кон еден од елементите (дефиницијата, родот, својството или акциденцијата). Аристотел тврди дека оваа листа на четири основни елементи во аргументирањето е целосна, односно дека основните елементи од кои се формираат аргументите се четири – може да се докаже индуктивно и презентира резултати дека сите пропозиции или проблеми се продуцирани од нив. Комплементарно на индукцијата, четирите основни елементи за аргументите се докажуваат и дедуктивно од пропозицијата дека секој предикат нужно или е конвертибилен со субјектот или не е. Во првиот случај, ако е конвертибилен, тогаш е или дефиниција или својство: ако ја означува суштината е дефиниција, ако е конвертибилен, а не ја означува суштината е својство. Во вториот случај, ако предикатот не е конвертибилен, тогаш или е или не е еден од деловите на дефиницијата. Во продолжение, ако е дел од дефиницијата, тогаш е или род или разлика, а доколку не е тогаш е акциденција, затоа што за акциденцијата се вели дека е предикат на субјектот, но не е ниту дефиниција, ниту род ниту својство. Вака претставената елаборација на расудувањето (што ни помага во извлекувањето заклучоци од ἔνδοξα преку концептите на пропозиција и проблем), вклучително со четирите елементи од кои, преку кои и кон кои се однесуваат пропозицијата и проблемот, односно се изведува расудувањето/аргументацијата, ни дава одговор на првиот дел од телеологијата на расправата. Вториот дел се комплетира со постапките за ефективно расудување, кои се неопходни за дебатирање, а кои ако не ги познаваме, може да го попречиме процесот на расудување и да си наштетиме. Тие постапки се следните: потврда за пропозицијата (обезбедување, утврдување дека станува збор за одредена пропозиција, а не за која било друга); разликување на повеќе значења на пропозицијата (исказот), односно сите употреби

на дадениот исказ; идентификување разлики на нештата во ист род; и четвртата постапка е детерминирање на сличноста.

Според авторот на *Топика,* оваа расправа не е расправа за дијалектиката, туку расправа за дијалектичкото расудување. Целта е да најде насока на истражување според која ќе можеме да изведуваме заклучоци поаѓајќи од ἔνδοξα за секој проблем поставен пред нас, а исто така, кога треба да одговараме на аргумент, нашиот одговор да не биде опструкција против нас. Во воведот констатираме објаснување или дефиниција на расудувањето кое за почетна премиса има ἔνδοξα. Погрешна е тезата дека овој текст се однесува на διαλεκτική, и овде можеме да констатираме дека петте грешки во интерпретација на авторите од антиката, од страна на Робинсон (види цитираното дело, стр. 16), не се доволни за да го покријат проблемот што го воочуваме тука; имено, авторот недвосмислено зборува дека расправата се однесува на дијалектичкото расудување, интерпретаторите говорат дека станува збор за расправа за дијалектиката. Причините, како основа за критичката дистинкција, ги лоцираме во деловите од текстовите кои директно се однесуваат на проблематиката на διαλεκτική, конкретно на заклучокот на Аристотел дека дијалектиката ги проучува сите видови на силогизми, вклучително и дијалектичкото расудување. Овој вид на расудување е предмет на истражување на дијалектиката. Уште повеќе што крајната цел на дијалектиката се првите принципи на сите видови на истражување, односно таа има алетолошка цел, да ја открие вистината преку познавањето на првите принципи или причини за одредено нешто. Дијалектичкото расудување е гранка на дијалектиката, како што Аристотел посочува во *Реторика* дека предмет на дијалектиката е силогизмот, конкретно или на дијалектиката земена како целина, или на една од гранките на дијалектиката.

Аристотел започнува со разликување на четири вида расудување дефинирано како аргумент во којшто се поставени одредени нешта и каде што нешто друго различно од поставените нешта нужно произлегува преку нив. По дефиницијата на расудувањето, следува поделбата на четирите вида на расудување: демонстрација, дијалектичко расудување, еристичко (contentious) расудување и погрешно (mis-reasoning) расудување. Во продолжение објаснува што претставува расудување и дека во суштина постојат два основни вида расудување, демонстративно и дијалектичко. Ако расудувањето започнува од вистинити и примарни искази, станува збор за демонстративно, а доколку станува збор за

почетни искази што се општоприфатени мислења или ἔνδοξα, во тој случај, расудувањето е дијалектичко. Првиот вид на расудување, демонстративното, има за основа премиси кои се вистинити и примарни, односно изведува заклучок различен од премисите кои се вистинити и примарни и преку нив, имајќи ги за основа на расудувањето. Расудувањето е дијалектичко ако премисите од кои го изведува заклучокот се ἔνδοξα, мислења кои имаат голем степен на прифатеност во општеството. Покрај двата суштински вида на расудување, во *Топика* Аристотел наведува уште два вида расудување кои се привидно демонстративни и дијалектички. Станува збор за еристичкото, или расудување кое предизвикува спорови, во кое првите премиси наликуваат дека се ἔνδοξα, но реално не се општоприфатени мислења. Постојат и случаи на погрешно расудување кои се јавуваат кога се расудува од премиси што им припаѓаат на поединечните науки, премиси кои не се ниту примарни/вистинити, а ниту се ἔνδοξα, односно не се ниту демонстративни ниту дијалектички.

### 2.3.1. Основни поими на расудувањето, како прва систематска теорија на аргументацијата.

На почетокот, предмет на анализа се основните елементи на расправата кои добиваат динамика преку трите поставени прашања: околу колку видови (класи на нешта) орбитираат аргументите (кои категории се предмет на аргументација), од кои материјали започнуваат и како да ги користиме за расудувањето да биде ефективно: 1. од кои видови нешта се формираат аргументите; 2. од кои материјали почнуваат, и 3. како да дојдеме до нив.

Συλλογισμός, аргументите или расудувањето започнува со пропозиции, а се однесува на одреден проблем. Пропозициите и проблемите се еднакви по број. Секоја пропозиција може да се формулира во проблем со промена на фразата, односно ако се смени фразата ќе стане проблем. Имено, пропозицијата: „Животно што оди на две нозе е дефиниција за човек, не?“, може да стане проблем ако се промени: дали животно што оди на две нозе е дефиниција на човек или не е (Е или НЕ Е)? Материјалите со кои започнува συλλογισμός се пропозицијата и проблемот, коишто се формираат од четири предикати: вид, својство, дефиниција и акциденција. Овие четири елементи се извор на сите материјали со кои започнува аргументацијата. Аристотел истакнува дека ако се направи истражување на сите пропозиции и проблеми, ќе се констатира дека тие се формирани од дефиницијата, родот, својството или акциденцијата. Оваа теза се потврдува и дедуктивно, секој предикат на

определен субјект нужно е или не е конвертибилен со субјектот. Во првиот случај, конвертибилноста покажува дека се работи за дефиниција или својство, односно ако ја изразува суштината ќе биде дефиниција, ако е конвертибилен а не станува збор за суштина е својство. Од друга страна, ако предикатот не е конвертибилен, во тој случај ќе биде еден од термините содржани во дефиницијата, односно род или разлика. Ако не е еден од термините на дефиницијата, ќе биде акциденција. Основните четири елементи од кои се составени пропозициите и проблемите, изведени индуктивно и дедуктивно, одговараат на прашањата околу кои видови на нешта орбитираат аргументите и колку се на број. Интелектуалната демаркација на четирите елементи во аргументацијата е следнава: дефиницијата е реченица која ја претставува суштината на нештото; својството е предикат што не ја отсликува суштината, но сепак единствено припаѓа на нештото; родот е предикат во категоријата на суштината што се однесува на нештата кои имаат разлики во родот. Поимот на суштината е центрипетален во објаснувањето на дефиницијата, својството и родот, оттука Аристотел појаснува кои предикати може да се третираат во категоријата на суштината, сите кои се содржани во одговорот на прашањето: Што е објектот пред тебе?, односно: Што е X? Конечно, предикат што не е во допир со суштината на ниеден начин е акциденцијата која е предикат на субјектот, но не е ниту дефиниција или својство, ниту е род. По елементарната анализа на материјалите на аргументите преку пропозицијата и проблемот, прва врска кон предметот на дефиниција е поимот на истоветност, идентитетот што го разликуваме на три начини – по род, по вид и по број: имено, идентитет, истоветност (sameness) по број означува повеќе од едно име, но едно нешто; по вид (специфично) (пр. човек со човек) – повеќе од едно нешто без разлика во видот; по род (генерички) – нештата кои се во истиот род.

Предмет на анализа на *Топика* е дијалектичкото расудување, следствено недвосмислено треба да се прави разлика помеѓу видовите на пропозиции и да се дефинираат дијалектичката пропозиција и дијалектичкиот проблем. Прашањето кое се однесува, односно е насочено кон општоприфатена теза од сите луѓе, мноштвото, или од филозофите (од сите, мноштвото или од најистакнатите), при што не станува збор за теза која е контрарна на општото мислење, се нарекува дијалектичка пропозиција. Овој вид на прашување ги вклучува и следните тези: стојалиштата кои се слични на општоприфатени тези, како и оние кои противречат на тезите кои се контрарни на она што е земено како

општо мислење, конечно тезите кои се во согласност со умешностите што се дел од општественото живеење. Дијалектички проблем претставува предмет на истражување чие решение ни помага на два начина: да донесеме избор за нешто или да не го прифатиме тоа нешто; или ни помага да дојдеме до вистината, односно да стекнеме знаење за проблемот на истражувањето, и тоа или по себе, или како помош при решавањето некој друг проблем. Некои од дијалектичките проблеми ни помагаат да избереме/одбиеме, како што, е на пример, проблемот дали треба да се избере задоволството или не, додека други се корисни низ призмата на знаењето/вистината, како што е проблемот дали универзумот е вечен или не. Проблемот вклучува и прашања каде што постои конфликт на расудувањето in utramque partem (нештото е или не е, при што аргументите на двете страни поседуваат речиси еднаков интензитет на уверливост), исто така се вклучени и проблемите кои ги надминуваат нашите граници на познание, за кои немаме претходно расудување, каде што е многу тешко да ги дадеме нашите аргументи. Во доменот на истражувањето на дијалектичкиот проблем, Аристотел ги инкорпорира и следните поими: поим на теза која ја определува како изведена претпоставка на некој од еминентните филозофи што е во конфликт со општото мислење, како и поимот на изведена теорија која е контрарна на вообичаените општоприфатени мислења. Како примери за тези, Аристотел ги наведува тезите на Антистен, Хераклит и Мелис, дека контрадикцијата не постои, дека сите нешта се во движење и дека битието е едно. Тезата претставува проблем, покрај тоа што проблемот не е секогаш теза, како што е погоре објаснето, затоа што мислењето на мнозинството луѓе (општото мислење) е во спротивност на тезата на филозофот, или една од групите (мнозинството или филозофите) е во конфликт во рамките на самата група затоа што тезата е претпоставка во конфликт со општото мислење. Во суштина, Аристотел потенцира дека практиката покажува дека сите дијалектички проблеми се нарекуваат тези. Највисокиот степен на дијалектичка прецизност и тоталитет се манифестира и во разграничувањето кое определува кои проблеми не се предмет на расправа; имено, не сите проблеми треба да се испитуваат. Телеологијата на дијалектичкиот проблем е изборот/одбивањето или вистината/знаењето, но не се дел од овој вид на проблеми оние во поглед на кои постои сомнеж од страна на личност со која не може да се аргументира поради одреден недостаток. Исто така, предметот не треба да биде таков што неговото докажување е или преедноставно, или премногу далечно и сложено. Во

првиот случај, тој не отвора никаква тешкотија, а во другиот инволвира поголеми тешкотии отколку оние што може да ги обезбеди вежбањето во дијалектиката.

Дијалектичкиот аргумент (συλλογισμός) има два вида; имено, покрај дедуктивното расудување, се манифестира и во вториот свој вид, индукцијата, односно интелектуалната динамика од индивидуалното до општото. На пример, како што искусниот возач е поефикасен, на сличен начин е поефикасен искусниот коњаник, конечно секој којшто има повеќе искуство е подобар во извршување на одредена задача, наспроти оној што има помалку искуство. Во однос на мнозинството, ἐπαγωγή (индукцијата) има поголема убедливост и јасност поради тоа што е полесно разбирлива и се потврдува со користење на сетилата. Првиот вид на дијалектичкото расудување – дедуктивното е оптимален кога се употребува со соговорници кои имаат нескриена тенденција на противречење.

Почетокот на дијалектичкиот аргумент е формирањето на пропозицијата, со други зборови, изборот или потврдувањето на пропозицијата. Дијалектичката пропозиција се определува преку поимот на ἔνδοξα, а во овој поим Аристотел разликува: 1. ἔνδοξα (ставови, искази) прифатени од сите луѓе; 2. ἔνδοξα прифатени од најистакнатите луѓе или филозофите; 3. мислење спротивно на ἔνδοξα; 4. ἔνδοξα кои се во согласност со вештините; 5. контрадикции на мислења спротивни на ἔνδοξα; 6. мислења слични на општоприфатените. Сите искази што се чинат дека се вистинити во сите случаи треба да се земат како принципи или како прифатени позиции, кои, генерално, кога станува збор за пропозициите и проблемите, можат да се класифицираат во три класи: етички, природни (физички) и логички. Финалната определба на техниката на формирање на пропозиција е во степенот на општост; имено, пропозицијата треба да биде земена во својата универзална форма.

Втора техника за ефективност на расудувањето е испитување на разликите на термините или исказите и констатирање на истите разлики. Аристотел упатува на следните правила кои треба да ги земеме предвид: 1. Разликите да се констатираат не само кај термините кои имаат различни значења, туку мора да ги третираме и нивните дефиниции; 2. Прво да погледнеме во спротивниот термин на оној кој е предмет на проучување, ако има повеќе значења; 3. Во некои случаи нема разлика во термините, но очигледна е разликата во родот; 4. Да погледнеме дали терминот/исказот има спротивност; 5. Да истражиме дали има средина меѓу спротивностите; 6. Кај контрадикторните спротивности, да видиме ако

спротивниот термин/исказ има повеќе од едно значење; 7. Да ги испитаме термините што означуваат отсуство или присуство на одредена состојба; 8. Да обрнеме внимание на менувањето на формата на изведените термини; 9. Да ги погледнеме видовите предикати што ги означува терминот; 10. Да ги видиме видовите на нештата кои се означени со исто име, а не потпаѓаат еден под друг, каде што не станува збор за подвид; 11. Да видиме дали се видовите различни не само ако не потпаѓаат еден под друг како подвидови, туку и во однос на спротивноста; 12. Да ја разгледаме дефиницијата на сложен комбиниран исказ (ако се апстрахираат елементите, треба да остане истиот исказ); 13. Подробно да се испитаат дефинициите, затоа што повеќезначноста во нив некогаш останува незабележана; 14. Да видиме дали термините можат да се споредат во поглед на „повеќе“ или „помалку“ на истиот начин, ако не денотираат ист степен или разлика, тогаш се различни; 15. Ако видовите се различни без да се подредени еден на друг (подвидови) да видиме дали значењата под исто име се разлики (differentiae) на видови кои не се субалтерни; 16. Да видиме дали значењата што потпаѓаат под ист термин имаат разлики (differentiae); 17. Да видиме дали едниот термин означува вид, а другиот разлика.

Испитувањето на разликите во нештата е трета техника се употребува да се открие што е X, што нештото е, затоа што обично го одвојуваме исказот што е соодветен за суштината на секое посебно нешто преку соодветните разлики. Оваа техника е од особено значење кога треба да се испитуваат разликите внатре во самиот род. Кога видовите се оддалечени, разликите се очигледни.

Испитување на сличностите се употребува најмногу кај нештата кои се во различен род, каде што разликата е доминантна; сличност првин се бара во нештата кои се од различни родови преку формулата А:Б=Ц:Д – како што А е во Б така и Ц е во Д (како што знаењето стои кон објектот на знаење така и сензацијата стои кон објектот на сензација). Треба да се бараат идентични атрибути. За нештата од ист вид важи тоа дека ако имаат идентични атрибути, тие се послични.

## 2.4. Општи места, τόποι – прва теорија на аргументациските шеми

### 2.4.1. Општи места за грешките во дијалектичките проблеми

Видовме дека проблемите и пропозициите се менуваат едни во други со промена на изразот, односно преку динамиката на пропозициите се решава, односно се одговара на проблемот што има дисјунктивен карактер. Проблемите се делат на универзални (општи) и партикуларни (поединечни). Дијалектичкиот проблем е дефиниран како предмет на испитување што помага да се избере или да се отфрли одредена можност, односно да се направи избор или да се открие вистината и знаење, да се разликува прецизно. Логичките грешки што се сретнуваат во проблемите се од два вида: 1. Погрешен исказ: во којшто атрибут што реално не му припаѓа на определен субјект се тврди дека му припаѓа, и 2. Погрешно именување: при кое не се почитува веќе етаблираната терминологија за предметот на испитување.

Аристотел наведува 36 општи места поврзани со грешките во проблемите. Τόποι кои се однесуваат на припишување на погрешен атрибут, што го прави исказот да биде погрешен, формулирани како насоки за избегнување на грешките, се следните: да се провери ако се зборува како за акциденција за она што всушност е атрибут, а кој припаѓа на друг начин. Оваа грешка најчесто се случува во врска со родот кога за она што е род се именува како акциденција; затоа треба да се испита можноста атрибутот да не припаѓа во сите случаи. Аристотел дава препорака да се испитаат сите случаи кога некој предикат се потврдува или се одрекува, вид по вид, не во бескрајно набројување на поединечностите. Кога атрибутот во сите случаи не припаѓа, препорачува да се дадат дефиниции за акциденцијата и субјектот и да се проверат дефинициите ако нешто погрешно е припишано во двете дефиниции. Да се заменат дефинициите со термините во дефиницијата додека не се дојде до својствен термин, затоа што кога дефиницијата се зема како целина, предметот на испитување не е доволно јасен, а станува многу појасен кога се дефинирани термините во дефинициите.

Во однос на погрешните термини: потребно е да се утврди кои ствари треба да се именуваат како што ги нарекува мнозинството луѓе. Можеме да ги користиме сè додека не се постави прашањето на разликување на видовите. Тогаш мора да користиме само стручни термини; ако терминот се користи во повеќе значења, а разликите не се детектирани, тогаш може да се земе во едно значење, ако не може да се земе во двете. При докажување, треба да покажеме дека атрибутот припаѓа во едно од неговите значења, ако не можеме да докажеме дека припаѓа во двете; при побивање, треба да покажеме дека едно од неговите

значења не припаѓа, доколку не можеме да покажеме дека двете не припаѓаат. Ако различните значења на терминот се очигледни, треба да се назначи колку значења има терминот, особено кога терминот има повеќе различни значења и имаат конкретна разлика, а таа разлика не е лесно да се забележи, на пример, кога се вели дека едно нешто е „за“ нешто друго, но не се знае дали „за“ е во значење на средство или на цел; да се замени недоволно познатиот термин со повеќе познат; да се нападне стојалиштето на противникот преку реинтерпретација на терминот во буквално значење.

Во врска со τόποι поврзани со поимот на контрарност преку којшто се детектира логичката грешка, за да се докаже дека контрарни атрибути припаѓаат на ист субјект, Аристотел препорачува вниманието да се фокусира врз родот. Притоа, посочува дека не е нужно сите атрибути на родот да припаѓаат и на видот. Но сите што припаѓаат на видот припаѓаат и на родот. Според него, контрарните спротивности (она што е контрарно спротивно) се во релација на 6 начини, од кои 4 образуваат парови од спротиставени искази. Имено, секој од контрарните глаголи може да се комбинира со секој од контрарните субјекти. Другите два начина се добиваат кога двата глаголи се комбинираат со еден субјект и еден глагол со двата контрарни субјекта. Понатаму, доколку акциденцијата има контрарна спротивност, Аристотел упатува на тоа да се види дали таа му припаѓа на субјектот на кој му припаѓа самата акциденција, бидејќи е невозможно две контрарни нешта истовремено да му припаѓаат на истото нешто. Во случаите во кои атрибутот му е придаден на субјектот, контрарните спротивности на атрибутот мора да му припаѓаат на субјектот; ако акциденцијата има контрарна спротивност, потребно е да се види дали и на субјектот во кој се наоѓа акциденцијата му се припишува контрарноста, затоа што истото нешто може да прима контрарни спротивности.

Со оглед на фактот што претходно посочи дека има четири вида спротивставеност на исказите, Аристотел упатува на потребата да се види дали аргументите можат да се изведат од контрадикторностите на термините, конвертирајќи го местото на термините и ставајќи негација. На пример, ако од А следува Б, од не-Б ќе следува не-А. Тој препорачува да се провери функционирањето на логичкото следување и во случајот на контрарноста. На пример: ако правдата е знаење, тогаш контрарниот поим на неправдата е незнаење. Аристотел, исто така, посочува дека треба да се провери дали контрарните термини во тезата произлегуваат еден од друг во директен или во обратен, конвертиран редослед.

Понатаму, слично како што се испитуваат контрарностите, потребно е да се испитаат и присуството и отсуство на определени состојби. Сепак, во случајот на отсуството или лишеноста, следувањето во обратен редослед е невозможно, односно следството секогаш нужно мора да биде директно: на пример, визуелните сензации следуваат од гледањето, а отсуството на визуелни сензации е последица на слепило. Други видови на општи места се следните: да се погледне која ствар е услов за субјектот во прашање или од која ствар произлегува тој; потоа да се види на кое време се однесува, минато, сегашно или идно; да се испита кога субјектот мора да има еден од двата предикати и да се има предвид дека некои нешта се појавуваат нужно, некои вообичаено, а некои случајно. Ако се помешаат начините на кои се појавуваат нештата, тогаш претставуваат основа за напад. Ако се погреши контрарноста, исто така дава основа за напад; да се види ако настанува замена на акциденцијата затоа што се појавува под друго име; релативните термини се испитуваат на ист начин како поимите на присуство-отсуство; кога имаме координантни (co-ordinates) и изведени форми (inflected forms): сѐ што важи за еден од координантните членови или изведените форми ќе важи и за сите; да се провери начинот на постоење и распаѓање и она што ги предизвикува, односно доброто го предизвикува постоењето, а лошото – распаѓањето; да се видат нештата што се слични на субјектот и дали слично се однесуваат, затоа што сѐ што се однесува на субјектот ќе се однесува и на сличното; да се изведе аргумент преку поголем и помал степен, каде што Аристотел посочува четири правила за поголем степен; имено, кога имаме поголем степен на предикат да се провери дали е поголем степенот на субјект; ако акциденцијата се зголеми за поголем степен исто како субјектот во тој случај ќе значи дека предикатот припаѓа; ако предикатот припаѓа на два субјекта, ако се потврди дека припаѓа каде е помалку веројатно, тогаш припаѓа и каде е поверојатно и обратно. Ако два предиката припаѓаат на еден субјект, важи истото. Првенствено да се провери дали станува збор за два предиката на два субјекта; атрибутот припаѓа на три начини: ако еден предикат припаѓа на два субјекта на сличен начин, тогаш како едниот, така и другиот; ако два предиката припаѓаат на еден субјект на ист начин исто; и ако два предиката припаѓаат на два субјекта исто. Понатаму, Аристотел истакнува дека кога едно нешто се додава на друго, во случај да го направи другото нешто, на пример, подобро или побело, го поседува карактерот што го внесува, а ако го интензивира карактерот на субјектот, тогаш и самото е од ист карактер, затоа што предикат што го

интензивира карактерот на субјектот припаѓа апсолутно на субјектот. Да се испитаат предикатите дадени на одреден начин, во дадено време и место. Во продолжение Аристотел претставува τόποι од технички карактер: да се провери дали, кога се тврди еден исказ, всушност се тврдат повеќе искази, при што секој исказ има консеквенци. Ако се демолира една од консеквенците, се демолира и оригиналниот исказ. Да се направи пропозиција од проблемот и да се спротивстави негацијата; да се испита и да се утврди дали станува збор за софистички начин на расправање, во којшто противникот се доведува до точка каде што опонентот има мноштво аргументи, односно кога одговарачот порекнува какво било гледиште корисно за напаѓање на тезата, и кога се погодува токму на тоа прашање прашувачот да има многу аргументи. Да се провери дали е привидна нужност; ако нема доволно аргументи за да се нападне тезата, да се погледне во дефинициите реални или појавни, ако една не е доволна, да се изведат повеќе.

### 2.4.2. Општи места за правилата на избор

Дијалектички проблем е предмет на истражување со финален дел што придонесува кон избор или одбивање, вистина и знаење или по себе, или како помош на решавање на некој друг проблем. Една од целите на дијалектичкиот проблем е правилно да се прави избор, да се одговори на прашањето што да се избере, или што е подобро од две или повеќе нешта, особено кога станува збор за нешта кои се блиски и не можеме да видиме некоја предност помеѓу нив кога ги споредуваме. Аристотел ги наведува следните општи места поврзани со изборот: да се избере она што трае повеќе или што е посигурно: она што е законски, или би било избрано од разумен човек, или од експерти во одредена област, или, општо земено, она што повеќето или сите луѓе би го избрале. Стандард во изборот е подобрата наука; подобро е да се избере субјектот пред изведената форма, субјектот е под родот на доброто, а изведената форма не е (на пример во изборот меѓу праведност и праведен човек); она што е посакувано заради самото себе отколку она заради нешто друго (на пример: цел и средство); она што самото е причина за добро за разлика од она што е случајно добро (на пример: доблест и среќа); она што е апсолутно добро за разлика од она што е добро за поединечен човек; да се избере она што е природно за разлика од она што е неприродно; подобро е да се избере атрибутот на подоброто нешто од атрибутот на

полошото; подобро е да се избере она што е инхерентно во подобрите нешта, што претходат или што се со поголема вредност (на пример, здравјето е подобро од силата или убавината зашто е инхерентно во влажното и сувото, во топлото и ладното, всушност во сите примарни конституенти на живото суштество, додека другите се во секундарни конституенти – силата е инхерентна во лигаментите и коските, а убавината во симетријата на екстремитетите); да се бира целта пред средствата (среќата пред умноста, средствата кон крајот на животот се повеќе посакувани отколку другите средства); компетентност повеќе од некомпетентност; од две продуктивни дејства го бираме она чиј финален резултат е подобар; додека помеѓу продуктивно дејство и целта одлучуваме ако пропорционалната сума на вишок на една од друга цел е поголема од онаа на втората цел со продуктивното дејство. На пример, вишокот на среќата како цел над здравјето е поголема од вишокот на здравјето над продуктивните дејства што се причина за здравјето, тогаш продуктивните дејства што се причина за среќата се поголеми од здравјето; треба да се избере она што е поблагородно и повеќе ценето и вреднувано: пријателство пред богатство, правда пред сила. Богатството е средство, а пријателството е цел, иако ништо друго не произлегува од него. Кога две нешта се слични и ниедно од нив не е супериорно во поглед на другото, избираме според консеквенциите. Претходни и последователни, консеквенциите можат да бидат поранешни или подоцнежни во времето (на пример, за човек кој учи, незнаењето е поранешно, знаењето е подоцнежно), а подоцнежните консеквенции се, општо земено, подобри. Понатаму, Аристотел забележува дека избираме поголем број добри нешта од помал; оценуваме, при изборот, во кој период од животот нештото има поголеми последици; го избираме она што е употребливо во сите периоди од животот и во сите, или во најголемиот број ситуации, како и она што ако сите го поседуваат нема да ни треба друго (на пример, ја избираме праведноста пред храброста, бидејќи ако се сите праведни, нема да има потреба од храброст, но ако се сите храбри, сепак ќе има потреба од праведност).

Аристотел продолжува дека во изборот оценуваме според деструкциите, загубите, контрарноста, создавањата и здобивањата; имено, колку повеќе ја избегнуваме деструкцијата и загубата на нешто, како и неговата контрарна спротивност, толку попосакувано е нештото за нас. Обратното важи во случајот на создавањето и стекнувањето: нештата чие стекнување и здобивање се претпочита и самите се претпочитаат во однос на другите нешта. Понатаму, во нашите избори предност има она што е поблиску до доброто,

што повеќе го отсликува доброто – на пример, праведноста повеќе отколку праведниот човек. Исто така, се претпочита она што е повеќе слично на подоброто, отколку на полошото од себе: очигледното добро од помалку очигледното; потешкото добро од полесното; она што не е поврзано со злото; она што е безусловно подобро од друго, и најдобриот член на првото. Понатаму, за подобри се сметаат нештата што нашите пријатели можат да ги делат со нас наспроти оние што не можат; вистинското правење добро отколку правењето добро само навидум; она што е обилно, наспроти она што е само нужно (нужното е повеќе потребно но обилното е подобро); она што не може да се добие од друго од она што и од друго може да се добие. Така, А е повеќе посакувано ако А е посакувано без Б, но не Б без А; на пример, моќта не е посакувана без мудрост, но мудроста е посакувана без моќ. Од две нешта, ако одбиваме едно за да добиеме друго, повеќе посакувано е она за чие добивање го жртвуваме другото; го избираме она чие отсуство помалку нѐ фрустрира. Од две нешта од ист вид, го претпочитаме она што ја поседува доблеста на видот; ако ја поседуваат двете, тогаш го избираме она што ја поседува таа доблест во поголем степен. Го претпочитаме она што прави добро од сè со што ќе стапи во контакт. Ако имаме две нешта што се претпочитаат во однос на нешто друго, тогаш се избира она што се претпочита во поголем степен. Кога се споредува посакувањето на различни нешта, тоа може да се изведе преку она што Аристотел го нарекува „одземање на вишокот“. Имено, ако сакаме да покажеме дека нешто е едноставно повеќе посакувано или не, можеме да го одземеме вишокот од нештото. На пример, ако она што е поскапоцено е повеќе посакувано тогаш можеме да заклучиме дека она што е скапоцено е пожелно. Сепак, Аристотел потенцира дека споменатите општи правила кои се однесуваат на компаративните степени на пожелноста на нештата треба да се земат ориентационо, односно во најопшта смисла.

### 2.4.3 Τόποι што се однесуваат на елементите на дијалектичката пропозиција и проблем: родот, својството и дефиницијата

#### 2.4.3.1 Општи места за родот

Родот и својството се предикати во категоријата на супстанција и се основни елементи кои се однесуваат на дефиницијата. За родот, Аристотел ги наведува следните

општи места: кога видот потпаѓа под два рода, да се води сметка за тоа дека едниот треба да биде опфатен од другиот или двата да потпаѓаат под друг ист род; кога станува збор за вертикална хиерархија на родовите, да се погледне во родот на родот во континуитет до највисокиот и да се види дали сите се предикати на видот кој спаѓа во тој род; имено, сите повисоки родови мора да се предицираат за видот во категоријата на супстанцијата. Ако поставуваме теза, треба да се погледне дали највисокиот род е предикат на видот во категоријата на супстанцијата, затоа што во случај да е, тогаш и пониските родови се исто така; да се провери во нештата каде што видот е предициран како род, и да се погледне во родот на нештата за кои е предициран видот како род, дали е предикат во категоријата на супстанција; исто така, да се испита во дефинициите на родот дали се применуваат на видот и на предметите што учествуваат во видот.

Диференцијата (разликата) никогаш не означува суштина, туку квалитет, и има еднаква или поширока денотација од видот. Оттаму, Аристотел препорачува при дискусијата да се види дали опонентот прави грешка така што ја припишува разликата на родот, затоа што разликата не учествува во родот, туку видот и индивидуата учествуваат во родот. Следствено, треба да се провери дали родот погрешно е ставен во видот и разликата во видот; ако ниедна разлика што му припаѓа на родот не му припаѓа и на видот, тогаш тој род не може да биде предициран за дадениот вид. Родот има поширока денотација од разликата, и не учествува во разликата; родот никогаш не е отсутен од објектот, односно секогаш е присутен во објектот; оттаму, она што е ставено во определен род не може да учествува во ништо што е контрарно на тој род. Понатаму, Аристотел препорачува да се провери дали видовите поседуваат карактер што родот не би можел да го има. Родот и видот претставуваат синоними, а не хомоними. Родот секогаш се предицира во буквална смисла, никогаш во метафорична. Контрарностите се во истиот род ако родот нема контрарност; да се види дали родот има среден член – тогаш имаат и видовите; ако имаат видовите, тогаш има и родот. Средните членови мора да бидат во слична релација (на родовите и видовите) – или се негација или се субјект. Ако браниме теза, тогаш треба да видиме дали контрарното на видот го има и во родот за којшто станува збор, имајќи го предвид случајот во којшто во родот нема контрарност; понатаму, треба да се види дали средниот член во видот, го има во родот, ако го има ќе го има и во крајните членови (екстремите); ако родот има контрарност,

треба да се види дали контрарниот вид ќе го има во контрарниот род; имено, ако го има, јасно е дека видот за кој станува збор исто така ќе биде присутен во дадениот род.

Освен тоа, потребно е да се погледне во аналогната релација на нештата: на пример, пријатното стои во истата релација кон задоволството како и корисното кон доброто: едното го продуцира другото. На пример, ако задоволството е добро, тогаш пријатното е корисно. Ако спротивноста е лишеност, ова може да го искористиме за побивање: за ова е потребно да се види дали спротивноста ја има во родот. Ако станува збор за случај кога лишеноста е спротивна и на видот и на родот, но спротивноста на видот ја нема во спротивноста на родот, тогаш ниту видот што е предмет на прашањето не може да го има во родот што е предмет на прашањето. Ако спротивниот вид го има во спротивниот род, тогаш видот што е предмет на прашањето го има и во родот што е предмет на прашањето.

Понатаму, кога станува збор за спротивставеноста кај родот и видот, потребно е да се погледне во негацијата и да се конвертира редот на термините: на пример: ако пријатното е вид на добро, тогаш она што не е добро не е и пријатно; ако видот е релативен термин, да се види тогаш дали и родот е релативен термин (на пример: двојно и повеќекратно). Во случај ако родот е релативен, не мора да значи дека ова ќе се однесува и на видот (на пример: знаење – релативен термин и граматика, која не е релативен термин). Исто така, треба да се види дали видот е употребен во иста релација по себе и во поглед на родот (на пример: ако двојно се употребува во значење дупло од половина, тогаш и повеќекратно треба да се употреби во значење повеќекратно од половина). Освен тоа, треба да се погледне дали видот е употребен во иста релација со родот и со сите родови на родот. Понатаму, треба да се испита дали родот и видот се користат на ист начин во изведените форми – на пример, датив и генитив. Да се види дали термините користени во слични релации не допуштаат слична конструкција кога се конвертирани; да се погледне дали релативните примени на видот и родот се однесуваат на ист број на нешта. Од ова има исклучок; имено, постои двојно од нешто, вишок од или на нешто. Понатаму, треба да се види дали спротивноста на  родот е род на спротивноста на видот, бидејќи спротивното на еден вид мора да биде вид на спротивниот род. Што се однесува на релативните термини, тие се: а) нужни, во смисла на тоа дека нужно се наоѓаат во нештата во врска со кои се употребуваат; б) не се нужно поврзани, но можно е да бидат поврзани со нештата во релација со кои се употребуваат во определено време, и в) не е можна релацијата во која се наоѓаат во некоја

поединечна употреба. Аристотел укажува и дека треба да се погледне дали нашиот опонент погрешно става одредена состојба во родот на активност или обратно (така, на пример, меморијата не е состојба, туку активност); дали погрешно ги става во ист ранг состојбата и капацитетот (на пример: темпераментот и контрола на гневот, или храброста и праведноста со контролата на страв и добивка, имено термините *храбар* и *воздржан* се употребуваат на човек кој е имун на страста, додека *човек што има самоконтрола* се употребува за човек кој е изложен на страста, но не е поведен од страста). Погрешно е да се смета за род она што е само присутно во определен вид (на пример: да се говори за болката како род на гнев или за концептот како род на верувањето, зашто двете, во извесна смисла, се среќаваат во соодветниот вид, но не се негов род, затоа што болката се појавува порано од гневот и е причина на гневот, така што гневот не е болка; исто така, можеме да имаме концепт за нешто, а да не сме убедени во него).

Таму каде што го има видот, го има и родот (на пример: каде што има бело, таму има и боја). Ова правило се користи и за акциденцијата; имено, акциденцијата и она на што е акциденција се во исто нешто, а доколку не се во исто, тогаш, очигледно, во тој случај не станува збор за акциденција. Исто така, важно е да се провери дали видот учествува во родот само во одреден аспект, а не целосно. Понекогаш се случува грешка да се стави целината во делот без да се забележи таквиот чин. Исто така, треба да внимаваме на можноста нашиот опонент да го ставил во класата на капацитет или способност она што заслужува прекор или забелешка, или она што треба да се избегнува. Капацитетот не може да биде род на ништо што заслужува прекор. Исто така, треба да се види дали она што е скапоцено или посакувано поради себе е ставено во класата на капацитет или способност (имајќи предвид дека капацитетот, способноста е секогаш поради нешто друго, не поради себе); да се види дали се става нешто во повеќе родови или повеќе нешта во еден род; да се земе предвид случајот кога понекогаш родот се припишува како разлика или разликата се става како род. Честопати се греши и кога афекцијата е ставена во она што е афектирано; и кога афекцијата е придадена како род на објектот што е афектиран. Родот мора да е вистинит за сите видови; треба да се погледне дали терминот за родот не воопшто е род на ништо; да се испита дали се именува род или разлика на нешто што оди со сè (што има универзален карактер, како што се поимот на битие и поимот на единство кои одат со сè); да се погледне дали описот инхерентно е користен како родот во релација со видовите;

особено да се внимава ако двата поими, видот и родот, имаат контрарност и ако се става подоброто од контрарностите во полошиот род. Правило е дека ако видовите се подобри, тогаш родот е подобар. Судот, расудувањето, може да се употребува според категориите на поголем и помал степен. Ова може да се користи за побивање ако родот може да прими градација, степенување, а видовите или другите суптермини не примаат степенување; да се види ако она што е повисоко од родот, не е род, тогаш ни родот не е род. Ова правило е корисно кога има повеќе предикати во категоријата на супстанција. Во процесот на докажување правилото на градација не важи (градацијата се однесува на споредба помеѓу родовите, видовите според методот на сличност); кога треба да докажуваме, да се види дали родот е предициран во категоријата на супстанција, ако има повеќе видови, тогаш сигурно е род.

Во поглед на разликата, бидејќи некои сметаат дека разликата е предикат на различните видови во категоријата на супстанцијата, треба да се разликува родот од разликата според овие принципи: 1. Родот има поширока денотација, односно поширок домен на предикација од диференцијата: 2. Предицирајќи ја суштината, посоодветно е да се наведе родот отколку разликата: 3. Разликата секогаш означува квалитет на родот, а не обратно. Ако докажуваме постоење на нешто треба да се испита родот. Најпосле, Аристотел забележува дека навистина е тешко е да се разликува она што секогаш го следи нештото, а не е конвертибилно со него, од неговиот род – односно, ако А секогаш го придружува Б, но не и обратно. Во тој случај, Аристотел препорачува да се следи принципот дека она што секогаш го придружува нештото е неговиот род, секогаш кога другото не е конвертибилно со него; но кога некој друг го формулира тој исказ, не треба да се прифаќа во секој случај.

### 2.4.3.2. Општи места за својството

Τόποι за следниот основен елемент на дијалектичката пропозиција и проблем, имено, за својството (атрибут) се следните: причината за одредување на својство е објектот да стане поразбирлив; вообичаено е да се дава како својство предикат што секогаш го следи субјектот; секое сетилно својство земено надвор од сферата на сетилното станува несигурно; многу е важно да се истакне дека својството не ја покажува суштината; својството е предикат што е конвертибилен со субјектот без да ја означува суштината; кај

својствата, исто како и кај дефинициите, првиот термин треба да биде родот, а останатото треба да следи веднаш потоа и треба да се разликува субјектот од другите нешта; одреден атрибут, својство што му припаѓа на субјект како акциденција, исто така ќе ѝ припаѓа на акциденцијата земена заедно со субјектот; атрибут што припаѓа на состојбата ќе припаѓа исто и на она што е наречено по таа состојба, и она што припаѓа на она што е наречено по состојбата исто така ќе припаѓа на состојбата; ако зборот е специфично даден, тогаш нештата се од ист вид; да се види каде е дескрипцијата на субјектот поточна, оттаму треба да биде и името. Во оваа насока, исто нешто не може да биде својство на повеќе од еден субјект; нештото во себе секогаш ја покажува својата суштина, а она што ја покажува суштината не е својство, туку дефиниција. Аристотел ги разликува следните видови својства: суштинско и перманентно и релативно и временско. Одредувањето на релативен атрибут води кон два или четири проблеми. Два проблеми се јавуваат во случајот кога соговорникот го припишува атрибутот на едно нешто, а го одрекува за друго. Четири проблеми се јавуваат кога тој припишува еден од двата атрибути на секое од две нешта, а го одрекува за другото. Суштинско својство е она што му е припишано на нешто во споредба со сè друго и го разликува именуваното нешто од сè друго. Релативно својство го одвојува субјектот не од сè друго, туку од некое поединечно дефинитивно нешто. Перманентно својство е вистинско во секое време, додека временското својство е вистинско во само во одредено време. Важно е да се истакне дека релативно својство може да се најде во универзална форма на експресија како генерално за повеќето случаи. На пример, за генерално својство се смета она што го поседува способноста за расудување – имено својството на командување, во споредба со желбената и волевата способност, кои го поседуваат својството на служење на разумската способност. Аргументите најмногу се однесуваат на својствата со најголем степен на контроверзност, односно со највисока потенцијалност за предизвикување расправа, како што се: суштинското својство во релација со многу нешта, перманентното во релација со многу временски периоди и релативното, кое повторно може да развие два или четири проблеми. Релативното својство се испитува на истиот начин како општите места за акциденцијата, за да се види дали припаѓа или не на нештото. Во продолжение, Аристотел ги истакнува следните општи места поврзани со прашањето дали својството е правилно одредено за суштинските и перманентните одредници. Овде прецизно ги разграничува двете насоки на користење на општите места за

побивање и за докажување. Во однос на прашањето дали е својството правилно припишано, еден од критериумите е дали термините кои го изразуваат својството се поразбирливи, односно повеќе познати. Овој критериум се користи за побивање ако термините се помалку разбирливи, а за докажување ако се повеќе разбирливи. Ако е својството помалку разбирливо, тогаш не е правилно дадено. За побивање го користиме ако не е правилно дадено. Треба да се види дали термините за својство се користени во повеќе од едно значење или дали целиот израз означува повеќе од едно нешто, додека за докажување се користат ако немаат повеќе значења. За побивање е корисен случајот ако опонентот не направи прецизна дистинкција помеѓу повеќето значења. За докажување – треба да се види дали има едно значење. За побивање го користиме случајот ако истиот термин се повторува во својството. Репетицијата се појавува на два начина: ако се повторува еден збор (на пример: огнот е тело кое е најретко од сите тела): или ако се замени зборот со дефиницијата, а за докажување: ако се одбегнува повторувањето на ист термин. Го користиме за побивање случајот кога е ставено универзално својство, а за докажување – ако не е. За побивање – ако е дадено повеќе од едно својство без да се посочи дека се повеќе, а за докажување, ако се одбегнува да се даде повеќе својства. За побивање – ако соговорникот го употреби актуелниот субјект или некој од неговите видови (субјектот е помалку разбирлив), а за докажување ако го избегнува. За побивање – да се види дали термините не го прават субјектот поразбирлив, односно дали станува збор за нешто спротивно на субјектот, или нешто што се појавува во исто време со субјектот или подоцна (спротивното е симултано и помалку разбирливо), а за докажување: ако не се употребени спротивни термини како својство, или оние кои се појавуваат истовремено со субјектот или подоцна, затоа што во тој случај својството е правилно дадено. За побивање да се погледне ако е дадено својство кое не го следи секогаш субјектот, а за докажување: ако е дадено својство, нужно секогаш треба да е својство кое го следи субјектот. За побивање, ако соговорникот припишува својство од сегашно време, а не посочува дека е од сегашно, а за докажување, ако прецизно се посочува времето. За побивање да се види ако соодветноста на својството не е очигледна, освен по сетилен пат, а за докажување да се користи ако не е сетилно докажливо. За побивање да се види дали дефиницијата е дадена како својство, а за докажување да се види дали својството е конвертибилно без да ја означува суштината. За побивање да се види ако

е ставено својство без да го стави субјектот во неговата суштина, а за докажување да се испита ако прво го става субјектот во неговата суштина.

По општите места кои се однесуваат на прашањето дали е својството правилно одредено, во продолжение следуваат општите места кои се во релација со прашањето дали дадениот термин е својство или не во истата форма на паралелно прикажување на двете насоки на аргументацијата, имено во насока за побивање и докажување. За побивање да се истражат сите субјекти на кои им се припишува својството и да се види дали тоа не припаѓа на некој од нив, или ако припаѓа на одреден начин, или ако е дадено својството да биде за сите на начинот на којшто е дадено за субјектот на кого е својството. За докажување да се погледне дали е својството вистинито во секој случај и во специфичниот поглед за којшто станува збор. За побивање да се види ако објаснувањето не припаѓа на она на што се однесува името и обратно. За докажување да се погледне ако името е предицирано на она на што е предицирана дескрипцијата и обратно. За побивање да се испита ако субјектот е поставен како својство на она што е во субјектот, бидејќи тогаш она за што се тврди дека е својство нема да биде својство. За докажување да се види она што е дадено во субјектот како својство на субјектот. За побивање – да се испита дали соговорникот го припишал својството како нешто во што учествува субјектот, бидејќи тогаш она за што се вели дека е својство нема да биде својство. Својството во кое учествува субјектот е конститутивен дел од суштината на субјектот, и својството од тој вид е разлика на некој од видовите. За докажување да се види ако не дава такво својство. За побивање да се констатира дали својството не може да припаѓа симултано на она на што му припаѓа името, туку мора да му припаѓа како нешто поранешно или подоцнежно. За докажување да се утврди дали својството секогаш припаѓа симултано и нужно. За побивање да се погледне дали истото својство не припаѓа на нештата што се исти како субјектот, ако навистина се исти, а не привидно. За докажување да се види ако припаѓа на исти нешта како субјектот. За побивање: да се испита својството на нештата што се од ист вид, а не се секогаш исти. За докажување – да се види дали се секогаш исти. За побивање, покрај постоењето на повеќе значења на истото и различното, задача е да се даде својство кое припаѓа на едно нешто и единствено на тоа нешто. За докажување – да се констатира дека акциденцијата не е сосем различна од акциденцијата земена заедно со субјектот. За побивање да се види ако во намерата на субјектот да му припише својство што природно припаѓа, опонентот го кажува

на начин како да означува дека му припаѓа во секоја ситуација. За докажување да се погледне ако истото е индицирано и во начинот на говор. За побивање да се види дали се прави грешка поради недефинирањето на кои нешта својството е припишано: природно, актуално, специфично и апсолутно. Она што припаѓа на субјектот само поради тоа што е наречено по нешто друго: затоа што нештото е во одредена состојба, што претставува состојба поседувана од друга состојба, поради тоа што учествува во и затоа што нешто друго учествува во субјектот. Ист атрибут може биде својство на терминот што се однесува на субјектот и на елемент од субјектот што е во најголем степен. На пример, истото својство „составено од најретки честички“ се однесува и на оганот како и на светлината во која својството на најретки честички е на највисок степен. За докажување: да се избегнува ваквата објекција. За побивање да се види ако се припишува како својство она што во суштина е самиот субјект, затоа што во тој случај, она што е дадено како својство не е својство. За докажување да се констатира обратната ситуација. За побивање: нештата што се составени од слични делови, да се види ако својството на целината не е на делот. За докажување да се види ако е точно за деловите, тогаш е точно и за целината.

Во однос на поимот на спротивностите и насоките за побивање и докажување, Аристотел ги истакнува следните разлики: ако станува збор за контрарност: за побивање да се види дали контрарниот термин не е својство на контрарниот субјект, а за докажување: ако контрарниот термин е својство на контрарниот субјект. Ако станува збор за релативни спротивности: за побивање да се види дали еден корелатив на терминот не е својство на корелативите на субјектот, за докажување да се погледне ако корелативот на именуваното својство е својство на корелативот на субјектот. Во однос на спротивните поими присуство и отсуство: за побивање да се види дали она што е опишано како состојба (А) не е својство на состојбата (В), бидејќи тогаш ниту она што е опишано како отсуство на состојбата (А) не е својство на отсуството (на В) и обратно, а за докажување да се види ако предикатот е својство. Анализата на позитивните и негативните термини: ако предикатите се земени по себе, тогаш е корисно само за побивање, ако позитивниот термин е својство тогаш негативниот не е, и обратно. Ако предикатите се земени во однос со соодветните субјекти: за побивање да се види ако позитивен термин не е својство на позитивен субјект, тогаш ни негативниот предикат не е својство на негативниот субјект, како и обратно, додека за докажување да се испита ако е својство. Ако станува збор за субјектите земени по себе,

тогаш за побивање да се види дали припишаното својството е својство на позитивен субјект, имено, тогаш истото нешто не е својство на негативниот субјект, како и обратно. Што се однесува на докажувањето, ако терминот не е својство на позитивен субјект, тогаш ќе биде својство на негативен. Во однос на координантните членови на делбата: за побивање да се види дали ниту еден од координантните членовите на делба не е својство на некој од членовите на делбата, додека за докажување да се констатира ако е својство.

За анализа на изведените форми важат следните правила: за побивање да се види дали една изведена форма на својството не е својство на друга изведена форма, а за докажување да се види ако е. Истите правила за спротивностите важат и за изведените форми и спротивните на нив. Околу нештата  кои се во слични релации: за побивање да се констатира дали она својство што е во слична релација не е својство на слично поврзаниот субјект, а за докажување да се види ако е. Кога станува збор за нештата кои се во идентична релација имаме корист само за побивање, односно ако предикатот што е во идентична релација со два субјекта не е својство на еден со кој е во идентична релација; имено, тогаш нема да биде својство ни на другиот. Ако е, тогаш не е својство. Невозможно е да се биде својство на повеќе од еден субјект. За побивање да се погледне дали предикатот квалификуван од глаголот не е својство на субјектот квалификуван од истиот глагол. За докажување да се види дали субјектот квалификуван од глаголот има својство квалификувано од глаголот. Да се разгледа идејата на субјектот: за побивање – ако даденото својство не припаѓа на идејата, а за докажување да се погледне дали својството припаѓа на идејата.

Во однос на прашањето на поголем и помал степен; за побивање: да се види дали поголемиот степен на предикатот не е својство на поголемиот степен на субјектот; ако она што е повеќе А не е својство на повеќе Б, тогаш не е ниту помалку. За докажување: мора да се види дали поголем степен на предикатот е својство на поголем степен на субјектот. Кога се аргументира од проста предикација кон квалификувана предикација: за побивање да се види дали предикатот земен во едноставна смисла не е својство на субјектот земен во едноставна смисла: ако не е својство простата, тогаш ниту квалификуваната предикација нема да биде, ниту во поголем ниту во помал степен, а за докажување да се види ако е. За побивање да се види дали повеќе веројатното својство не е својство на повеќе веројатниот субјект. За докажување да се испита дали помалку веројатното својство е својство на

помалку веројатниот субјект. Корисно само за побивање: да се види дали предикатот не е својство на повеќе веројатното; ако не е, тогаш не е ниту на помалку веројатното. За побивање: да се види дали она што е повеќе веројатно не е воопшто својство. За докажување: дали она што е помалку веројатно е својство. Да се погледне во атрибутите што припаѓаат на сличен начин: за побивање да се види дали одредено својство е својство на основа на сличноста, односно колку што е својство она што е слично на првото. На пример, својството посакување на способноста на посакување е својство толку колку што е својство расудувањето на способноста на расудување. За докажување да се види ако едното од двете слични е својство. За побивање: да се испита дали она што е дотолку повеќе својство на нештото во реалноста не е својство. За докажување: да се види обратното, односно ако даденото својство е својство навистина. Корисно само за побивање да се испита дали е својство она што повеќе припаѓа на одредена класа, ако не е својство, тогаш нема да е својство она што помалку припаѓа. За побивање да се види ако во давањето можни (потенцијални) атрибути се дава својство релативно кон нешто што не постои. За докажување да се констатира дали, при потенцијалното припишување на својството, се дава својство во релација со нешто што постои или нешто што не постои. Аристотел нотира дека објектите исчезнуваат, но дескрипцијата ќе остане да постои. За побивање да се види дали е својството дадено во суперлатив, додека за докажување да се констатира ако не е во суперлатив. Аристотел констатира дека правилата кое се однесуваат на нештата што се во слична релација се разликуваат од правилата што се однесуваат на својствата што припаѓаат на сличен начин, односно што се во слична релација од причина што првите се фундирани врз аналогија помеѓу нештата, а кај вторите основата е компарацијата на фактите дека одредени својства припаѓаат на одредени нешта.

### 2.4.3.3. Општи места за дефиницијата

За дефиницијата Аристотел ги наведува следните општи места: дефиницијата е полесно е да се направи отколку да се направи правилно. Второто е потешко и повеќе грешки се прават и дава основа полесно да се нападне; дефиницијата треба да има највисок можен степен на недвосмисленост, со цел да може да се спознае нештото што се дефинира; дефиницијата се дава за да го направи познат терминот што е предмет на дефиниција. Ги

познаваме нештата преку термини кои се претходни и повеќе познати; за секој реален објект, суштината е една (затоа она што е познато само на поединци, а не апсолутно, би дало повеќе дефиниции наместо една); правилната дефиниција го дефинира нештото преку родот и разликата; правилните дефиниции, исто така, ги покажуваат контрарните спротивности; родот го одвојува објектот од објектите воопшто, а разликата од нештата во самиот род; ако се поништат родот и разликата, се анулираат и видовите. Родот и разликата се повеќе познати од видовите, за да се знаат видовите претходно мора да се знаат родот и разликата. Анализата на дефиницијата се состои од пет дела, кои се поврзани со следните прашања: 1. дали е дефиницијата вистинита за она за што терминот е употребен; 2. дали е објектот ставен во родот, односно во вистинскиот род; 3. дали е дефиницијата акуратна, односно се однесува на  посебноста на предметот на дефинирање; 4. дали трите правила се задржани, а не е објаснета суштината (за 2, 3 и 4 важат правилата за родот и својството); 5. дали е дефинирањето неправилно. Во контекст на прашањето за правилното или неправилното дефинирање, неправилноста се состои во две нешта: 1. користење нејасен говор (термини, јазик); 2. претставување на дефиницијата преку израз што е подолг отколку што е потребно. За првиот дел на опскурност на дефиницијата се важни следните општи места: да се види дали значењето на дефиницијата инволвира двосмисленост со нешто друго; ако терминот се користи во повеќе значења, а тоа не е јасно прецизирано (ако дефиничачот не ја гледа двозначноста на неговите термини); во тој случај, прашувачот може да ги дистингвира значењата и да изведе аргумент против; ако се употребува метафоричен израз (метафората е секогаш нејасна, да се аргументира софистички значи метафората да се зема во буквална смисла); да се види ако е употребен непознат термин. Невообичаениот, непознат термин е секогаш нејасен; во некои случаи изразот не е земен ниту двосмислено, ниту метафорично, ниту во буквална смисла. Ова е полошо од метафората. За вториот елемент на неправилната дефиниција, односно кога дефиницијата е прешироко одвишно е сè што по неговото отстранување, остатокот од изразот го прави јасен терминот што се дефинира. Да се провери дали термините содржани во дефиницијата не припаѓаат на сето она што припаѓа на истиот вид, затоа што овој вид на дефиниција е полош од оној што вклучува предикат којшто припаѓа универзално на сите нешта. Во таков случај, остатокот од дефиницијата ќе биде посебен. Аристотел истакнува дека ако кон посебното се додаде нешто што е вистинито, новата целина со додадената вистина постанува посебна;

да се погледне дали она што е содржано во дефиницијата се аплицира на сè што спаѓа под истиот вид; да се провери дали иста работа се повторува двапати во дефиницијата. Апсурдното е во тоа не кога ист збор се употребува двапати, туку кога едно нешто повеќе од еднаш е предикат на ист субјект; секогаш да се види дали универзалното е споменато, а потоа е додаден посебен случај. На прашањето дали е дефинирана суштината, Аристотел посочува дека е полезно за родот, разликата и сите други термини во дефиницијата да се направат дефиниции за термините во дефиницијата и да се провери дали има некоја разлика. Прво правило е дека дефиницијата мора да се постави преку термини кои се повеќе познати и претходни, од кои родот е секогаш најпознат термин. По однос на овој проблем, Аристотел ги посочува следните општи места: да се види дали дефиницијата не е поставена преку термини кои се претходни и повеќе познати; во таков случај, или термините се апсолутно помалку познати, или нам ни се помалку познати (претходното е повеќе познато од подоцнежното). За да ја покажеме суштинската природа на терминот што го дефинираме, мора термините да бидат повеќе познати и апсолутно и во однос на нас. Дефиницијата е една и иста кога е дефинирана преку она што е апсолутно повеќе познато: она што е повеќе познато само на поединци дава повеќе дефиниции. Сепак, Аристотел ја допушта можноста она што е апсолутно повеќе познато да не е познато на сите, туку на оние во здрава интелектуална состојба, исто како што она што е здраво во апсолутна смисла е здраво за оние што се физички во здрава состојба. Постојат грешки во дефиницијата ако се докажува претходното со подоцнежното, она што е во мирување и определено со она што е неопределено и во движење, бидејќи она што е во мирување и определено му претходи е примарно во однос на она што е неопределено и во движење. Грешките при употребата на термините кои се претходни се следни: а) кога спротивност се дефинира со спротивност; имено, спротивностите се секогаш истовремени (ако суштински се релативни, тогаш дефиницијата ги опфаќа двете); б) ако терминот што се дефинира се употребува во самата дефиниција, што поминува незабележано кога не се користи името на објектот што се дефинира. За да се детектираат овие грешки, треба да се замени името со неговата дефиниција. Исто така, треба да се види дали опонентот дефинирал еден од спротивставените членови на дивизиите (делбите) што си соодветствуваат со друг, бидејќи таквите членови на дивизијата се симултани; исто така, да се види дали е дефиниран

надреден (суперординиран) со подреден (субординиран) термин. Имено, кога се користи субординиран термин, мора да се користи и самиот суперординиран термин.

Во однос на логичката грешка која се јавува кога субјектот на дефиницијата, којшто потпаѓа под определен род, не е ставен во родот, ги идентификуваме следните насоки: оваа грешка е вообичаена кога суштината не стои прва во описот, кога не се кажува што е она кое е носителот на разликата. Родот индицира што е субјектот. Исто така, треба да се види дали терминот се користи во релација со повеќе нешта, а не е дефиниран во релација со сите нешта во релација со кои се користи. Во некои случаи, кои не се во суштинска релација, ова не е задолжително. Кога, пак, постојат повеќе од едно нешто на кои терминот што се дефинира се применува, треба да се види дали е во релација со подоброто, а не со полошото, и да се види дали субјектот е подведен под најблискиот повисок род. Секогаш треба да се потенцира повисокиот род при посочување на субординираниот.

Следниот корпус општи места се однесува на употребата на разликите во дефиницијата. Разликата е предикат на видот и е претставена или во видот или во поединечното. Родот секогаш е поделен преку разликите што се членови на поделбата и не може да се дели преку негација, затоа што негацијата или афирмацијата се универзални, односно можат да се аплицираат на сè. Во некои случаи може да се употреби негација во дефиницијата кога се дефинира отсуство. Исто така треба да се провери дали видот или родот се поставени како разликата што не припаѓа случајно. Да се види дали разликата, или видот, или сè што потпаѓа под видот е предицирано за родот, затоа што тие не може да се предицираат на родот. Да се констатира ако родот е предициран за разликата, затоа што родот може да биде предициран само за објектите за кои разликата е предицирана. Да се испита дали видот е предициран на разликата затоа што разликата е термин со поширок ранг од различните видови, таа е предикат на видот. Иста разлика не може да се употреби за два рода што не се подредени еден на друг.

Во продолжение Аристотел посочува да се види дали е дадено како разлика самото постоење „во нешто“. Местото не прави разлика која се однесува на суштината. Исто така, треба да се испита дали одредена афекција е поставена како разлика. Имено, секоја афекција, ако е интезивирана, ја субверзира суштината на нештото, додека разликата е со тенденција да го сочува она што го разликува, и затоа е невозможно за нештото да постои без својата посебна разлика. Да се види дали дадената диференција на релативен термин не

е релативна кон нешто. Да се испита дали оној што ја дава дефиницијата секој релативен термин го дефинира релативно кон неговата природна цел. Ако станува збор за термин што се применува во повеќе релации, да се констатира ако не е применет во примарната релација. Да се види дали оној што ја дава дефиницијата ја прави следната грешка: нештото чиј термин се дефинира не прима афекција или диспозиција, а терминот е дефиниран како да е негова афекција или диспозиција. Да се погледне во однос на сите временски периоди дали има дискрепанција помеѓу разликата и нештото што се дефинира. Да се испита дали терминот што е дефиниран е употребен врз основа на нешто друго, а не она што е изразено во дадената дефиниција. Субјектот и она што е дадено во дефиницијата, обете, примаат степен, или ниедно. Ако две нешта се пред нас, да се констатира дали терминот кој се дефинира се применува во поголем степен на она на што содржината на дефиницијата се применува во помал степен. Да се види ако е дадена дефиниција релативна на две нешта земени одделно. Ако терминот што се дефинира е релативен, да се види дали е пропуштено да се напомене во однос на што е релативен. Да се испита дали релативниот термин не е даден во однос на својата крајна цел. Да се види дали она со што е припишан терминот во релација претставува процес или активност која не е финална цел, бидејќи комплетирањето на активноста, односно на процесот, претставува крајна цел. Да се погледне дали е пропуштено да се направи разлика помеѓу квантитетот, квалитетот или други разлики како што се место, причина и слично. Во сите случаи кога се дефинираат апетициите, како, на пример, кај желбата, треба да се додаде зборот „навидум“ („привидно“) при квалификувањето на објектот на посакувањето. Доколку станува збор за идеи, тие не можат да бидат привидни, но се апсолутни, и секогаш идеите се употребуваат во однос на други идеи. Ако дефиницијата се однесува за состојбата на нешто да се погледне што е она што е во состојбата, ако се однесува на она што е во состојбата, да се види состојбата. При овие дефиниции се дефинира повеќе од едно нешто (индиректно), како што, на пример, со дефинирање на знаењето, на некој начин се дефинира и незнаењето. Во овие дефиниции треба да сме претпазливи користејќи ги правилата за контрарни спротивности и за координирани термини. Кај релативните термини, треба да се испита дали терминот е припишан како релативен на видот на она на што родот е припишан како релативен. Да се погледне ако спротивноста на терминот ја има спротивната дефиниција. Исто да се направи и со контрарностите. Кога контрарностите означуваат отсуство, отсуството може да се

дефинира преку присуството, но не и обратно. Кај контрарностите, кога се дефинира едната како контрарност на другата, сосема е јасно дека другата е контрарна на првата. Со замена на дефинициите со термините, ќе се види дека во ваквите случаи, при дефинирањето се користи зборот што е предмет на дефиниција. Да се испита дали тој што ја дава дефиницијата при припишувањето термин за отсуство (лишеност) пропуштил да го посочи тоа чие отсуство го означува терминот и да се испита дали при дефинирање недостаток се користи термин што не означува недостаток. Да се погледне дали изведените поими во дефиницијата се применливи на изведените поими на терминот. Да се провери дали е дефиницијата применлива на идејата на терминот што се дефинира. Да се види дали е дадена една заедничка дефиниција на термини кои се употребуваат на двосмислен начин. Правило е дека за оние термини чија дефиниција кореспондира со нивното заедничко име е една, и термините се синоними. Ако се поставува прашање, тие да се третираат како синоними, а при одговарање да се направи разлика. Ако некој го нарекува двосмислено она што е синонимно и обратно, да се обезбеди прелиминарна согласност дека е синонимно, или двосмислено. Да се види дали дефиницијата се однесува на сите термини; ако се однесува на сите, тогаш е синонимна, а доколку не, станува збор за двосмислена дефиниција. Ако дефиницијата е дадена за комплексен термин, да се земе дефиниција за еден од елементите на комплексот и да се провери ако остатокот на дефиницијата го дефинира остатокот од комплексот. Ако терминот што се дефинира е сложен поим и дефиницијата треба да има еднаков број составни елементи (бројот на елементите во терминот да е еднаков со елементите во дефиницијата). Едноставните објекти можат да бидат дефинирани едноставно, со едноставна замена на името, но може да се направи грешка, ако се направи замената со помалку познат термин. Да се провери дали при замената на зборот значењето е различно, и да се види дали, при замената, е заменет родот, но не и разликата. Ако се дефинира разликата, да се провери дали дефиницијата е заедничка за разликата и за нешто друго. Да се види дали термините што се предмет на дефиницијата имаат реално постоење, а она што е во дефиницијата нема такво постоење. Оние што, употребувајќи релативни термини, не го разликуваат на соодветен начин она на што субјектот е релативен, прават грешка која е целосна или делумна. Во одредени случаи, луѓето го дефинираат не самиот субјект, туку субјектот во добра или совршена состојба. Треба да се види дали она што е пожелно по себе е презентирано како она што е пожелно

поради нешто друго (она што продуцира или презервира нешто друго е пожелно поради нешто друго).

Понатаму, Аристотел се задржува врз правилата за конструирање дефиниции што имаат определена форма а) дефиниција од типот А и Б, или б) како продукт на А и Б или в) како А плус Б. А и Б дефиницијата ќе се применува за двете или за ниедно од дефинираните нешта (на пример, ако храброста се дефинира како „умереност и храброст“, некој може да биде воздржан и кукавица, или храбар и невоздржан: во тој случај, двајцата земени заедно ја поседуваат праведноста, но секој земен поединечно не ја поседува; тука важи правилото дека целината не е сума на своите делови: имено, може да ги имаме деловите но не и целината). Ако е продукт на А и Б: да се види ако не може да имаат заеднички продукт, или она што се дефинира секогаш е лоцирано во едно единствено нешто (целината мора да биде во истите нешта каде што се деловите на таа целина, така целината нема да биде во еден субјект, туку во повеќе). Ако се во ист субјект и целината и деловите, да се види дали медиумот не е ист. Да се види дали деловите исчезнуваат со целината: имено, целината исчезнува кога исчезнуваат деловите, но не е нужно кога исчезнува целината да исчезнат и деловите. Да се види дали ако целината е добра, деловите се лоши или обратно. Невозможно е нешто што е неутрално да продуцира нешто што е добро или лошо, или доброто или лошото да продуцираат нешто што е неутрално. Да се види дали целината продуцирана од подобро и полошо не е полоша од подоброто и подобра од полошото. Да се испита дали целината е синонимна со еден од деловите на целината. Да се види дали оној што ја дава дефиницијата не го потенцирал начинот на составувањето или на композицијата, затоа што само набројувањето на деловите не е доволно за да биде се дојде до знаење, односно сè да биде познаено. Ако објектот е дефиниран како А плус Б, тоа значи исто што А и Б или продукт на А и Б. Притоа, според Аристотел, потребно е да се разликуваат различните значења на додаденост – ако егзистираат во идентично нешто способно да ги содржи, на пример, праведноста и храброста во душата, или во исто време или исто место; ако ова не е случај, тогаш нема А плус Б. Ако се во еден од наведените случаи, односно ако е вистина дека А и Б постојат во исто време, тогаш да се види дали се во иста релација: мора да бидат во релација со функцијата на предметот, а не со некој случаен објект.

Доколку дефинираната целина е опишана како состав (композиција) од повеќе нешта, да се провери дали е означен видот на составот. Композицијата за своја контрарност

ја има декомпозицијата. Ако во природата на одредено нешто две контрарности можат еднакво да се појават, нештото мора да се дефинира преку двете, а не само преку едната контрарност.

Аристотел во продолжение укажува дека дури и ако не се познава целината на дефиницијата, и поради тоа таа не може да се побие како целина, сепак може да се побие еден нејзин дел. Ако дефиницијата е нејасна, прво мора да се коригира и да се реформулира за да се побие делот. Одговарачот мора или да го прифати значењето од прашувачот, или јасно да ја објасни својата дефиниција. Во справувањето со дефинициите, еден од главните принципи е да се обидеме самите да го дефинираме објектот што го имаме пред себе или да прифатиме правилно изразена дефиниција. Преку поставен модел е полесно да се разликуваат недостатоците или вишокот елементи на дефиницијата.

Дефиницијата на идентитетот во буквална смисла значи она што е по број едно. Се испитува преку изведенките, и координантните поими, како и преку спротивностите (ако две нешта се исти имаат исти спротивности). Исто така, испитувањето може да се однесува и на дејствителите преку кои се извршува нивното создавање или уништување; кога нештата се исти, исти се и дејствителите преку кои тие настануваат и исчезнуваат. Ако за едното од двете исти нешта се вели дека поседува некој квалитет во суперлатив, да се провери дали тоа важи и за другото нешто. Ако за едното од двете исти нешта се вели дека е исто како нешто трето, и другото треба исто е исто како тоа нешто. Да се провери во однос на нивните акциденции или во однос на она на што се тие акциденции. Да се види дали се во иста категорија на предикати. Да се провери дали имаат ист род и дали се разликуваат. Да се испита ако едното допушта степен, а другото не, и дали едното допушта додаток, а другото не, и дали по одземањето се разликуваат. Да се види дали од исказот дека А и Б се исти непосредно следува некоја невозможна консеквенција, туку и дали е возможно таква консеквенција да следува од некоја претпоставка. Да се погледне во видовите на предикатите, бидејќи сè што е предицирано мора да биде предицирано за двете. Идентитетот е термин што се користи во повеќе значења; да се погледне дали се јавува случај кога нештата се исти во едно, но се разликуваат во друго значење. Да се види дали едното може да постои без другото.

Коментирајќи ги изложените општи места што се однесуваат на идентичноста на две нешта, Аристотел укажува дека сите од нив што се употребуваат при побивањето на

тврдењата за идентитетот исто така може да се применат и на дефиницијата. Ако означеното со терминот не е исто со изразот, тогаш изразот не е дефиниција. Од друга страна, општите места што се користат за докажување на идентитетот не се корисни за дефинирање, затоа што за дефинирање не е доволно само да се докаже идентитет. Секогаш да се користат наједноставни правила кои се достапни (најкорисни правила во најмногу случаи).

Кога не се работи за побивање, туку за конструирање определена дефиниција, Аристотел најнапред констатира дека е возможно да се расудува за дефиницијата. Затоа што, ако дефиницијата е исказ што ја означува суштината на нешто и предикатите содржани во дефиницијата се единствените што се предицирани во категоријата на суштината, (односно родот и разликата се предицирани во категоријата на суштината), во тој случај, ако се допушти дека предикатите се во категоријата на суштината, тогаш признаваме дека и изразот е дефиниција. Дека може да се дојде до дефиниција преку процес на заклучување е очигледно. Треба да се погледне во контрарностите и спротивностите на нештото, испитувајќи ги изразите во целина и во детали. Да се погледне во целината и во деталите: да се види дали е родот правилно даден; да се види дали е разликата правилно дадена. Да се испитаат изведенките и координираните поими, во овие категории родот и дефиницијата нужно кореспондираат во секој случај. На пример, ако заборавеноста е изгубено знаење, да се заборави значи да се изгуби знаењето; или ако деструкцијата е декомпозиција на суштината на нештото, тогаш да се биде уништен значи да се уништи суштината. Да се погледне преку нештата кои стојат во релации кои се слични. Да се испита преку поголеми и помали степени (правилото на степен не е од корист кога една дефиниција се споредува со две нешта, или две дефиниции со едно нешто). Контрарностите се или во ист род, или во контрарен род. Разликата е контрарна кога е предицирана на контрарности.

Покрај најкорисните правила за докажување кога станува збор за дефинирањето, Аристотел наведува и неколку од општите правила на дефинирањето: видот е синонимен со своите индивидуи; полесно е да се побие дефиниција отколку да се докаже; полесно е да се изведе еден заклучок отколку повеќе. Докажувањето мора да биде универзално, дефиницијата мора да предицирана на сè на што терминот е предициран и мора да биде конвертибилна, ако дефиницијата посебно се однесува на субјектот. Полесно се побиваат родот и својството. Правилото за својството е да се даде во сложена фраза (така што истото што важи за дефиницијата важи и за својството). За родот се докажува на еден начин, дека

припаѓа во секој случај, а се побива на два начина: или не припаѓа никогаш, или не припаѓа во одреден случај. Кај акциденциите универзална пропозиција (исказ) е полесно да се побие отколку да се докаже, обратно е со поединечна пропозиција (исказ). Поголема е веројатноста за грешка во поголема отколку во помала група на нешта. Дефиницијата е најтешка за докажување: атрибутите треба да припаѓаат, родот треба да е вистинскиот, формулацијата мора да ја означува суштината, и сето ова мора правилно да биде направено. Својството е најблиску до дефиницијата. Најтешко е да се побие акцидентален предикат. Најлесно е да се докаже акцидентален предикат (доволно е само да се докаже дека припаѓа), за сите други предикати мора да се докаже не само дека припаѓаат, туку дека припаѓаат на одреден и посебен начин.

## 2.5. Правила на прашување и одговарање

Прелиминарниот тренинг на утврдување на интелектуалната рамка на аргументацијата преку идентификација на елементите и категориите на аргументите, вклучително со техниките за ефективно расудување корисни за општите места како детална листа на τόποι, дава одговор на првата задача на *Топика,* односно на тоа како да расудуваме од општоприфатени мислења за каков било проблем поставен пред нас. Втората задача на оваа расправа се занимава со проблемот кога се соочуваме со одреден аргумент како да не си направиме опструкција самите на себе, односно да се запознаеме со правилата на прашување и одговарање. Ова е од особено значење, имајќи предвид дека може да се случи премисите да бидат вистинити и примарни (најизвесни), а одговарачот да не ги прифати како такви, затоа што се многу блиску до главната теза, па може да се предвиди дека заклучоците кои следат нема да одат во прилог на оној што одговара. Решението на проблемот на уредување и поставување на прашањата, Аристотел го презентира во три чекори: 1. да се селектира основа за напад; 2. да се формираат прашањата и да се уредат едно по едно, да се направи редослед, и конечно, 3. да се поставaт прашањата пред другиот. Процесот на селекција на основата за напад е ист и со случајот кога филозофот сам размислува, додека вториот и третиот чекор важат само ако постои соговорник. Аристотел разликува 4 вида премиси наспроти нужните премиси (оние преку кои заклучувањето е конструирано, врз основа на кои настанува заклучокот): 1. премиси кои служат за

индуктивно да ја потврдат универзалната премиса; 2. премиси кои служат да дадат тежина на доказот; 3. премиси кои служат да го прикријат заклучокот (за контроверзни случаи) 4. премиси кои служат да го направат заклучокот појасен. Овие се премисите кои треба да се мултиплицираат и преку кои да се формулираат прашањата.

Нужните премиси мора да се обезбедат преку расудување или индукција, или делумно со расудување делумно со индукција. Треба да се едноставни, не со многу зборови; ако не се успее преку расудување, тогаш се употребува индукција да се формулира пропозиција во поединечен случај. Во процесот на индукција заклучокот не се предвидува лесно, додека пропозициите формулирани во многу зборови полесно се одбиваат. Овие четири видови премиси се применуваат на следните начини: индукцијата треба да се движи од индивидуални случаи кон универзалното, од она што го знаеме кон она што не го знаеме, објектите на сетилно познание се повеќе познати скоро кај сите луѓе; прикривањето на планот за докажување треба да се одвива преку просилогизми (силогизам чиј заклучок служи како премиса за друг силогизам), односно да се обезбедат нужните премиси преку што е можно повеќе просилогизми, или да се обезбедат преку силогизми премиси од кои се докажуваат нужните премиси. Најдобар начин одговарачот да биде на најголема дистанца од оригиналната пропозиција е да не се презентираат доказите, туку да се изведуват еден по еден. Корисно е да не се обезбеди концесија за премисите кои се основа за силогизмите по ред, туку наизменично, за да не биде очигледен заклучокот. Да се обезбеди универзалната премиса во форма на дефиниција, но, не преку термините кои се употребени во дефиницијата, туку преку нивните координирани термини; луѓето се обично залажуваат дека не прават универзално допуштање кога е преку координираните поими. Одговарачот е поподготвен со неговиот приговор на термините на дефиницијата, отколку на координантните термини. Да се формулира пропозицијата како да е за некоја друга цел, генерално прашувачот мора да биде јасен дали обезбедува одобрување на неговата пропозиција или на спротивноста, затоа што кога не се сигурни што бара аргументот, луѓето го зборуваат тоа што го мислат. Да се обезбеди одобрување преку сличност (на пример: како што е ова, така и она). Кога самите на себе си поставуваме приговор, одговарачите го спуштаат гардот пред оние што аргументираат објективно. Во текот на аргументацијата корисно е да е спомне какво е општото мислење по тоа прашање, затоа што луѓето не сакаат да се спротивстават на општото мислење, освен ако немаат позитивни приговори.

Препорачливо е да не се инсистира во текот на аргументацијата, затоа што тоа предизвикува спротивставување. Да се формулира пропозицијата како да е обична илустрација, луѓето полесно прифаќаат пропозиции кои служат за друга цел отколку за себе. Да не се формулира директно пропозицијата која целиме да се прифати, туку она што нужно следи од неа.

Корисно е да се направи инверзија на редоследот на поентите, односно да се постави последна поентата што треба да е прифатена; луѓето обично ги негираат првите прашања, затоа што повеќето луѓе ја ставаат главната поента што сакаат да е допуштена за прва. Од друга страна, злобен човек ги допушта првите поенти, ако резултатот не е очигледен, а во текот на дискусијата го покажува својот деструктивен карактер; затоа, во дискусијата со таквите соговорници пожелно е пропозициите што сакаме да ги докажеме да ги ставиме први. Нешто слично се случува со оние што себеси се сметаат за умни и вешти во одговарањето, односно што ја гледаат насоката на импликациите, прифаќаат премиси, велат да, а потоа велат дека конклузијата не следи од веќе прифатените премиси. Добро е да се прошири аргументот и да се воведат нешта кои не се бараат, затоа што во мноштвото на детали грешката тешко се забележува. Од оваа причина прашувачот избегнува опсервации, затоа што ако ги формулира, нема да се одобрени.

Декорацијата (орнаментот) или стилот во аргументацијата се добива преку индукцијата и преку дистинкција на нештата кои се многу слични едни на други, на пример, дека една наука е подобра од друга, било затоа што е поегзактна, било затоа што се занимава со подобри објекти. Ова дава дополнителен орнамент на аргументот кој не е нужен. За јасноста на аргументите корисни се примерите и компарациите, каде што илустрациите треба да бидат релевантни и изведени од нешта кои ги знаеме. Во дијалектиката силогизмот се употребува против дијалектичар, индукцијата против толпата. Проблем во индукцијата е кога во некои случаи нема општ термин што ги опфаќа сите сличности, па се користи фразата: во сите случаи од овој вид. Процесот на динамика на индукцијата е дека прво мора да се посочи во повеќе случаи дека одредено нешто е, а потоа да се бара во кои случаи не е. Прво мора да се направи индукцијата, па потоа да се бара објекција. Понекогаш луѓето даваат забелешки против универзална пропозиција, но не во однос на нештото, туку на некој хомоним. Мора да се направи разлика, сè додека двосмисленоста останува незабележана забелешката изгледа валидна. Ако приговорот не се однесува на хомонимот, туку на самото нешто, прашувачот треба да ја повлече таа поента, и да го формулира

останатото во универзална пропозиција додека не го обезбеди она што го бара; така може да се аргументира кон оние што приговараат на исказот дека поголемо добро има поголемо зло за спротивност. Ова правило важи не само во случајот кога соговорникот изнесува приговор, туку и кога одбива да го прифати вашиот исказ бидејќи може да види каде ќе оди заклучокот. Посоченото општо место важи и за пропозиции што се делумно погрешни и делумно точни, бидејќи во ваков случај може да се изостави дел и остатокот пак да биде точен. Ако се формулира пропозиција врз основа на многу случаи, и не се добие приговор од соговорникот, тогаш може да се тврди пропозицијата и биде прифатена од негова страна. При демонстрацијата, ако постои можност да се дојде до ист заклучок со или без reductio per impossibile, нема разлика кој метод да се одбере, но кога се аргументира дијалектички со друг, сведувањето на невозможно треба да се избегнува, затоа што освен во ситуација кога грешката е очигледна, луѓето можат да тврдат дека е она што е невозможно всушност е можно и расправата може да се комплицира. Треба да се презентираат сите пропозиции што се точни за повеќе случаи; кога луѓето не гледаат случај каде што нешто не е, тогаш се кооперативни и прифаќаат. При дефиницијата на дијалектичкото прашање, треба да се констатира дека не секое универзално прашање е дијалектичка пропозиција, затоа што дијалектичката пропозиција мора да биде во таква форма што може да се одговори со ‘да’ или со ‘не’. Расудувањето мора да се состои од мал број на премиси, затоа не треба да се прашува една иста работа долго време, повеќепати: тоа значи дека прашувачот прашува многу прашања или исто прашање многупати, а не извлекува заклучок. Ако се случи ова, дискусијата може да биде прекината.

Постојат хипотези кои тешко се изведуваат, а лесно се побиваат. Такви се оние нешта кои стојат први (потребна е дефиниција) и оние кои стојат последни во редот на природата (потребни се многу чекори за да се обезбеди континуиран доказ од првите принципи). Да се докаже нешто е невозможно освен ако не се почне од соодветните први принципи и да се поврзе заклучок по заклучок до она што е предмет на докажување. Дефиницијата на првите принципи се однесува на принципите преку кои другите пропозиции се поставени преку првите принципи, првите принципи не можат да се покажат преку ништо друго, освен преку дефиниција. Заклучоците што се блиску до првите принципи се тешки за напаѓање затоа што има многу малку аргументи против нив.

Општо земено, кога проблемот е тежок за дискусија (кога позицијата е тешка за дискусија) или е таков што треба да се даде дефиниција за него, или има повеќе значења, или е метафоричен, или е преблиску до првите принципи, или допрва треба да откриеме во кој од гореспоменатите насоки лежи тешкотијата. Штом ќе го направиме ова, тогаш треба или да дефинираме, или да направиме разлика, или да обезбедиме посредни премиси преку кои финалниот заклучок е презентиран. Во некои случаи проблемот е кога дефиницијата не правилно дадена. За првите принципи е лесно да се покаже кога има правилна дефиниција, затоа што нема многу аргументи за нив и посредни премиси. Од друга страна, кога е потешко да се дискутира за премисата, отколку за позицијата која следи од неа, се поставува прашањето дали треба да се прифати искажаната поента. Во сериозно истражување треба да имаме повеќе сигурност во премисата отколку во заклучокот, а во дијалектичка вежба може и обратно.

По експозицијата на правилата за поставување на прашања, каде што видовме дека задачата на прашувачот е да развие аргумент и да направи одговарачот да изговори парадокси кои следат од неговата позиција, Аристотел ги презентира правилата на одговарање. Задача на одговарачот е да покаже дека тој не е одговорен за парадоксот, туку неговата позиција. Да се разликува помеѓу: грешката да се постави погрешна почетна позиција, и да не се брани соодветно од кога е поставена. Не постојат правила за оние што аргументираат поради тренинг и испитување: ученикот секогаш го говори тоа што го мисли, а никој не поучува на она што е погрешно. Од друга страна, ако станува збор за натпревар: прашувачот има задача да предизвика ефект на одговарачот, а одговарачот да остане неафектиран. Кога луѓето што дискутираат се состануваат со цел да испитуваат и истражуваат, не постојат претходни правила. Целта на оној што одговара во дискусијата е првенствено да одговара на правилен начин, односно да прифати или да одбие за она што е прашан. Заклучокот кон којшто цели оној што прашува е спротивен на тезата на оној што одговара. Тезата на одговарачот пред да се соочи со прашањата на прашувачот мора да биде или генерално прифатена, или генерално одбиена: и тоа или апсолутно, или со одредена рестрикција (од некој човек, на пример од говорникот). Ако е генерално одбиена, заклучокот на прашувачот треба да е генерално прифатлив, и обратно. Ако тезата не е генерално ниту одбиена ниту прифатена, тогаш и заклучокот е таков. Прашувачот се обидува да извлече заклучок спротивен од тезата на одговарачот. Оној што точно расудува

демонстрира дека предложениот заклучок следи од премиси кои се повеќе генерално прифатени, и повеќе познати: 1. Кога тезата на прашувачот генерално е апсолутно одбиена, одговарачот не треба да одобри премиси што се апсолутно одбиени, туку во помал степен од заклучокот кон којшто цели прашувачот; 2. Ако позицијата што ја застапува одговарачот е генерално прифатена без квалификација, одговарачот треба да ги прифати сите поенти што се генерално прифатени, и оние што не се генерално прифатени, но се генерално помалку одбиени отколку конклузијата кон која се цели (Ако постапува на овој начин, ќе се смета дека аргументира доволно добро); 3. Ако позицијата на одговарачот не е ниту генерално прифатена ниту генерално одбиена, тогаш сè што се чини дека е вистина треба да се прифати, а од гледиштата што не се генерално прифатени се прифаќа сè што генерално е повеќе прифатено од заклучокот на прашувачот; имено, во тој случај, аргументите ќе бидат генерално повеќе прифатени. Ако тезата на одговарачот е генерално прифатена или одбиена без квалификација, тогаш она што е апсолутно прифатено треба да се земе за стандард за споредување. Ако тезата не е генерално прифатена или одбиена, туку само од страна на одговарачот, тогаш стандардот за прифаќање е самиот одговарач. Ако одговарачот брани нечие друго мислење, тогаш стандардот за прифаќање или за отфрлање на секоја поента во дискусијата го има оној чие мислење одговарачот го застапува. Секое прашање мора да инволвира или генерално прифатено или одбиено стојалиште или ниедно: и да е релевантно или нерелевантно кон аргументот. Ако е генерално прифатено и нерелевантно: одговарачот прифаќа дека е генерално прифатено и го допушта. Ако не е генерално прифатено и нерелевантно: одговарачот прифаќа и маркира дека не е генерално прифатено. Ако е релевантно и генерално прифатено: одговарачот прифаќа и маркира дека лежи преблиску до оригиналната пропозиција, и дополнува дека, ако се прифати предложената пропозиција, ќе се урне. Ако она што го тврди прашувачот е релевантно и генерално одбиено, одговарачот признава дека ако се прифати тезата, бараниот заклучок следи, но протестира дека она што е предложено е премногу апсурдно да се прифати; ако тезата не е генерално одбиена, ниту прифатена и нерелевантна: одговарачот ја прифаќа без рестрикции. Ако, пак, е релевантна: одговарачот маркира дека ако ја прифати, оригиналниот проблем паѓа (во овој случај одговарачот е одговорен ако одобри неколку поенти). Прашувачот го изведува заклучокот кога гледа дека сите премиси се повеќе

генерално прифатени од заклучокот. Не е правилно расудувањето кога премисите се прифатени во помал степен отколку конклузијата.

Кога прашувачот користи нејасни термини (во повеќе значења), одговарачот може да каже „не разбирам“. Ако одговарачот разбира иако термините се нејасни и ако она што се говори е универзално точно или неточно, тогаш одговарачот прифаќа или одбива без квалификации. Ако делумно точно, а делумно не, одговарачот мора да направи дистинкција што е точно, а што не. Ако прашањето е јасно и едноставно, одговарачот одговара со ‘да’ или ‘не’. Премисата во расудувањето или е конститутивен елемент во расудувањето, или служи за етаблирање на конститутивна премиса. (Може да се види по бројот на слични поставени прашања кога е употребена за етаблирање конститутивна премиса.) По правило, луѓето ги обезбедуваат универзалните премиси преку индукција или сличност. Партикуларното, ако е вистинито и генерално прифатено, треба да се прифати, а против универзалното мора да се даде негативна инстанца, во спротивно не станува збор за добра намера.

Пред да брани одредена теза, одговарачот треба да ја нападне самиот, односно да обмисли противаргументи за позициите преку кои прашувачот би ја демолирал неговата теза. Треба да се внимава ако се брани теза која е генерално неприфатлива: 1. онаа која резултира со апсурдни искази (на пример, која тврди дека сѐ е во движење или дека сѐ не е во движење); 2. оние што би ги избрал човек со лош карактер, и кои се спротивни на нашите желби (на пример: задоволството е добро, да се прави неправда е подобро отколку да се трпи). Во вториот случај, луѓето го мразат претпоставувајќи дека ги држи хипотезите не поради аргументот, туку зашто навистина ги мисли. Од аргументите кои водат кон лажна конклузија правилно решение е да се демолира тезата во поентата каде е грешката. Аргументот може да има повеќе грешки. Оној што ја демолирал поентата врз која почива грешката, го понудил решението за аргументот како целина. Ако знаеме врз што се базира аргументот, го знаеме и решението. Дури и ако докажеме грешка, не нудиме решение ако не се справиме со поентата врз која се базира (главната) грешка. Аристотел наведува 4 можни начини да се спречи аргументот на соговорникот да дојде до заклучок, од кои само првиот е вистинско решение: 1. да се демолира поентата врз која почива грешката; 2. да се даде приговор насочен директно против прашувачот; 3. да се даде приговор против прашањето (може да се случи да не следи заклучокот од прашањата што ги поставил

прашувачот, зашто се лошо поставени); 4. од најлош вид – повикување на времето дозволено за дискусија. Понатаму, Аристотел укажува на фактот дека негативната критика насочена кон аргументот по себе се разликува од онаа во која аргументот е претставен во прашања. Одговорноста за лошиот аргумент изведен во расправа не паѓа на товар на прашувачот и неговите прашања. Квалитетот на аргументот во расправа паѓа како резултат на одговарачот, кој не ги дозволува потребните чекори. Во секој случај, добро изведениот аргумент во дискусија зависи од двете страни. Така што, понекогаш е нужно да се нападне одговарачот, а не неговата позиција, кога ги чека поентите што одат наспроти тезата на прашувачот и ја комплицира дискусијата. Кога се губи трпението, расправата добива еристички карактер. При вежбање и испитување, дијалектичарот е должен да побие теза дури и ако е точна, може да се формулираат и лажни пропозиции. Понекогаш лажните пропозиции се демолираат со лажни пропозиции. Ако аргументот е направен врз база на нешто до кое учесникот во дискусијата држи, ќе биде полесно да се убеди, наместо да му се помогне. Можно е човек да верува во она што не е факт поцврсто од вистината.

Оној кој коректно ќе конвертира кого било кон различно мислење треба да го направи тоа на дијалектички, а не на еристички начин, како што геометарот треба да расудува геометриски, без разлика дали неговите заклучоци се точни или лажни. Дијалектичкото расудување, или дијалектичките силогизми имаат заедничка цел, за разлика од компетитивните кои немаат заедничка цел, само еден може да победи. Лошите дијалектичари прашуваат еристички прашања, во одговорите не дозволуваат очигледни одговори, или не ја разбираат поентата на прашањето на прашувачот. Дозволување нешта кои се контрарни е одговорност на одговарачот.

Во продолжение, Аристотел наведува пет ситуации кога аргументот, самиот по себе, подлежи на критика: 1. Кога, како резултат на прашањата, конклузија не следи од поставените премиси, бидејќи премисите врз кои лежи заклучокот се лажни или не се генерално прифатени, уште повеќе кога ниту додатоци, ниту одземања, ниту обете не можат да доведат до заклучокот; 2. Кога расудувањето, иако е изведено од премисите, е нерелевантно за оригиналната теза; 3. Се претпоставува дека додавањето на определени премиси ќе помогне во изведувањето на конклузијата, но тие дополнителни премиси се послаби од оние кои се содржани во прашањата и се помалку општоприфатени од конклузијата; 4. Кога расудувањето треба да се одвива со отфрлањето на определени

премиси; се претпоставува дека одземањата ќе донесат ефект, но понекогаш обезбедуваат повеќе од потребно премиси; 5. Кога премисите се помалку генерално прифатени и помалку кредибилни од заклучокот, или, ако се вистинити, бараат повеќе време да се докажат отколку предложената теза. Не треба да се тврди дека расудувањето кон тезата секогаш ќе биде генерално прифатено и убедливо (затоа што е резултат на природата на нештата; некои случаи ќе бидат полесни, а некои потешки). Ако се успее луѓето да ја прифатат тезата од мислења кои се генерално прифатени, колку што дозволува случајот, тогаш се аргументира коректно.

Аргументот не подложи на иста критика кога е земен по себе и кога е во релација со предложениот заклучок. Погрешна конклузија нужно произлегува од грешна премиса, но вистинита конклузија некогаш може да се добие од грешна премиса. Заклучокот е софизам кога аргументот демонстрира нешто различно од оригиналната теза, и затоа не може да се изведе конклузија; филозофемата е демонстративен заклучок; дијалектички заклучок претставува епихејрема; софизам е еристичко заклучување, а апорема е дијалектичко заклучување од контрадикција. Ако заклучокот следи од премисите кои се генерално прифатени, но не се прифатени еднакво, нема причина зошто заклучокот да не биде повеќе прифатен од која било од премисите. Но ако генерално е прифатена едната премиса, а другата ниту е прифатена ниту е отфрлена, или ако едната е прифатена, а другата не е, тогаш ако прифаќањето или отфрлањето се слични во случајот на премисите, конклузијата ќе биде еднакво прифатена или отфрлена. Ако, пак, прифаќањето е поопшто од отфрлањето или обратно, конклузијата ќе го следи она што е поопшто во конкретниот случај.

Грешка е ако се прават многу чекори во докажувањето, корисно е, доколку е можно да се направат што е можно помалку чекори. Аргументот е недвосмислен во една и наједноставна форма кога е доведен до конклузија и не е потребно да се поставуваат други прашања. Во друга смисла, кога резултатите се обезбедени преку премиси од кои тие нужно следуваат, и аргументот завршува со конклузија.

Аргументот е погрешен на 4 начини: 1. Кога изгледа дека води кон заклучок, но реално не е така (еристичко резонирање); 2. Кога доаѓа до заклучок, но не до предложениот заклучок (вообичаено при reductio ad absurdum); 3. Кога доаѓа до заклучокот, но не според начинот соодветен на случајот (немедицински заклучок се зема како медицински, недијалектички како дијалектички); 4. Ако до конклузијата се доаѓа преку лажни премиси

(конклузијата е некогаш вистинита, а некогаш не). Грешката во аргументот е резултат на оној што го изведува аргументот повеќе отколку на самиот аргумент, но не во сите случаи, туку само кога не е свесен за погрешноста на аргументот. Прашањата кои ни помагаат да го евалуираме аргументот се следниве: 1. Дали аргументот има конклузија?; 2. Дали конклузијата е вистинита или лажна? и 3. Од кои премиси е изведена? Ако премисите се генерално прифатени (дури и да се лажни), аргументот е дијалектички, ако не се, тогаш е лош аргумент.

Аристотел укажува дека прашувачот може да западне во циркуларно расудување на 5 начини: 1. Кога ја претпоставува поентата која треба да се докаже (ова е лесно детектирано кога е употребен истиот термин, но потешко се открива во случај на различни термини или термин и изрази што имаат исто значење); 2. Кога го претпоставува универзалното што треба да го демонстрира во поединечен случај; 3. Кога преку поединечен случај се обидува да го докаже универзалното; 4. Кога тезата е поделена на два дела кои се докажуваат одделно, а всушност треба да се докаже таа како целина и 5. Кога докажува едно или друго од нештата што нужно следуваат едно од друго (на пример, кога докажува дека страната на квадратот е несразмерна о неговата дијагонала, а кога треба да докаже дека дијагоналата е несразмерна со страната).

Овие пет начини се јавуваа и кај спротивностите на изворното прашање: 1. Кога се претпоставува како докажана спротивна афирмација и спротивна негација; 2. Кога се претпоставуваат контрарни термини во антитеза (на пример, кога се вели дека истото нешто добро и лошо); 3. Кога се тврди универзален исказ и се претпоставува неговата контрадикторност во поединечен случај; 4. Кога исказот е поединечен, а се претпоставува дека контрадикторноста што тој ја изразува важи универзално; 5. Се претпоставува контрарноста на заклучокот што нужно следи од дадените премиси. Разликата лежи во тоа што во првите случаи, поврзани со оригиналното прашање, грешката е во конклузијата (со еден поглед на заклучокот кажуваме дека има циркуларност во оригиналното прашање): додека вторите, контрарните на изворното прашање, се лоцирани во премисите, во одредената релација во која се наоѓаат.

Најдобар начин да се тренира и да се вежба во аргументите од овој вид е преку конверзија на аргументите: конверзијата е пресвртување на заклучокот, заедно со другите поставени прашања, и демолирање на една од прифатените поенти. При третирањето на

секоја пропозиција мора да се испита аргументацијата за и против, и кога ќе се идентификува насоката да се бара решението; на овој начин се вежба, се тренира и прашување и одговарање. Ако не можеме да најдеме некој со кој ќе тренираме, треба сами да тренираме. Исто така, треба да се одберат аргументи во релација со истата теза и да се рангираат и да се споредат еден со друг, за да бидеме добро обезбедени со аргументи за и против. Човекот има природна диспозиција кон вистината, односно способност да ја препознае и да ја одбере вистината и да ја избегне лагата. Затоа треба да се поставаат двете хипотези во еден поглед за да се може да се одбере онаа што е вистинита.

Понатаму, Аристотел препорачува да се научат напамет аргументите што се однесуваат на прашањата што се најчести, особено за првите принципи (пропозиции). Треба да бидеме спремни со листа на многу дефиниции, оние што се најпознати и оние за првите идеи, затоа што преку нив се одвива расудувањето. Треба да се има знаење за категориите под кои тие потпаѓаат. Слично како и во другите науки, така и во аргументите треба да се има познание на првите принципи, и длабоко знаење на премисите, да бидат класифицирани и спремни за употреба. Корисно е аргументот да подели на делови, но таа процедура да не биде очигледна. Тоа најдобро може да се изведе со избегнување, најмногу што се може, на темите кои се слични на темата за која се дискутира, со аргументи кои се целосно универзални. Записите на дискусиите треба да се направат во универзална форма, дури и кога дискусијата се однесувала на поединечен случај. Слично правило важи во реториката за ентимемите. Сепак, Аристотел истакнува дека треба да се избегнува, колку што е тоа можно, генерализација на расудувањата. Да се испита дали аргументите се потпираат врз генерално правило, затоа што сите партикуларни аргументи се однесуваат универзално, од причина што не е возможно да се расудува без употребата на универзалното. Индуктивното расудување се препорачува со млад човек, дедуктивно со експерт. Во дедукцијата треба да се обезбедат премисите, во индукција да се обезбедат паралелните случаи. Генерално секогаш треба да бидеме спремни за некој предмет да понудиме силогизам, побивање, пропозиција, објекција, да определиме дали некој го поставил прашањето правилно или неправилно, или да ја испитаме поентата која го прави едното или другото. Особено да се внимава во случајните аргументирања со луѓе на улица, кога може да се продуцираат лоши аргументи, затоа што може да се забележи дека дури и во вежбите некои соговорници не

можат да се воздржат од еристички аргументи. Секогаш да бидеме спремни со универзални аргументи кои, иако во мал број, ќе ни помогнат во најголем број на случаи.

Главната задача на правилата на прашување и одговарање е да се стекне способност за поставување пропозиции и критики (приговори). Поставување пропозиција е да се стават повеќе нешта во едно (заклучокот кон којшто води аргументот мора да биде како едно нешто), а поставувањето критика, приговор – поставување на едно нешто во многу: критичарот или разликува или демолира, делумно ги одобрува, а делумно ги одбива исказите. Конечно, оној кој е вешт поставувач на тези и критичар е врвен дијалектичар.

# 3. ПРАГМАТИЧНОТО ПОИМАЊЕ НА ДИЈАЛЕКТИКАТА ВО СОВРЕМЕНИТЕ ТЕОРИИ НА АРГУМЕНТАЦИЈАТА

## 3.1. Историја на односот на дијалектиката и аргументацијата: Од *Топика* до дијалектичките пристапи во теоријата на аргументацијата

Историската динамика на дијалектиката по *Топика* и *За софистичките побивања,* Спранци ја карактеризира како долга и измачувачка, која го достигнува врвот во 16 век, малку пред да биде прегазена од научната револуција во следниот век. Континуитетот на традицијата се одржува со коментарите и расправите на двата текста преку реинтерпретација на телеологијата на дијалектиката и редефинирање на основните концепти. *Топика* е предмет на коментари и толкувања од многу антички мислители, како што се Теофраст, Стратон, Темистиј, Александар Афродизиски. Коментарите на Александар, преведени на латински во 16 век, се од круцијално значење за повторното откривање на *Топиката* во ренесансата. Темпоралната сукцесија нè доведува до следните три етапи преку Кикерон, кој пишува расправа посветена на аргументите на општи места *In Ciceronius Topica*; Боетиј, кој ги коментира обете топики, Аристотеловата и Кикероновата и схоластичката дијалектика.

Кикерон поставува концепт на дијалектиката како ratio disserendi, којшто се состои од два дела: инвенција, ratio inveniendi, и суд, ratio iudicandi. Овој автор е прв кој прави конекција помеѓу τόποι и уметноста на инвенцијата. Според овој концепт, општите места (loci), во суштина претставуваат седиште на аргументот (sedes argumentorum), од каде што во суштина произлегува аргументот. Argumentatio ги спојува дијалектиката и реториката, во основа овде има две значења, конкретно двете страни на аргументот: мислата, дискурсот, мисловен inventum, инвенција во која било област што е веројатна или извесна, и второто е уметничката декорација (arificiosa expolatio) на мислата, на аргументот. Спранци смета дека пристапот што го застапува Кикерон, супстанцијално го развива од стоиците за кои дијалектиката и реториката се два дела од општата наука за логосот, и не ја разбираат διαλεκτική примарно како практика поврзана со дебата, туку нејзината основна задача е да ги разликува вистината и невистината. Сепак, генералната линија на латинскиот автор е поблиска до Академијата, ставајќи го во центарот сомнежот или скепсата, дека во суштината телеологијата на дијалектиката која ја застапуваат стоиците е недостижна,

единствено е можно мислењето, човекот не може да знае, може само да има мислење (opine). Не вистината, туку веројатното е на дофат на човекот, следствено ставот на Кикерон поврзан со дијалектиката и реториката е дека оперираат со веројатни судови (кои во најголем дел важат), претставува основа за дијалозите кои се критичка дискусија каде што повеќе соговорници истражуваат на слободен начин, без дебатни правила и асиметрична размена помеѓу прашувачот и одговарачот. Позицијата на Кикерон за инвенцијата и веројатноста, за односот меѓу дијалектиката и реториката ја трасира новата траекторија на дијалектиката на која ѝ се одзема алетолошката телеологија и ја поставува основата за слободното истражување во ренесансата (Spranzi 2011).

Линкот помеѓу антиката и средновековието го лоцираме во работата на Боетиј, кој го преведува *Органон* во целост и пишува коментари на топиките на Аристотел и Кикерон и чиј текст *De Topicis Diferentiis* има големо влијание до 12 век. Доминацијата на реториката над дијалектиката во 5 век, при што дијалектиката е подготовка за реториката, значително се одразува врз творештвото на Боетиј, кој поставува реторички стандарди за аргументите, преку кои целта на аргументите е да бидат убедливи. Овде за првпат нотираме дијалектиката да биде именувана како logice, како ratio diligens disserendi во чии рамки ја следи линијата на поделба на Кикерон, инвенцијата ја нарекува топика, а судот аналитика. Се чини дека ехото на концептите и номенклатурата што Боетиј ја воведува и ја употребува има одраз во современата терминологија, не само во веќе споменатото доближување на термините логика и дијалектика, вклучително нивната супституција, имено аналитика со суд, туку и дистинкцијата помеѓу материјата и формата на аргументот и, конечно, разграничувањето меѓу аргумент (argumentum) и аргументација (argumentatio). Аргументот е расудување (ratio) што предизвикува верување (fidem faciens) во однос на нешто што било предмет на сомнеж (rei dubiae). Сепак, не може да предизвика верување доколку не се содржи во експресија (prolatio) и не е организиран како конекција, поврзување на пропозициите во корпус на аргументација. Во оваа светлина, аргументацијата е развивање, откривање на аргументот преку дискурс (oratio), преку којшто се изразуваат сите видови содржини на индуктивен или дедуктивен начин. Овој автор прави дистинкција меѓу дијалектиката и реториката во следните категории: во однос на предметот, средствата кои се користат и целите и конечно, надворешниот судија. Реториката за предмет го има поединечното наспроти универзалното, користи континуиран, непрекинат дискурс,

употребува ентимеми и има потреба од надворешен судија. Од друга страна, предмет на дијалектиката е универзалното, општото; употребува методологија на прашање-одговор, употребува силогизми и нема потреба од надворешен судија. За разлика од Кикерон, топичкиот дел од дијалектиката не е виден како седиште на аргументот и основа за инвенција, туку топосот е максимална пропозиција, propositio maxima, односно пропозициите кои се општи и когнитивни немаат потреба од доказ, но повеќе се доказ за пропозициите кои се предмет на сомнеж и неизвесни. Во оваа смисла, топика во суштина содржи принципи за потврдување на валидноста на аргументот, а не стратегии за иновација, наоѓање аргументи. Потврдата за дистинкцијата помеѓу демонстративните и дијалектичките аргументи во однос на нужноста и веројатноста, кај Боетиј го детерминира падот на дијалектиката во наредните темпорални сукцесии, погрешно разбирајќи ја дијалектиката во сферата на веројатноста.

Повторното откривање на *Топика* и *За софистичките побивања,* комплементарно со новиот превод на *Аналитиките* во 14 век, се директни причини за појавата на схоластичката дијалектика, која за разлика од Кикерон и Боетиј, прави голема дистанца од дијалектиката во текстовите на Аристотел. Најавата за идентификацијата на логиката и дијалектиката кај Боетиј добива кулминација во схоластичкиот период, каде што дијалектиката станува синоним за тоталитетот на логиката. Оттука престанува да биде во релација со инвенцијата и топосот, и не ја обработува единствено логиката на дебатата, туку комплетира уште еден процес започнат кај Кикерон, односно ја дефинира дијалектиката како дел од логиката посветена на аргументите со пониска извесност. Клучен пресврт се случува во употребата на топосот, односно неговото исклучување од дијалектиката. Боетиевите propositio maxima и зависноста на сите валидни заклучоци од топосот се ставаат настрана, а се земаат за парадигма *Аналитиките.* Практичноста на топосот овде доаѓа до израз како содржински линк меѓу премисите и заклучокот во валиден дедуктивен аргумент; но не во дијалектиката, туку во реториката, со други зборови се истакнува прагматиката на топосите како формален критериум за валидноста на принципите на ентимемите (несовршените силогизми), односно на посебниот вид на заклучување – условното, кондиционално заклучување. Понатаму, топичките силогизми се видени како формално валидни демонстративни аргументи, кои се разликуваат од овие само преку содржината, односно имаат веројатни наспроти вистинити премиси. Следствено, продуцираат мислење кое стои наспроти

научното знаење и на овој начин дијалектичките аргументи добиваат статус на аргументи од втор ред. Спротивно на фактот дека логиката на дебатата не е предмет на дијалектиката, во едукативниот систем на средниот век високо се вреднувани и имаат клучна позиција во образованието инструкциите за вербални расправи помеѓу respondens, кој држи теза и презентира аргумент во прилог на тезата, и opponens, кој ја застапува спротивната теза и се спротивставува преку контрааргумент или ги таргетира премисите. Во пишана форма, овој вид дебата се нарекува quaestiones disputatae и во споредба со дијалектичкото расудување, нотираме дека има симетрична структура на учество на соговорниците, но не преку метод на прашање-одговор, односно оној што ја брани тезата и оној што напаѓа не поставуваат прашања и не одговараат на прашања од соговорникот. Како што се развива дебатата, така и учесниците ги менуваат улогите според моделот на pro et contra аргументација. Во овој вид на дебата не постои ограничување на дозволените премиси, премисите не мора да бидат единствено ἔνδοξα и критериумот за успех во дебатата се состои во тоа успешно да се понудат солуции за сите критики, а не нужно да се побие соговорникот, односно да се одбрани тезата која ја застапуваме. Втора популарна форма на дебатирање во 13 и 14 век која наликува на Аристотеловата е obligatio, еден вид игра на одржување на конзистентност, најверојатно развиена врз основа на последната глава од *Топика,* поставувајќи правила, облигации за оној што одговара, кој мора или не мора да направи концесија.

Трансформацијата на поимот дијалектика низ вековите влегува во нова етапа со појавата на формалната дијалектика која, историски гледано, почетната позиција ја етаблира фундирана на obligatio, средновековната форма на дебатирање. Пионерот на овој вид на дијалектика, Николас Решер (Nicholas Rescher 1977), истражувачкиот фокус го поставува во потрагата по систем на дијалектика што обезбедува рационален метод на научно истражување, развивајќи го преку моделот на формална расправа, дебата. Во формалната дебата постојат три категории на учесници: пропонент, опонент и одлучувач (судија). Пропонентот формулира теза за чија поддршка гради основа, а опонентот ја напаѓа тезата и основата на тезата преку контрааргументи на кои пропонентот треба да одговори. Судијата одлучува околу почитувањето на правилата и однесувањето на пропонентот и опонентот. Наспроти овој вид асиметрична расправа, Решер разликува симетрична контрадикторна дебата во која опонентот треба да ја одбрани неговата теза, која е контрадикторна на пропонентот. Концептот на категорично тврдење е основа на

формирањето, презентацијата на тезата, кое вклучува обврска на пропонентот, или опонентот во симетричната контрадикторна дебата, да изработи аргументирана одбрана на тврдењето и на консеквенциите што произлегуваат; притоа, не само тезата која е предмет на расправа, туку и сите последователни потези што ги прави пропонентот мора да бидат категорични тврдења.

Истражувањата во областа на логиката на дијалогот на т.н. „ерлангенска школа“ (Erlangen School), Вилхелм Камлах (Wilhelm Kamlah) и Пол Лоренцен (Paul Lorenzen 1967) заедно со семантичкиот пристап кон аргументот на Арне Нес (Arne Naess 1966) претставуваат директна инспирација за Елзе М. Барт (Else M. Barth) и Ерик Ц. Крабе (Erik C. Krabbe), во делото *Од аксиома до дијалог (From Axiom to Dialogue*, 1982) да изработат група од системи на правила за критички дијалог кој има за цел да разреши конфликти или расправи помеѓу пропонент и опонент кои се однесуваат на едно или повеќе екстернализирани мислења или јавно изнесено асертивно мислење. Овој вид мислење е одреден исказ Т, кој е иницијалната теза на дискусијата и кој е презентиран од пропонентот и бива нападнат од опонентот. Сите следни искази во расправата претставуваат концесии, допуштања од кои е конституирана основата за одбрана или напад на Т. Ако конфликтот е едноставен, во тој случај пропонентот единствено треба да ја одбрани тезата, не и да напаѓа, за разлика од опонентот, кој не треба да брани теза, туку само да ја напаѓа тезата на пропонентот. Во мешан конфликт, опонентот мора да ја одбрани тезата која се спротиставува на тезата на пропонентот, или концесијата која ја оспорува пропонентот, кој е вклучен и во напад на исказите на опонентот. Дискусијата на одредена теза, според авторите на *Од аксиома до дијалог,* има смисла само ако пропонентот се обврзува позитивно, односно ако презема обврска да ја брани тезата од критиката на опонентот, додека опонентот се обврзува негативно, да го користи безусловното право да ја критикува тезата на пропонентот систематски. Позитивните обврски на пропонентот и негативните облигации на опонентот важат не само за главната теза, туку и за концесиите и другите видови на искази во дискусијата.

Теоретската траекторија на дијалектиката, според овие автори, се проширува во именуваниот дијалектички пристап на аргументацијата, според кој ставовите или стојалиштата се предмет на критичка евалуација во аргументативна дискусија. Целта на дискусијата е да се испита дали разликата во мислењата во однос на прифатливоста на

стојалиштето може да се разреши преку регулирана размена на идеи. Покрај тоа што синтагмата „формална дијалектика“ ја промовира Чарлс Л. Хемблин, (Charles L. Hamblin, 1970), сепак првите системски иницијативи кон нова дијалектика се на Барт и Крабе, со дескрипцијата на формално-дијалектички постапки за да се одреди дали извесно стојалиште е одржливо преку основата изградена од почетни искази или концесии. Определбата формално се однесува на строго регулираниот карактер на дијалогот. Во споменатата логика на дијалогот, аргументот е претставен како игра помеѓу пропонентот и опонентот во однос на определена теза. Како заеднички проект, двата учесници во дијалогот работат врз тоа дали тезата ќе биде потврдена или отфрлена, односно дали ќе биде успешно одбранета од критичките напади. Во одбрана на тезата, пропонентот може да ги употребува пропозициите на кои опонентот се обврзува и неговата аргументација е насочена кон доведување на опонентот во контрадикција преку апликацијата на концесиите. Пропонентот успешно ја брани тезата преку концесиите на опонентот, односно ex concesis.

Динамиката на формалната логика доби нова насока со дијалектичките пристапи во теоријата на аргументација иницирани од формалната дијалектика. Дискусијата која е предмет на формалната дијалектика суштински се разликува од секојдневната аргументативна практика. Услов за почеток на дискусијата е ако еден од дискутантите веќе презентирал аргументација во релација со одредено стојалиште. Формалната дијалектика, со множествата од правила стартува единствено ако другиот соговорник одлучи да открие дали стојалиштето може да е одржливо кога ќе се соочи со критичката аргументација. Дискутантите заеднички одлучуваат да иницираат процедура која ќе открие дали стојалиштето логички следува од премисите презентирани во аргументацијата. Ако еден од учесниците навистина е подготвен да ја преземе улогата на опонент, во тој случај мора да ја додаде аргументацијата на пропонентот како множество на концесии кон своите облигации.

## 3.2 Прагма-дијалектика

Контурите на дисконтинуитетот на изворната теорија на дијалектиката преку нејзините конститутивни поими недвосмислено навестуваат насоки кои сами по себе претставуваат основа за екстензија на идентитетите помеѓу дијалектиката и нејзините

елементи. Pars pro toto супституцијата добива на интензитет, преку суптилното одземање на епистемолошкиот карактер на дијалектиката кај Кикерон и позиционирање на дијалектиката во веројатното, што претставува основа за схоластичката ревност кон Аристотел виден ексклузивно преку *Аналитиките,* целосно одвојувајќи ја дијалектиката на ἔνδοξα од уметноста на аргументот и како и дебатата која обработува веројатни премиси. Тенденцијата на формалната дијалектика е да ги рационализира неформалните елементи на аргументацијата и да понуди алтернатива на геометрискиот концепт за расудување преку критичкиот концепт, којшто без разлика што не го исцрпува поимот на дијалектиката во тоталитет, сепак е најблиску до него. Во *Говорните чинови во аргументативните дискусии (Speech Acts in Argumentative Discussions*, 1984), Емерен и Гротендорст развиваат теорија на аргументацијата врз основа на принципите на формалната дијалектика, но сепак теоретскиот исход се разликува од формалната дијалектика. Конверзијата на формалното со прагматичкото, од формална до прагма-дијалектика, манифестира различен предмет, имено, втората ги вклучува говорните чинови и анализата на дискурсот низ призмата на истражувачите на секојдневниот јазик, комплементарно на поимањето на дијалектиката како критички пристап, во насока на работата на критичкиот рационализам на Карл Попер (Karl Poper). Диспозицијата на критичкото како дијалектичка определба го отвора патот за појавата на дијалектички пристапи во теоријата на аргументација. Прагма-дијалектиката, директниот наследник на формалната дијалектика што ја следи линијата на регулирана дебата и концептот на критичкото, е најпопуларниот и најмногу дискутиран дијалектички пристап во теоријата на аргументацијата. Унијата на теоријата на формална дијалектика, заедно со критичкиот рационализам на Попер, ја анализира аргументацијата како обид да се надмине сомнежот во однос на прифатливоста на определено стојалиште или да се даде критика на одредено стојалиште преку моделот на критичка дискусија. Овој вид дискусија го опишуваат како размена на мислења, процес во којшто учесниците, агенти на разликата во мислењата, систематски детерминираат дали стојалиштето, основата за разликата во мислењата, може да се одржи под налетот на критичкиот сомнеж. Критичката дискусија е дијалектичка затоа што вклучува две страни кои работат врз тоа да ја надминат разликата во мислењата преку методолошка размена на потези во дискусијата.

3.2.1. Современ дијалектички поим на разумност

Водејќи се од главниот принцип дека аргументацијата е обид за надминување на сомнежот во однос на прифаќањето или одбивањето на одредено стојалиште меѓу двајца соговорници, авторите на прагма-дијалектиката го креираат моделот на критичка дискусија. Се разбира, концептуализирањето на моделот изискува генерална теза околу проблемот на рационалноста, особено што во теоријата на аргументацијата се продлабочува поимот на рационалноста и се воведува категоријата на разумност (reasonableness). Суптилната дистинкција помеѓу двете категории се состои во тоа што рационалното се однесува на моќта на рациото, додека разумното го претставува правилната, издржана употреба на моќта на рациото. Употребата на двата поими во секојдневниот говор е дифузна и небулозна, затоа и се потребни стипулативни дефиниции, кои во извесна смисла ја продолжуваат традиционалната филозофска дистинкција помеѓу verständing и vernünftig. Истакнувањето на дистинкцијата е само почеток, затоа што скрупулозните Емерен и Гротендорст не запираат, туку како предмет на анализа го поставуваат концептот на разумност. Увидувајќи ги недостатоците на доминантниот научен модел на истражување како парадигма за разумноста, овие автори транзитираат од методолошкиот критериум кон критериум за разумност што вклучува правила за критичка дискусија, односно изведуваат модел на разумност што има за цел интелектуален консензус.

Аналитичката тенденција во тоталитет авторите на прагма-дијалектика ја манифестираат преку разликувањето пет елементи на целосно развиената теорија на аргументацијата. Дистинкцијата помеѓу филозофскиот, теоретскиот, аналитичкиот, емпирискиот и практичниот аспект ја определува основата и насоките на истражувачката програма која ги инкорпорира овие карактеристични домени. Аналитичката компонента претставува мост што ги поврзува филозофскиот со теоретскиот домен, како и емпирискиот со практичниот, продуцирајќи мултидисциплинарна и интердисциплинарна кооперација меѓу наведените домени. Напредокот преку компетиција вклучува различни видови академски пристапи кои се во насока на детерминирање на подобра верзија внатре во самиот пристап преку директно соочување со другите видови теоретски пристапи. Емерен и Гротендост развиваат дијалектички пристап кон истражувачката програма на целосно

развиена теорија на аргументацијата, преку систематска комбинација на критичко-рационалната филозофска позиција со прагма-дијалектичка теоретска позиција; аналитичка поставеност која орбитира околу надминувањето на разликите во мислењата; емпириска позиција која е ориентирана кон самиот процес на убедување и, конечно, практична поставеност која поттикнува рефлексија. Презентацијата на дијалектичкиот пристап кон целосно развиената теорија на аргументацијата ја комплементираат со реторичкиот преку петте наведени домени, но не завршуваат тука, оставаат простор и за други видови пристап кои ќе го збогатат нашето познавање на теоријата на аргументацијата.

Екстензијата на концептот на разумност наспроти формалната логика, односно на кој начин се определува она што е разумно како парадигма за изведување на заклучоци, се поставува во *Употребите на аргументот* на Тулмин и *Новата реторика* на Перелман и Олбрешт-Титека, чија научна работа е насочена против геометрискиот пристап на поимот на разумноста. Поради формалната ориентација, логичарите се фокусираат единствено врз вистината на премисите на одреден аргумент до степен дека вистината на премисите влијае врз валидноста на аргументот. Овој идентитет означува дека аргументот е логички валиден единствено ако ја исклучи можноста дека од вистинити премиси следува лажен заклучок, ставајќи го центарот на формализмот повеќе отколку на вистинитосната вредност на аргументот. Логичарот не етаблира знак на еднаквост помеѓу адекватната, правилна аргументација и валидноста на формалното расудување. Уште помалку е прифатлив антрополошкиот пристап на концептот на разумност, којшто имплицира дека човечкото знаење е продукт преку апликација на заеднички консензуално прифатени процедури. Ваквиот пристап го лоцира центарот на поимот на разумност во консензусот, наспроти геометриската структура на аргументот и доведува до многу неконзистентни консеквенции. Геометрискиот и антрополошкиот пристап кон разумноста го отворија патот за критичкиот концепт на разумноста што ги инкорпорира формалните карактеристики на аргументот заедно со заедничкото, општо знаење кое е неопходно да се постигне консензус, разбирајќи го аргументот како дел од формална процедура која е интерсубјективно прифатлива. Тулмин, кој е претставник на критичкиот концепт, констатира дека геометрискиот пристап резултира со скептицизам, додека антрополошкиот со релативизам.

Двата пристапа се исправени пред уште поголема критична забелешка која го идентификува круцијалниот проблем, имено дека геометрискиот и антрополошкиот модел

на разумност се базираат врз јустификација. Разумноста ја разбираат исклучително како легитимација на одредени стојалишта. Трилемата на Минхаузаен е неизбежна за секој вид јустификација, имено: бесконечен регрес на јустификациии; циркуларно аргументирање преку аргументи кои на суштински начин заеднички се поврзани едни со други и, конечно, арбитрарно прекинување на процесот на јустификација. Последната алтернатива е најчесто застапена меѓу различните видови на јустификација. Авторите на прагма-дијалектиката сметаат дека треба радикално да се прекине со јустификационизмот на геометрискиот и на антрополошкиот пристап во однос на проблемот на разумноста. Фундаменталната погрешливост, големиот степен на веројатност за грешка на човечката мисла го истакнува пристапот на критичкиот рационалист како есенцијален. Критичката скрупулозност во сите сфери на човечката мисла, вклучително и активноста, е стартна позиција во решавањето на проблемите. Вака видениот пристап ја нагласува критичката дискусија како почетна точка во концептот на разумност, која добива форма на дијалектички пристап. Овде аргументацијата е разбрана како процедура за надминување на разликите во мислењата околу прифатливоста или неприфатливоста на одредено стојалиште, користејќи ја критичката дискусија. Поимот на разумност е изведен од можноста да ја разреши разликата на мислењата во комбинација со прифатливоста од страна на учесниците во дискусијата, вклучувајќи критички практики од дијалектиката, геометриски практики од логиката и антрополошки од реториката. Насоките кои ги дава овој концепт на разумност се ефективноста во решавањето на проблемот и интерсубјективната прифатливост. За разлика од формалната дијалектика, во која услов за да се испита аргументот е веќе протагонистот да има развиена аргументација во одбрана на стојалиштето, прагма-дијалектиката ги обработува аргументативните размени во секојдневниот јазик, при што говорникот или авторот на текст презентира стојалиште и добива улога на протагонист, додека слушателот или авторот на текст изразува сомнеж во врска со презентираното стојалиште, бидувајќи антагонист, за да се испита дали стојалиштето на протагонистот дали може да ја издржи критиката на антагонистот. Разликата во мислењата е надмината кога развиената аргументација доведува до прифаќање на стојалиштето на протагонистот од страна на антагонистот, или кога протагонистот го повлекува стојалиштето како резултат на критичките импликации на антагонистот. Дијалектичкиот процес на уверување во критичка дискусија подразбира интеракција помеѓу говорните чинови на протагонистот и

антагонистот во согласност со правила на критичката дискусија. Задачата на теоретичарот на дијалектичката аргументација е да ги формулира правилата на критичка дискусија опфаќајќи ја валидноста на проблемот на конвенционалната процедура на дискусија.

Современиот дијалектички поим на разумност не е ексклузивно ограничен во логичките релации преку кои се изведува заклучок од премиси, туку ги инкорпорира сите говорни чинови како составни елементи од критичката дискусија и го надминува формализмот на геометрискиот пристап и релативизмот на антрополошкиот. Критичноста во дискусијата ја обезбедува преку формулирање правила без кои овој вид расправа не е можен и воведува етапи во дискусијата во согласност со говорните чинови. Дијалектичкиот пристап отвора нови можности во обидот да се надмине разликата на мислењата поврзана со прифаќањето или со одбивањето на одредено стојалиште.

### 3.2.2. Модел на критичка дискусија

#### 3.2.2.1. Метатеоретски принципи

Интеграцијата на нормативното и дескриптивното во научните истражувања на аргументацијата е императив за авторите на прагма-диајлектиката кои истакнуваат дека истражувањата започнуваат од четири метатеоретски принципи кои, следствено, имаат свои посебни методолошки импликации. Имено, станува збор за принципите на функционализација, екстернализација, социјализација и дијалектизација на различните составни делови на аргументативниот дискурс или текст. Првиот принцип на функционализација ја третира секоја јазична активност како интенционален чин со одредена цел. Следниот принцип на екстернализација значи таргетирање на јавни обврзувања, изјави кои се остваруваат преку одредени јазични активности. Социјализацијата, третиот принцип, се однесува на посочените јавни обврзувања што се во релација со интеракцијата со други луѓе преку јазичните активности што се предмет на прашањето. Финалниот принцип, дијалектизацијата, означува дека јазичните активности ги третираме како дел од обидот да се решат разликите во мислењата во согласност со критичките норми на разумност.

Идентификацијата на вербалните експресии во аргументативен дискурс или текст со говорните чинови, прецизно детерминирајќи ги условите за идентитет и коректност во апликацијата на говорните чинови, претставува начин преку којшто се остварува функционализацијата. Анализата и констатирањето на користените говорни чинови ни го дава на увид материјалот што е предмет на обработка. Специфичноста на условите за употреба на говорните чинови го детектира просторот на несогласување и одговорот преку перформансот на говорни чинови. Многу веројатно е дека може да постојат различни мотиви или причини за испитување, одбивање, одбрана или напад на извесно стојалиште, но се зема предвид само дел од наведеното кое е изговорено или напишано. Централен фокус во екстернализацијата се обврските што ги преземаат учесниците во дискусијата, кои имаат надворешна форма, во дискурс или во текст. Преку испитување на импликациите од одредени говорни чинови, односно кои обврски произлегуваат од нив во одреден контекст на дискусија или текст, се постигнува екстернализација, при што интерсубјективно се идентификува стојалиште што е предмет на прифаќање или одбивање. Прифаќањето се екстернализира како експресија на позитивна обврска, облигација во релација со пропозицијата што е во прашање. Наспроти прифаќањето, одбивањето или несогласувањето добива надворешна форма во дискусија или текст како експресија на преземање на обврската кон говорни чинови на два различни учесници кои се во спротивност. Следствено, да се биде уверен е процес на екстернализација како експресија на позитивната обврска кон говорниот чин на учесник кој претходно се спротивставувал на истиот говорен чин. Овде аргументот се разбира не како индивидуална проценка или расудување, туку како придонес кон процесот на комуникација помеѓу луѓе или групи на луѓе. Во прагма-дијалектиката, аргументативните дискусии и текстови се во суштина социјални активности, при што социјализацијата се постигнува преку дистинкцијата на различните улоги во интеракцијата на аргументативна размена на гледишта, адаптирани во однос на позицијата на разликата во мислењата. Во процесот на комуникација, учесниците се обврзуваат кон говорните чинови и имаат јустификациска обврска кон нив. Овие облигации во дискусијата се создаваат со позиционирањето во дијалогот и се активираат преку интерактивниот контекст. За да се определи до колкав степен одредена аргументативна размена дозволува разрешување на разликата во мислењата, потребни се определени стандарди преку кои може да се измери квалитетот на јазикот на

аргументацијата. Во оваа насока, прагма-дијалектиката почнува од моделот на критичка дискусија дизајниран да обезбеди надминување на разликите во мислењето, доаѓајќи до принципот на дијалектизација која се постигнува кога говорните чинови во дискусијата се во согласност со правилата на критичка дискусија. Правилата имплицираат методолошко регулирање на аргументативниот дискурс или текст, конститурајќи дијалектичка процедура на дискусијата.

3.2.2.2. Дијалектичките етапи во процесот на надминување на разликите

Наспроти логичките пристапи, дијалектичката процедура за изведување критичка дискусија не се занимава единствено со конекцијата меѓу премисите и заклучоците на аргументите употребени во дискусијата, туку и со секој говорен чин во расправата што има вредност во однос на прифаќање/одбивање на стојалиштето. Водени од инклузивноста на говорните чинови во процесот на надминување на разликите во мислењата, авторите на прагма-дијалектиката разликуваат четири етапи во процесот: конфронтација, отворање, аргументација и заклучок.

Во етапата на конфронтација во критичката дискусија се доаѓа до констатација дека постои стојалиште кое стои наспроти, кое е соочено со сомнеж или контрадикција и чие неприфаќање создава разлика во мислењата. Потребата за критичка дискусија постои единствено ако има разлика во мислењето во однос на прифатливоста или неприфатливоста на одредено стојалиште. Оваа разлика може да се однесува на едно или на повеќе стојалишта и може да биде експлицитна или имплицитна. Следна етапа на дискусијата е отворањето во која учесниците детерминираат дали и во колкав степен делат релевантна заедничка основа. Идентификацијата за заедничка основа се однесува на форматот на дискусијата, познавањето на материјата за која станува збор, или на делењето на заеднички вредности, со цел да се определи дали зоната на можноста за согласување има доволно простор за плодна дискусија. Исклучена е можноста за продуктивна дискусија доколку учесниците не се согласат за заедничка почетна основа, вклучително со процедуралните облигации и суштинската согласност. Во оваа етапа, учесниците ги добиваат улогите на протагонист и антагонист во зависност од обврските што ги преземаат во однос на стојалиштето и се определува основата за содржајна и суштинска размена на аргументи. Во

третата етапа протагонистот ги развива аргументите во одбрана на стојалиштето со цел систематски да го надмине сомнежот на антагонистот, односно да ги побие критичките напади во насока на испитување дали изведената аргументација е прифатлива. Етапата на аргументација промовира интеракција во која антагонистот може да критикува делови од аргументацијата на протагонистот, при што дискурсот добива на сложеност. Од круцијално значење за надминување на разликите на мислењата не е единствено фактот дека аргументацијата е изведена и презентирана, таа мора да биде и критички евалуирана, сочинувајќи ги двете активности кои се conditio sine qua non за критичка дискусија. Финалната етапа, или етапата на заклучување во размената на аргументи, претставува завршен дел од критичката дискусија во која протагонистот и антагонистот го етаблираат резултатот, односно разликите во мислењата се надминати во однос на сите делови ако стојалиштето на протагонистот е прифатливо и сомнежот на антагонистот е повлечен, или ако протагонистот го повлекува стојалиштето. Практиката покажува дека еден од учесниците во критичката дискусија ја презентира конклузијата, но доколку еден од учесниците не го прифаќа заклучокот, во тој случај се смета дека не е постигната резолуција. Не постои идентитет помеѓу финалната етапа на критичката дискусија и целосното завршување на дискусија. Дискутантите по достигнувањето на финалната етапа може да отворат целосна друга дискусија, модифицирана верзија на старата дискусија со други премиси како почетна основа, при што можат да се сменат улогите на учесниците. Во кој било од наведените случаи, неопходно е да се поминат четирите фази на критичка дискусија во насока на постигнување резолуција на разликите во мислењата во однос на прифатливоста или одбивањето на одредено стојалиште.

### 3.2.2.3. Улогата на говорните чинови во процесот на критичка дискусија

Потезите кои се прават во различните етапи од критичката дискусија прагматички можат да се карактеризираат како говорни чинови. Теоријата на говорни чинови има за цел да обезбеди теоретски алатки кои се однесуваат на вербалната комуникација, која има за цел надминување на разликите во мислењата. Авторите на прагма-дијалектиката ја следат типологијата од доминантната теорија на говорните чинови, развиена од Џон Серл (John Searle, 1979), која разликува пет видови говорни чинови, но сепак прават дистинкција кои

се релевантни, а кои не се во критичката дискусија. Во теоријата на Серл, првиот вид на говорен чин се асертиви (assertives), во кои говорникот или авторот на текст изразува тврдење во однос на пропозиција, при што се обврзува кон прифатливоста на одредено стојалиште. Многу од тврдењата не ја одразуваат вистината на одредена пропозиција, туку изразуваат суд за општата прифатливост на пропозицијата, но постојат и такви што се експресија на вистината. Сите видови тврдења добиваат форма на постоење во критичката дискусија, со различен степен на интензитет, од тврдења во однос на главното стојалиште до кој било дел од аргументацијата, и тоа како искази, тврдења (claims), уверувања (assurances), претпоставки (suppositions) и негирања (denials). Директивите (directives) се вториот вид на говорен чин кои имаат за цел да иницираат слушателот или читателот да направи одреден акт/дејство или да изразат забрана за правење извесен акт/дејство. Покрај видовите директиви како што се забраната, препораката, молењето или предизвикувањето, посебен вид директива е прашањето, кое насочува кон тоа да се изведе говорен чин – имено, да се одговори на прашањето. За разлика од тврдењата, не сите видови на директиви имаат свој дел во критичката дискусија, со други зборови, директивите како наредба или забрана немаат свое место во расправата. Наспроти овие, со употребата на директивите се случува да се предизвика другата страна која презентирала аргументација, да даде дефиниција, објаснување или друг вид директиви кои се во согласност со правилата на критичката дискусија. Третиот вид говорен чин, според теоријата на Серл, се допуштањата (commissives) кои говорникот или авторот на текст ги презема наспроти слушателот/читателот и кои го одредуваат понатамошниот дел на критичката дискусија. За разлика од директивите кои се однесуваат на слушателот или читателот, допуштањата се однесуваат на говорникот или авторот на текстот. Ветувањето е прототип на овој вид на говорен чин, но исто така прифаќањето или согласувањето се форми на допуштањата што имаат различни начини на користење во критичката дискусија. Другите начини на користење на допуштањата во расправата се: прифаќањето или одбивањето стојалиште, прифаќање предизвик да се одбрани стојалиште, одлука за да се почне дискусија, согласност да се преземат улогите на протагонист и антагонист, согласност со правилата на дискусија, прифаќање или неприфаќање на аргументацијата, или може и да биде одлуката да се почне нова дискусија. Важно е да се потенцира дека некои од допуштањата се во ефективна употреба само во соработка со другата страна која учествува во критичката

дискусија. Следен вид говорен чин се експресивите, односно говорникот или авторот на текст ги изразува, прави експресија на своите чувства, како што се благодарност, честитање за нечиј успех, изразување жалење итн. Овој вид говорен чин не игра директна улога во критичката дискусија од причина што изразувањето емоција не формулира обврска, но сепак има позитивно или негативно влијание во процесот на резолуција на разликите. Последниот тип говорен чин според категоризацијата на Серл се декларативите (декларации, изјави), кои претставуваат средства за одредена состојба на нештата или извесна ситуација да биде ставена во дејство, активирана. Декларативите вообичаено се поврзани со контекст на определена институција, имаат институционален карактер од видот на официјални состаноци, церемонии каде што прецизно се знае и не е предмет на сомневање кој е авторитетот што е носител на овој говорен чин. Поткатегорија на декларативите се декларативите кои се однесуваат на јазичната употреба и немаат институционален карактер. Телеологијата на употреба на декларативи како што се дефинициите, спецификацијата, амплификацијата и објаснувањето е да се прошири знаењето на слушателот или читателот околу правилната употреба на другите говорни чинови, со цел јасно да се даде на знаење начинот на употреба и интерпретација на говорните чинови. Употребата на декларативите може да се случи во која било од четирите етапи на критичката дискусија, и во секоја етапа може да биде побарано од еден од учесниците објаснување за употреба на декларативите. На пример, во етапата на конфронтација, употребените декларативи можат да послужат за демаскирање лажна разлика на мислења, во етапата на отворање да ги прецизираат правилата на дискусија или да појаснат одреден двосмислен дел на премисата; во етапата на аргументација можат да превенираат прерано прифаќање или неприфаќање стојалиште.

Емерен и Гротендорст креираат импресивна имплементација на говорните чинови од теоријата на Серл во процесот на надминување на разликата на мислења преку критичка дискусија. Прецизноста и деталноста од Аристотелов тип ја позиционира улогата на тврдењата во првата етапа преку експресијата на стојалиштето; во третата етапа, со развивањето на аргументацијата, и во четвртата етапа, преку одржување или повлекување од стојалиштето и во етаблирањето на финалниот резултат. Допуштањата (концесиите) во првата етапа се актуелизираат во прифаќањето или неприфаќањето, оправдувањето на неприфаќањето на стојалиштето; во втората етапа, во прифаќањето на предизвикот да се

одбрани стојалиштето и одлуката да се започне дискусијата, согласувањето со премисите и правилата на дискусијата; во третата етапа, прифаќање или неприфаќање на аргументацијата; во четвртата етапа, преку прифаќање или неприфаќање на стојалиштето. За разлика од нив, директивите ги лоцираме во втората етапа преку поставување предизвик кон протагонистот да го одбрани стојалиштето; во третата етапа, во барањето за аргументација, а во сите четири етапи, барање за употребни декларативи. Конечно, употребните декларативи ги употребуваме во сите четири етапи преку дефинициите, спецификациите, амплификациите и сите видови објаснувања или појаснувања во однос на елементите и содржината на критичката дискусија. Моделот на критичка дискусија на авторите на прагма-дијалектиката презентира дистрибуција на говорните чинови во четири етапи на следниот начин: во етапата на конфронтација, преку тврдењата имаме експресија на стојалиштето, преку допуштањата – прифаќање или неприфаќање на стојалиште, одбрана на неприфаќање на стојалиштето; во втората етапа преку директивите го изразуваме предизвикот да се одбрани стојалиштето, преку допуштањата – прифаќање на предизвикот да се одбрани стојалиштето и согласност околу премисите и правилата на дискусија, вклучително со одлуката да се почне дискусија; во етапата на аргументација преку директивите се бара аргументација, преку тврдењата се развива аргументацијата, додека преку допуштањата се прифаќа или не се прифаќа аргументацијата; и конечно, во финалната етапа, преку допуштањата се прифаќа или не се прифаќа стојалиштето, преку тврдењата се оправдува или се повлекува стојалиштето и се етаблира финалниот резултат на дискусијата. Директивите за барање на употребни декларативи, инклузивно со употребните декларативи за дефиниција, спецификација, амплификација и објаснување, може да се употребат во сите четири етапи на критичката дискусија насочена кон надминување на разликите во мислењата.

### 3.2.2.4. Дијалектички регулирана дискусија: правила за критичка дискусија

Етаблирањето на дијалектичкиот поим за разумност, развиен преку метатеоретските принципи и четирите етапи на критичката дискусија, комплементиран со дистрибуцијата на говорните чинови во четирите етапи во процесот на надминување на разликите во мислењата, добива на кулминација во изведувањето на правилата на критичката дискусија.

Овие правила, кои се презентирани во *Систематска теорија на Аргументацијата (A Systematic Theory of Argumentation,* 2004), според авторите на прагма-дијалектиката се однесуваат на сите луѓе кои поседуваат диспозиција да ги надминат разликите во мислењата преку критичка дискусија и се во суштинска релација со говорните чинови, или чиновите кои ги прават дискутантите. Суштината на дискусиите, како екстернализирани форми на интеракција, придонесува кон фактот што тие главно се составени од говорни чинови, затоа главната функција на правилата е јасно да определат во кои случаи динамиката на говорните чинови помага во процесот на резолуција на разликата во мислењата. Основата за постоењето на правилата на дијалектички регулирана дискусија е базирана врз говорните чинови и обврските кои следат, затоа екстернализацијата на разликата на мислењата е од есенцијално значење, уште повеќе, тенденцијата се движи кон оптимална екстернализација. На овој начин дискутантите имаат безусловно право да постават стојалиште или да го стават стојалиштето на соговорникот под прашање. Правата на дискутантите во критичката дискусија не се базираат на претходно подготвување за расправата, а критичката дискусија не фаворизира еден од дискутантите, напротив, се стреми кон критички пристап и квалитетна аргументација. Дека разликите во мислењата може да се однесуваат на кое било стојалиште и дека секој од дискутантите има безусловно право да постави или да стави под прашање стојалиште, е формулирано во првото правило:

1. Не постојат посебни услови ниту за тврдењата преку кои стојалиштето е изразено, ниту за негативните допуштања преку кои стојалиштето е ставено под прашање; не постојат посебни услови на подготовка за позицијата или статусот на: од една страна, говорникот или авторот на текст и, од друга страна, на слушателот или читателот. Со други зборови, ова правило посочува дека секој што се стреми да се надмине разликата во мислењата треба да соработува во процесот на екстернализација на разликата. Секој дискутант во етапата на конфронтација има право да го предизвика другиот да го одбрани стојалиштето. Ова безусловно право на дискутантите се содржи во второто правило:

2. Дискутантот кој го става под прашање стојалиштето во етапата на конфронтација има право да го предизвика другиот дискутант да го одбрани претставеното стојалиште. Правото на еден од дискутантите да го предизвика другиот да го одбрани стојалиштето не е обврска, како што е облигацијата на оној што изразил стојалиште да го одбрани ако е предизвикан. Третото правило ги регулира овие релации:

3. Дискутантот што е предизвикан во етапата на конфронтација е условно обврзан да го одбрани претставеното стојалиште, освен ако дискутантот предизвикувач не е подготвен да прифати заеднички премиси и правила на дискусија. Обврската за одбрана на стојалиштето важи додека стојалиштето не е повлечено или успешно одбрането врз основа на заеднички прифатени премиси и правила на дискусија. Правилото под број четири го претставува првото согласување на дискутантите поврзано со доделувањето на улогите:

4. Дискутантот кој во етапата на отворање го прифатил предизвикот да го одбрани претставеното стојалиште ќе биде протагонист во аргументативната етапа, а другиот ќе биде антагонист. Дистрибуцијата на улогите ќе продолжи до крајот на дискусијата. Во петтото правило се утврдуваат правилата за аргументативната етапа, пред нејзиниот почеток:

5. На кој начин протагонистот го брани стојалиштето и на кој начин антагонистот го напаѓа и, конечно, во кој случај протагонистот успешно го брани стојалиштето, и обратно, во кој случај антагонистот успешно го критикува. Овие правила на аргументација важат за време на целата дискусија и не постои можност да бидат ставени под прашање ако се претходно прифатени од двете страни. Прифатливите начини на аргументација се изразени преку следните говорни чинови: тврдење, позитивно и негативно допуштање, а успешноста на одбраната на стојалиштето по иницијалната презентација на аргументацијата во негова одбрана (провизорна одбрана) е ефективна доколку антагонистот целосно ја прифати приложената аргументација. Следното правило појаснува како протагонистот го брани стојалиштето и како антагонистот го напаѓа тоа стојалиште:

6. Протагонистот го брани стојалиштето преку сложен говорен чин на аргументација што се смета како провизорна одбрана; а антагонистот го напаѓа стојалиштето врз основа на пропозиционалниот контекст, односно на пропозициите кои се однесуваат на вистини, норми, вредности или вредносни хиерархии, прифатен од двете страни. Единствен услов за листата на пропозиции е конзистентноста. Тоталитетот на основа за напад на стојалиштето го комплементираат силата на јустификација или побивањето. Во втората етапа, дискутантите мора да се согласат како ќе биде одредена јустификациската/побивачка сила која се однесува на тоа дали расудувањето е логички валидно преку интерсубјективната процедура на испитување на изведувањето заклучоци. Конкретно, постигнуваат заеднички договор кои аргументациски шеми може да се користат, како и на кои критички прашања

аргументската шема треба да одговори. Ова се единствените начини на којшто протагонистот го брани, а антагонистот го напаѓа стојалиштето. Седмото правило ја прецизира интерсубјективната идентификација на пропозиционалната содржина:

7. Протагонистот успешно ја брани пропозиционалната содржина од сложениот говорен чин на аргументација ако процедурата на интерсубјективна идентификација е позитивна, и обратно, неуспешно ја брани ако има негативен резултат.

8. Протагонистот успешно ја брани јустификациската или побивачката сила преку апликацијатата на интерсубјективното заклучување и процедурата на интерсубјективната екстернализација, односно, доколку апликацијата на процедурата за интерсубјективен тест на листата на аргументациските шеми произведе позитивен резултат, таа е успешно одбранета, а неуспешно, ако е резултатот негативен.

9. Протагонистот успешно ја комплетира одбраната на стојалиштето, заклучно со успешната одбрана на пропозиционалната содржина и успешната одбрана на моќта на јустификациската/побивачката сила; а неуспешно ако антагонистот успешно ги нападнал двата посочени елементи на аргументацијата.

10. Антагонистот го задржува правото во текот на целата дискусија да ги стави под прашање пропозиционалната содржина и издржливоста на јустификациската/побивачката сила на секој комплексен говорен чин на аргументација што сѐ уште не е успешно одбранет.

11. Протагонистот го задржува правото во текот на целата дискусија да ги брани пропозиционалната содржина и издржливоста на јустификациската/побивачката сила на секој комплексен говорен чин на аргументација што сѐ уште не е успешно одбранет.

12. Протагонистот го задржува правото во текот на целата дискусија да го повлече кој било сложен говорен чин на аргументација, и со тоа да се ослободи од облигацијата него да го брани.

13. Протагонистот може да употреби ист говорен чин или ист сложен говорен чин во дискусијата само еднаш; протагонистот и антагонистот наизменично прават потези од сложени говорни чинови и можат да прават само по еден потег наизменично.

14. Протагонистот е должен да го повлече почетното стојалиште ако антагонистот успешно го завршил нападот во аргументативната етапа, според правилото 9, и ги задржал останатите правила на дискусијата; и обратно, антагонистот се обврзува да го повлече предизвикот кога протагонистот успешно ја завршува одбраната во етапата на

аргументација според правилото 9, задржувајќи ги останатите правила на дискусијата. Ова правило помага дискутантите заеднички да одлучат кој победил во дискусијата.

15. Дискутантите имаат право во која било етапа од дискусијата да побараат од другиот да изведе употребни декларативи, или самите да изведат, а дискутантот кон кого се однесува барањето е обврзан да постапи соодветно (Eemeren and Grootendorst, 2004).

## 3.3 Нова дијалектика

Во сферата на доминацијата на дијалектичките пристапи во современата теорија на аргументација, наспроти монолошката аргументација, пропонентите на овие пристапи демонстрираат тенденција да поседуваат посебен поим или концепт на дијалектиката што се однесува на дијалогот, со други зборови, преку наизменичниот редослед на учесниците во дијалогот во процесот на критичка евалуација на елементите на аргументацијата. Новата дијалектика на Даглас Волтон ја гради интелектуалната траекторија во однос на основата на неформалната логика и критичкото мислење со недвосмислена тенденција кон евалуација на аргументите преку нивната идентификација, интерпретација, реконструкција, анализа и критички пристап во однос на сите елементи на аргументите и аргументацијата.

Според Волтон, старата дијалектика е филозофска активност која се состои од вербални чинови на двајца учесници. Започнува со динамиката на оној што прашува кој го поставува проблемот, а оној што одговара одбира позиција, по што прашувачот извлекува заклучоци базирани врз одговорите на одговарачот. Целта на прашувачот е, преку заклучоците изведени според одговорите на другиот учесник во расправата, да предизвика сомнеж во позицијата на одговарачот или да покаже евидентна неконзистентност. Концептот на старата дијалектика, според авторот на вториот по популарност дијалектички пристап во современата теорија на аргументација, имено новата дијалектика, е претставен во интерпретацијата на Платоновата дијалектика како уметност која се однесува на дискусиите и Аристотеловиот поим на дијалектиката како употреба на расудувањето за изведување на логички следства од премисите кои се општоприфатени мислења. Волтон рефлектира и кон проблемот на Аристотеловата дијалектика која доаѓа до првите принципи, аксиоми на сите науки. Новата дијалектика продолжува на основата од Аристотел, каде што логиката е применлива, практична дисциплина, од каде што ги изнесува и формулира

водечките идеи за дијалектичките аргументи од антиката кои долго време беа третирани на периферијата на логиката како дисциплина. Таа отвора можност да се применат објективни логички стандарди на евалуација на аргументите во секојдневните разговорни размени во кои постои реален конфликт на мислења.

Новата дијалектика, како метод за евалуација на аргументите употребени во одреден случај, е дизајнирана да се користи за нивна нормативна евалуација. Своите корени ги лоцира во античката дијалектика, но централниот фокус е кон најзастапените видови аргументи и аргументација во секојдневните конверзации, базирани врз презумптивно расудување (presumptive reasoning), како трет вид на расудување наспроти дедуктивното и индуктивното расудување. Новиот пристап кон евалуацијата на аргументите го прави презумптивното расудување суштествена карактеристика и основен елемент на новата дијалектика. Почетокот на овој вид расудување е фундиран врз стандарната или вообичаена насока на товарот на докажувањето на аргументот од незнаење (argument from ignorance/ argumentum ad ignorantiam). Презумптивното расудување може да се користи во ситуации од затворен тип, каде што листата на позитивни информации е исцрпена, па следствено негативната информација е претставена по правило (by default). Но, најчесто во практиката на секојдневните разговори ситуациите се од отворен тип, во кои не можеме со сигурност да тврдиме дека листата на позитивни информации е целосна; напротив, знаеме дека е некомплетна и мора да изведеме претпоставка, да погодуваме за да изведеме заклучок. Ваквата ситуација на погодување претставува најпогоден контекст за употреба на презумптивното расудување, кое во ваквата поставеност има најголем ефект. Расудувањето на новата дијалектика функционира преку изведување претпоставки, одредени погодувања во форма на заклучување и прифаќање на тентативна основа и претставува исказ којшто како обврска подложи на можно повлекување ако се случи нова аргументација да ја промени ситуацијата. Овој тип расудување нуди причина на оној што аргументира да го прифати заклучокот покрај можноста тој да биде повлечен ако се поставени критичките прашања. Покрај тоа што овој вид на расудување не е ниту дедуктивен ниту индуктивен, сепак е обврзувачки во дијалогот, односно поседува логичка структура која означува дека ако премисите се прифатени и структурата на аргументот е во ред, заклучокот се прифаќа додека не се постават критичките прашања. Формите на заклучување кои ја претставуваат логичката структура на овие видови на аргументи се нарекуваат аргументациски шеми. Во

новата дијалектика, расудувањето е дефинирано како поврзување на заклучоци по редослед и може да се користи како за објаснување така и за аргументација. Овде аргументот е виден како употреба на расудување во насока на остварување на целта на дијалогот којшто, според теоријата на новата дијалектика, е поделен на шест видови. Покрај презентираниот поим на античката или старата дијалектика, овој дијалектички пристап кон аргументацијата Волтон го нарекува дијалектички затоа што аргументите се видени како случај во којшто две страни расудуваат заедно со одредена цел и аргументите се во функција да разрешат одредено прашање кое има две страни. Суштествена карактеристика на дијалектичката евалуација на аргументите според овој автор, односно предмет на евалуација, не е знаењето или верувањето, туку обврската на учесникот од прифаќањето на одредена пропозиција во дијалогот. Ваквите обврски во дијалогот не мора да бидат логички конзистентни една со друга, но доколку множеството од обврски на пропонентот е очигледно неконзистентно, респондентот може да ја предизвика неконзистентноста и да побара решавање или објаснување за очигледното несовпаѓање. Постои тенденција кон формализација во новата дијалектика, но оваа формална структура се разликува од традиционалната дедуктивна и квантифицирачка логика. Овој вид на формализација има структура на игра во која има двајца учесници, пропонент и респондент, наизменично секој прави потег, генерално поставувајќи прашања и одговарајќи и презентирајќи аргументација во дијалог којшто, земен како целина, има своја цел. Поединечно, секој од учесниците во дијалогот има цел, односно своја улога во остварувањето на дијалошката телеологија. Правилата на играта дефинираат кои потези се сметаат за легитимни при соработката во остварувањето на целта на дијалогот.

### 3.3.1. Видови дијалог

Прагматичката основа на новата дијалектика, според Волтон, е изградена врз истражувањата на Херберт Пол Грајс (Herbert Paul Grice), кои се презентирани во познатиот текст посветен на логиката на разговорот, *Логика и разговор* (*Logic and Conversation,* 1975). Во ова дело се поставува тезата дека аргументот треба да се гледа како придонес кон разговорот помеѓу две страни, да се евалуира врз основа на тоа дали придонесува кон остварување на целта на разговорот. Генералниот домен на употребливоста на овој пристап

на употреба и евалуација на аргументите е во секојдневните разговорни размени. Аргументот се оценува како се користи во различни цели и во различни видови разговорни размени. Новата дијалектика одредува прецизни правила и цели на различни видови дијалози што можат да бидат користени за неформалните логички грешки. Теоретската рамка на рационалноста, расудувањето за евалуација на аргументот како точен или не во извесен случај е во степенот на придонес на аргументот кон целите на дијалогот соодветен на дадениот случај. Погрешен аргумент во дијалогот е оној што се користи во спротивност на целите на дијалогот. Надоврзувајќи се на концептот на разговор, конверзација, на Грајс, Волтон го застапува генеричкиот термин за дијалог дефиниран како целно насочена конвенционална рамка во која две говорни страни расудуваат заедно по редослед, според правилата на почитување, односно според нормалните очекувања за кооперативен аргумент. Секој вид дијалог има различни цели, дистинктивни начини на одредување на редослед на потезите и методи на аргументација кои ги употребуваат учесниците кои работат кон остварување на целите на дијалогот. Новата дијалектика разликува шест видови дијалог во кои постои јасна дистинкција помеѓу почетната ситуација, целите на учесниците посебно, и целта на дијалогот. Во *Новата дијалектика: метод за евалуација на аргумент кој се користи за одредена цел во даден случај (The New Dialectic: A Method of Evaluating an Argument for Some Purpose in a Given Case,* 1999), Волтон ги наведува следните видови дијалог: дијалог на убедување, дијалог на испитување (inquiry), дијалог на преговарање, дијалог на барање на информации, дијалог на промислување и еристички дијалог.

Во дијалогот на убедување иницијалната ситуација е постоење на конфликт на мислења, во кој поединечна цел на учесниците во дијалогот е да ја убедат другата страна, додека заедничката цел на дијалогот е да се разреши конфликтот или да се прецизира предметот на конфликт. Почетната ситуација на дијалогот на испитување е потребата од доказ; поединечната цел на учесниците е да го обезбедат и да го верификуваат доказот и конечно, заедничката цел на дијалогот е да се докаже или да се побие хипотезата. Во дијалогот на преговарање констатираме конфликт на интереси како почетна ситуација која доведува до поединечната цел на учесниците во дијалогот да го добијат тоа кон што целат најмногу, а заедничката цел на дијалогот е разумното разрешување што е прифатливо за обете страни. Причината за дијалогот на барање на информации е очигледна и ја има за почетна ситуација потребата од информации, додека индивидуалната цел на учесниците е

да бараат или да понудат информации, која е дел од заедничката цел да се разменат информации. Во дијалогот на промислување, почетната ситуација е одредена дилема или практичен избор во којшто посебната цел на учесниците во дијалогот е координација на целите и дејствата како составен елемент од заедничката цел на дијалогот – да се донесе одлука за најдобрата достапна насока на делување. Шестиот тип дијалог е еристичкиот, којшто е резултат на иницијалната ситуација на персонален конфликт, во којшто поединечните цели на учесниците се вербален напад на противникот, додека заедничката цел е откривање на подлабока основа за конфликтот. Сите видови дијалози во теоријата на новата дијалектика претставуваат нормативни модели кои даваат општи насоки како одреден аргумент треба да биде употребен во еден од наведените контексти за да биде правилен или да може да се одбрани наспроти некоректната критика. Најголема застапеност во секојдневната комуникација има дијалогот на убедување, којшто се учи како школски пример по практична логика и критичко мислење. Пропонентот има задача да одбрани одредена теза, а респондентот да иницира сомнеж преку поставување прашања. Двајцата учесници во дијалогот на убедување на почетокот се согласуваат околу почетните премиси за во продолжение, преку рационална аргументација, со користење на премисите, постапно чекор по чекор да ги изведуваат аргументите со цел да ја убедат другата страна. Покрај асиметричниот карактер, овој вид дијалог може да биде и симетричен. Сепак, презицира Волтон, еден од главните проблеми кај дијалогот на убедување којшто се појавува за време на последователните чекори на изведување на аргументација е преминувањето во друг вид на дијалог, на пример во преговарање или еристички. Овие дијалектички премини, според авторот на новата дијалектика, се причина за главните неформални логички грешки. Аналоген проблем на употребата на дијалектичкиот метод на евалуација на аргументите кога имаме дијалектички премин на дијалог се мешаните дијалози како што се текст за продажба, политичка дебата или правна аргументација (Walton, 1999).

### 3.3.2. Презумптивно расудување

Современите истражувања во неформалната логика и говорната комуникација се фокусираат претежно врз недемонстративни аргументи кои доведуваат до тентативни заклучоци, кои не се дефинитивни и постои можност да бидат побиени. Структурата на овие

аргументи е различна од структурата на традиционалните дедуктивни и индуктивни аргументи. Застапеноста во секојдневната практика на говорна комуникација на ваквите аргументи кои уште се нарекуваат плаузибилни или презумптивни е на високо ниво и начинот на нивното прифаќање е тентативен или провизорен дури и кога се точни. Прагматичката анализа на поимот на презумпција ја истакнува суштинската функција и оперативност на презумпцијата во теоријата на аргументација, ставајќи го во фокусот презумптивното расудување. Предмет на истражување се начините на кои презумпциите се развиваат во аргументи како видови премиси и како видови заклучоци што ги поврзуваат премисите и заклучоците во аргументативен дијалог. Според семантичката основа која доаѓа од латинскиот praesumptio, што значи да се преземе дејство да се одговори однапред (авансно) и да се антиципираат можните забелешки, се откриваат основните елементи на презумпцијата и презумптивното расудување: секвенци на прашања и одговори во низа на аргументи во дијалогот што се одвива, постоење ред во секвенците и можна претпоставка за забелешка, односно за критика. Развојот на презумпцијата во презумптивно расудување открива дека презумптивниот заклучок од една пропозиција А кон друга пропозиција Б се базира врз правило изразено во формата: за даден случај А, субјектот продолжува како Б да е вистина сè додека нема доволна причина да верува дека Б не е вистина. На овој начин, презумпцијата се разбира како практичен заклучок од една пропозиција кон друга во контекст на практично размислување или дискусија во насока на дејство. Во оваа насока презумпцијата, според Волтон, во суштина е прагматички поим што помага дискусијата да продолжи понатаму врз рационална основа во ситуации кога недостасува доказот кој ќе го затвори прашањето на дискусијата. Причината за ова е фактот што дури и кога недостасува доказ, сепак постојат индиции за провизорна насока на дејство при одредени околности и рационалната оправданост на оваа процедура се состои во практичните причини и товарот на докажувањето може да се движи во која било насока. Презумптивното расудување е многу присутно во секојдневието и се користи на многу начини, врз основа на мноштво практични причини, но специфичната употребливост за анализа на неформалните логички грешки како грешки во расудувањето, како и за нормативна евалуација на аргументацијата, ја фундира основата за високата примена на овој вид на расудување во теоријата на аргументација на новата дијалектика. Овој вид на расудување е немонотонично, наспроти монотоничното на класичната дедуктивна логика, кое означува дека ако аргументот е

валиден, без разлика колку нови премиси се додаваат, аргументот не ја губи валидноста. Практичното расудување е немонотонично како резултат на можноста за промена на заклучокот при додавање нови информации или премиси на дадена ситуација, односно заклучокот може да добие друга насока при ажурирање на информациите правејќи го овој вид расудување динамично и варијабилно во споредба со статичното или фиксното на дедуктивната логика. Низ призмата на говорните чинови, врз основа на истражувањата на Хамблин и на Барт и Крабе, Волтон смета дека презумпцијата е посебен вид на говорен чин позициониран помеѓу тврдењата и обичната претпоставка. Уште повеќе во теоријата говорни чинови на Серл, покрај тоа што нема место за презумпцијата како говорен чин, Волтон истакнува дека овој вид расудување се наоѓа под категоријата на тврдења (claims) во кои говорникот тврди одредено нешто за одреден предмет. Се разбира, делот на природата на релацијата помеѓу презумпциите и доказот во аргументацијата предизвикува амбигвитет. Се чини дека презумпцијата дава основа да продолжи аргументот без да има доволен доказ; тоа е фундус на динамиката на презумптивност која се става под прашање низ призмата на логиката. Експликација која ја нуди авторот на новата дијалектика е дека презумпцијата има тежина на доказ различен од тврдењето или од аргументот што не е презумптивен.

Презумптивното расудување е изградено врз прагматичките импликатури од страна на слушателот врз база на вообичаеното, стандарното значење што го имаат аргументите на говорникот во контекст на организиран, кооперативен дијалог со правила. Овде е применета разликата што Грајс (1975) ја прави помеѓу импликација и импликатура. Прагматичките импликатури на презумптивното расудување прават основа за контекстуална интерпретација и, како такви, се подложни на грешка и идно побивање многу повеќе споредено со логичкото расудување од дедуктивен или индуктивен тип. Наспроти субјективниот карактер на презумптивното расудување, Волтон покажува дека структурата на заклучување на презумптивното расудување треба да се истражува во насока на придонес кон критичко евалуирање на аргументите во секојдневната комуникација, особено поради фактот што презумптивното расудување има големо влијание кај обичниот човек. Во текот на долг временски период, логичарите работат врз дедуктивна и индуктивна основа за евалуација на аргументите, оттука промоцијата на презумптивната основа за критичка евалуација на аргументите е навистина тешка задача, особено што фундусот за

оправданост на аргументите е послаб, тентативен и подложен на идно побивање. Волтон го користи концептот на генерализација како причина за корисноста на презумптивното расудување. Споредбено, генерализацијата во дедуктивната логика се нарекува апсолутна, каде што за сите X, ако X поседува Y тогаш Z, доволно е само еден контрааргумент да биде побиена дедуктивната генерализација, додека индуктивната генерализација изразена во формата: повеќето, многу или одреден процент ако X поседува Y, тогаш Z, не е апсолутна генерализација. Формата на генерализација на презумптивното расудување е следнава: вообичаено, освен во случаите што претставуваат исклучок, ако X поседува Y може да се очекува Z. Овде презентираниот услов е подложен на идно побивање во случај на невообичаени или неочекувани ситуации. Волтон го истакнува проблемот дека многу од научниците, особено од областа на статистиката, го позиционираат презумптивното расудување како вид на индуктивното, како субјективна веројатност, и истакнува дека ова тврдење е неточно особено затоа што ситуациите што се нормални, вообичаени и поимот на невообичаеност не се базирани врз статистички правила. Сепак, Волтон дозволува одредено поклопување меѓу статистичкиот модел на заклучување и презумптивното расудување, но потенцира дека не може да биде изразено во нумеричка формула. Примената на презумптивното расудување е застапена во компјутерската наука каде што се идентификува со абдуктивното заклучување, именувано како заклучок врз основа на најдобро објаснување, сепак Волтон повлекува дистинкција помеѓу абдуктивното и презумптивното расудување, првото е заклучување од материјалот на дадените податоци кон хипотеза која нуди најдобро објаснување на тие податоци, дефиниција која се разликува од дефиницијата на презумптивното расудување.

### 3.3.3. Аргументациски шеми

Темпоралната одредница на развојот на аргументацските шеми како пристап кон аргументацијата од страна Даглас Волтон е 1980, година по која следат многу како самостојни така и публикации од коавторски тип, работејќи врз проблемот на видовите на заклучување врз основа на аргументациските шеми. Првата компилација на аргументациските шеми од 1996 година ги идентификува најзастапените општи форми на презумптивно расудување, односно аргументацијата која подлежи на евентуално идно

побивање. Оваа листа на аргументациски шеми не е целосна и се дополнува со листата направена во 2008 од страна на Волтон, Рид и Макањо (Walton, Reed & Macagno) со што се поставува стандардот за аргументациски шеми кои се практични за употреба. Историјата на аргументациските шеми во современата теорија на аргументација почнува со Перелман и Олбрешт-Титека (1958), кои во своето дело *Нова реторика* идентификуваа различни видови аргументи кои се употребуваат да се увери респондентот на провизорна основа. Систематска листа на аргументациските шеми презентира и Артур Хастингс (Arthur Hastings) во својата докторска дисертација, каде што селекцијата на аргументациските шеми се комплементира со корисни примери за нив. Во продолжение, Манфред Кинпоинтнер (Manfred Kienpointner, 1992) работи врз листа на аргументациски шеми со тенденција да го покрие тоталитетот на овие структури на заклучување класифирајќи ги во дедуктивни и индуктивни форми. Работата на Емерен и Гротендорст ја истакна важноста на аргументациските шеми во обидот да се евалуираат општите аргументи во секојдневното расудување како точни или неточни, прифатливи или проблематични.

Аргументациските шеми претставуваат форми на аргументи, односно структури на заклучување кои помагаат во процесот на идентификација и евалуација на општите видови на аргументација во секојдневната комуникација. Секој вид на аргументациски шеми оди заедно со соодветно множество на критички прашања. Како интегрален ентитет, аргументациски шеми и критичките прашања се користат за евалуација на одреден аргумент во релација со контекстот на дијалогот во којшто се појавува аргументот. Аргументот во даден случај се оценува преку евалуација на тежината на фактите, евиденцијата на двете страни на проблемот што е основа за понудената аргументација. Ако премисите на аргументот поседуваат одредена оправданост, тогаш тежината на доказот оди кон заклучокот кој е потенцијален предмет на побивање преку соодветните критички прашања. Првата премиса на аргументациски шема вообичаено добива форма на презумптивна генерализација: ако А има Б, тогаш нормално има В. Додека втората премиса е презумптивна генерализација во која ако Б е вистина, тогаш генерално, со можност за исклучок, и В е вистина. Ваквата генерализација, земена заедно со другата премиса, може да биде побиена и ја префрла тежината докажувањето на заклучокот. Контрааргументацијата, се разбира, може да ја отфрли прифатливоста на аргументот преку

побивање на презентираната оправданост на истиот, или да понуди нова оправданост која е во спротивност со иницијалната.

Теоријата на аргументациски шеми во новата дијалектика ја покажува важноста на структурата на презумптивните аргументациски шеми во анализата на традиционалните неформални логички грешки. Истражувањата на Труди Говиер (Trudy Govier, 1988) покажуваат дека употребата на логичките грешки во евалуација на аргументот е недоволно обработена, затоа што пред да се пристапи кон анализа на логичките грешки и нивната релација со аргументите, потребно е да се има увид во листата на добри аргументи. Уште повеќе што некои од логичките грешки многу често се базираат врз добри аргументи, кои покрај тоа што не се валидни според пропозициите, сепак претставуваат начини на добро аргументирање. Суштината на непознавањето на добрите начини на аргументирање ја конституира најголемата пречка во целосното истражување на логичките грешки и нивната корисност во евалуацијата на аргументите. Новата дијалектика презентира прогресивна динамика во однос на ова прашање, поточно ја покажува целта на овие добри начини на аргументирање. За да докаже дека логичките грешки може да се третираат како презумптивни, Волтон применува темелна анализа на дијалектичкиот метод на три логички грешки: argumentum ad ignorantiam (аргумент од незнаење), secundum quid (брза генерализација) и argumentum ad consequentiam (аргумент од последиците). За илустрација, овде предмет на анализа ќе биде една од овие логички грешки, имено формата на argumentum ad ignorantiam која е следната: не постои доказ дека пропозицијата А е вистинита, тогаш може презумптивно да се заклучи дека А не е вистинита. Во овој вид на логичка грешка, непостоењето доказ за вистината на премисата го прави презумптивното заклучување кон рационална конклузија врз основа на вообичаениот начин на поврзаност на нештата најдобра достапна можност. Argumentum ad ignorantiam може да се евалуира во рамките на контекстот на дијалогот како правилна употреба на презумптивно расудување. Во стандарните логички учебници, овој вид на аргумент се третира како логичка грешка, но анализата на аргументот како дијалектичка евалуација во форма на презумптивен разумен аргумент може да послужи како клучен момент на одлучување при споредбената анализа на можните исходи на одредена ситуација која е предмет на расправа, а за која не постојат никакви материјални индикации. Дијалектичката анализа на argumentum ad ignorantiam, дава насоки.

Аргументациските шеми се практики на расудување кое може да биде побиено и многу често се сретнуваат во општите, секојдневни аргументи. Оттука, потребата овие шеми на аргументот да бидат оправдани затоа што дел од нив долго време беа третирани како логички грешки. Прагматичката димензија ги става на испитување аргументите во контекст на дијалогот преку поставување прашања и одговори. Волтон го воведува концептот на критички прашања кои имаат интегрална улога во оправдувањето на аргументациските шеми и чија позиција се објаснува само во релација со аргументациските шеми. За секоја аргументациска шема се поставуваат одреден број на критички прашања. Различните теоретски пристапи конструираат екстензија на улогата на критичките прашања од поимањето како нужен услов за прифатливост на извесна аргументациска шема до тоа да бидат разбрани како една можна стратегија за испитување на слабите страни на аргументот. За Волтон критичките прашања имаат хевристичка улога во дијалектичката евалуација на аргументот, но исто така се и педагошки средства. На овој начин, задоволителното одговарање на сите поставени критички прашања претставува нужен услов за детерминирање на прифатливоста на аргументската шема.

Корисничкиот компендиум составен од Волтон, Кристофер Рид (Christopher Reed) и Фабрицио Макањо (Fabrizio Macagno) од 2008 година, објавен во *Аргументациски шеми* (*Argumentation schemes*), содржи шеесет аргументациски шеми: аргумент од позиција на знаење; аргумент од експертско мислење; аргумент од сведоштво на сведок; аргумент од популарно мислење; аргумент од популарна практика; аргумент од пример; аргумент од аналогија; практично расудување од аналогија; аргумент од состав; аргумент од дивизија; аргумент од спротивности; аргумент од алтернативи; аргумент од вербална класификација; аргумент од дефиниција до вербална класификација; аргумент од нејасност до вербална класификација; аргумент од арбитрарност до вербална класификација; аргумент од интеракција на чин и личност; аргумент од вредности; аргумент од жртва; аргумент од група и нејзините членови; практично расудување; двосубјектно расудување; аргумент од неправилно потрошени добра; аргумент од трошок; аргумент од незнаење; епистемолошки аргумент од незнаење; аргумент од причина до последица; аргумент од корелација до причина; аргумент од знак; абдуктивна аргументска шема; аргумент од евиденција до хипотеза; аргумент од последици; прагматички аргумент од алтернативи; аргумент од закана; аргумент од повикување на чувство на страв; аргумент од повикување на опасност;

аргумент од потреба за помош; аргумент од растревоженост; аргумент од преземена обврска; етотички аргумент (ethotic argument), којшто се однесува на карактерот на говорникот/авторот; генерички ad hominem; прагматичка неконзистентност; аргумент од неконзистентност кон преземена обврска; кружен ad hominem: аргумент од пристрасност; пристрасен ad hominem; аргумент од постепеност; аргумент 'лизгав под'; преседан аргумент на 'лизгав под'; вербален аргумент на 'лизгав под'; целосен аргумент на 'лизгав под'; аргумент од барање за конститутивни правила; аргумент од правила; аргумент за случаи на исклучок; аргумент од преседан; аргумент од барање за извинување; аргумент од перцепција и аргумент од меморија.

### 3.3.4. Примена на новата дијалектика

Теоретската рамка за расудување што ја презентира новата дијалектика промовира баланс помеѓу дескриптивното или емпириско истражување на аргументот и нормативното ниво или апстрактните логички методи на поставување на стандарди како критериум за добри аргументи. Овие две страни, сами по себе, не можат да постават метод за евалуација на аргументите што е истовремено објективен во стандардите и соодветен на реалностите на поединечните случаи на аргументација, но исто така и практичен за употреба. Новата дијалектика може да се употребува на повеќе начини, но примарна е апликацијата врз евалуацијата на аргументи во текст или вербален дискурс во даден случај. Долга е традицијата на логиката во однос на евалуација на аргументите низ призмата на аргументот ексклузивно како множество на пропозиции (премиси и заклучок) и сè останато во врска со аргументот се оценува како неважно од гледна точка на логичката евалуација. Наспроти традиција на логиката, новата дијалектика фокусот го позиционира не само врз множеството на пропозиции, туку и врз контекстот на дијалогот во чии рамки пропозициите се употребени со одредена цел. Секој од случаите на испитување нормативно ја оценува телеологијата на аргументот во дијалогот, односно со која цел се употребува, да убеди, во преговарање или во некој од типовите на дијалог. Истиот аргумент може да биде целосно оправдан и разумен во преговарачка тактика, но дури и целосно погрешен ако станува збор придонес кон критичка дискусија на одредена тема. Пристапот што е релевантен во дијалогот на преговарање, може да биде нерелевантен како дел од критичка дискусија.

Дијалектичката евалуација на одреден аргумент се покажува како целосно различна од стандардната употреба на дедуктивната логика во оценувањето на даден аргумент во секојдневниот говор како валиден или невалиден. Во новата дијалектика секој случај се третира како посебен, во таа насока дадениот аргумент се евалуира врз основа на текстот или говорниот дискурс, при што оваа основа ја претставува дадената информација. Треба да се детерминира дали станува збор за затворен или отворен систем на информации, да се идентификува во каков вид дијалог учествуваат соговорниците врз основа на дадената информација. Во случај да не поседуваме доволно материјал да го утврдиме контекстот, тогаш случајот се евалуира хипотетички, базиран врз претпоставки кои можат да бидат издржани или не. Супстанцијата при овој вид на анализа на аргументот е контекстот, случајот се третира како целина во однос на која се евалуира аргументот, односно употребата на аргументот во одредениот контекст, имајќи ги предвид релевантните информации што ни стојат на располагање. Првата задача во критичката евалуација на даден аргумент во текст или дискурс се состои во идентификација на деловите на расудувањето со користење дијаграм на аргументот за да се посочи секоја пропозиција и следствено да се идентификуваат заклучувањата од пропозициите кон изведените заклучоци, вклучувајќи ги и неексплицитните премиси и заклучоци. Контекстот на дијалогот има суштествено значење во евалуацијата на аргументите особено вклучувајќи ги дијалектичките фактори како што се обврските преземени во дијалогот од страна на учесниците кои аргументираат. Следен чекор по договорот помеѓу соговорниците околу прифаќањето на премисите и заклучоците на одреден аргумент соодветно на текстуалната и контекстуална основа во дадениот случај, е да се испитаат заклучувањата во последователното расудување. Таму каде што се детектирани слабости или недостатоци треба да се поставaт соодветни критички прашања. Конечно, по прегледот на деловите на последователното расудување претставено во дијаграмот на аргументот, треба да се постави прашањето за дијалектичката релевантност, односно кон каков исход водат аргументите. Со други зборови, дали аргументите водат кон остварување на крајната конклузија која е предмет на докажување соодветна на видот на дијалошката размена.

Новата дијалектика нуди практичен метод на идентификација, анализа и евалуација на автентични случаи на аргументи од секојдневната аргументација без да се прави апстракција од реалноста на дискурсот преку природниот јазик. Ваквата поставеност на

стандардите на евалуација на аргументот нема потреба од ексклузивна апликација на стандардите на дедуктивно и индуктивно расудување. Употребата на дедуктивните и индуктивните стандарди како единствен метод на евалуација на аргументите доведуваше многу од секојдневните аргументи кои имаат презумптивен карактер да бидат оценети како дефектни. Во новата дијалектика, во предвид се земаат различните контексти на употреба на аргументите, вклучително за каков вид на дијалог се работи, ги зема предвид етапите на дискусијата, обврските на соговорниците, како и други карактеристики соодветни на автентичноста на дијалогот во којшто две страни, односно двајца партнери во дискусијата се обидуваат да расудуваат имајќи заедничка цел. Ваквото таргетирање на тоталитетот на сите фактори кои влијаат врз употребата на аргументот, нуди практична димензија на аргументирањето во евалуацијата на секојдневната аргументација. Според овие практични стандарди, аргументот може да биде оценет како слаб и подложен на соодветните критички прашања, без да биде означен како погрешен. Покрај средствата за анализирање на аргументи, новата дијалектика наоѓа примена во многу општи видови на аргументи и проблеми на аргументација, правни и експертски системи, употреба на расудувањето во медицината, во академското и научното истражување.

# 4. КРИТИЧКА КОМПАРАЦИЈА НА ПЛАТОН-АРИСТОТЕЛОВАТА ДИЈАЛЕКТИКА И ДИЈАЛЕКТИЧКИТЕ ПРИСТАПИ ВО ТЕОРИЈАТА НА АРГУМЕНТАЦИЈАТА

## 4.1 Критичка компарација на дијалектиката, дијалектичкото расудување и дијалектичките пристапи во современата теорија на аргументацијата

Дијалектичките пристапи кон аргументите и аргументацијата во современата теорија на аргументацијата, претставени преку прагма-дијалектика и новата дијалектика, се сукцесивни наследници на дијалектиката на Платон и Аристотел. Подемот на современите дијалектички пристапи, според Морис А. Финокјаро (Maurice A. Finocchiaro), доведува до целосна доминација на дијалектиката во современата теорија на аргументација. Високиот степен на застапеност на дијалектичките пристапи во современата теорија на аргументација го отвора прашањето што, во суштина, претставува дијалектички пристап, но исто така доминацијата на дијалектиката продуцира тенденција кон суптилно занемарување на искуствата и истражувањата од другите пристапи во теоријата на аргументација. Првото прашање е навидум во насока на разграничување, демаркација помеѓу дијалектичките пристапи и останатите, на кое Финокјаро одговара со дистинкцијата меѓу дијалектичките и монологичките или монолошките пристапи, но разликувањето не се однесува на логичките пристапи. Финк истакнува дека во изминатиот половина век нотираме интензивна продукција на истражувања на дијалектиката на Платон и Аристотел, особено со употребливоста и практичноста на дијалектичкиот пристап во анализата на секојдневната аргументација преку обновениот интерес за дијалектиката во современата теорија на аргументација. Од целосно заборавена дисциплина, особено по научната револуција, повторно станува дел од академските истражувања преку Аристотеловата дијалектика. Наспроти концептот на сукцесивност, историските празнини низ различните темпорални одредници, доведуваат до целосен прекин со дијалектиката на Платон и Аристотел, односно поимот на дијалектиката станува конфузен, нејасен и повеќезначен. Историјата на дијалектиката во студијата на Спранци го прикажува различното поимање на дијалектиката во различни времиња и суштински ја претставува релацијата со реториката како и основата за појавата на логиката како различна од дијалектиката. Особено е важно да се истакне дека сите видови на различно поимање на дијалектиката се базираат врз дијалектиката на Платон и Аристотел, посебно врз доминацијата на Аристотел како имплицитен архитект на

современата наука. Сложеноста на историјата на поимот на дијалектиката, лимитираноста на дедуктивно формалниот пристап во современата теорија на аргументацијата и потребата од дијалектичкиот пристап во евалуација на аргументите се главни причини за потребата од реконструкција на дијалектиката на Платон и Аристотел како директна основа за сите различни поимања на дијалектиката кои следат, вклучително и за доминантните дијалектички пристапи во современата теорија на аргументација. Покрај тоа што во современата теорија на аргументација предвид се зема Аристотеловата дијалектика, а се прави превид на Платоновата дијалектика, компилацијата на Финк за развојниот линк помеѓу дијалектиката на Платон и Аристотел ја исправа оваа неправда. На оваа линија стои и Робинсон кој констатира дека повеќето аргументи како и логички грешки во *Топика* и *За софистичките побивања* имаат свои практични примери во дијалозите, посочувајќи го примерот на Александар Афродизиски кој во коментарите на наведените дела на Аристотел дава примери од дијалозите на Платон. Уште повеќе што темелната анализа на дијалектиката на Аристотел од страна на Спранци истакнува елементи кои недостасуваат во неговите текстови, имено недостасуваат податоци за апоретичката дијалектика која само се навестува во *Топика.* Објаснување за апоретичката дијалектика нема во Аристотеловите текстови, но комплементарна експликација на методот in utramque partem наоѓаме во текстовите на Платон, конкретно во дијалогот *Парменид.*

### 4.1.1. Διαλεκτική до првите принципи на сите науки (Платон-Аристотелова дијалектика)

Историјата покажува дека текстуалната оставнина на Платон и Аристотел претставува основа за сите дефиниции што временски следат во однос на трите дисциплини: дијалектика, реторика и логика. Не само што содржината на изворните текстови е суштинска за научниот светоглед, туку и нивните преводи, особено на *Аналитиките* во средниот век, и латинскиот превод на *Топика* во 16 век инспирираат интелектуална динамика која ги детерминира насоките во академскиот свет. Доминацијата на застапеноста на Аристотел во однос на егземпларите на дијалектиката во дијалозите на Платон, односно интерпретацијата на Аристотел во однос на прашањата за дијалектиката, се темели врз неколку причини: средновековното рангирање на дијалектичките премиси во понизок вид (што се темели на идејата на веројатноста на Кикерон), како еден вид пониска

форма на логика, кулминира со научната револуција кога целосно се анихилира интересот за дијалектиката. *Аналитиките* како парадигма за научно расудување доведуваат до подемот на геометрискиот модел на разумност, позиционирајќи ги Платоновите дијалози во сферата на уметничкото. Но овие историски пресвртници ја кријат суштинската релација меѓу Платоновата и Аристотеловата дијалектика која ја истакнува Финк преку разбирањето на дијалектиката како аргументација насочена кон соговорник, односно πρὸς ἕτερον διαλεκτική. На видовите аргументи презентирани во *Топика,* Александар Афродизиски наоѓа пластична илустрација во дијалозите на Платон, покажувајќи ја нераскинливата врска помеѓу нормативната анализа на Аристотел и практичната, применета дијалектика во дијалозите на Платон.

Во дијалозите на повеќе места διαλεκτική се определува како наука над науките, дисциплина која единствено доаѓа до вистината и првите принципи. Аристотел во *Реторика* експлицитно тврди дека дијалектиката е наука за сите видови на расудување, ги проучува сите видови силогизми, имено демонстративните и дијалектичките, но исто така во *Топика* ја определува функцијата на дијалектиката дека доаѓа до првите принципи на сите науки (Top.101b). Во *Метафизика,* укажува дека доаѓаме до вистината преку познавањето на првите принципи и причини (Metaph. 982a). Прв принцип на дијалектиката, предикат на поимот на дијалектиката којшто е конвертибилен со поимот и без којшто не може да постои дијалектиката е принципот дека крајната цел на дијалектиката е вистината. Во однос на алетолошката, веристичката телеологија на дијалектиката, единствено διαλεκτική доаѓа до вистината, со други зборови дека предмет на дијалектиката е вистината. Од ова може да се изведе заклучокот дека Платон и Аристотел зборуваат за иста дијалектика. Алетолошката ентелехија на дијалектиката го поставува, од една страна, проблемот за вистината, но и го поставува прашањето како до вистината, како и кои се фундаментите од кои се поаѓа. Дијалектичкиот метод е најдобриот инструмент до вистината преку којшто се направени сите откритија во науката и уметноста чија динамика се одвива преку прашување и одговарање. Семантиката на διαλεκτική означува уметност на прашување и одговарање. Не постои разлика помеѓу Платон и Аристотел за прашувањето и одговарањето како основни сили на динамиката на дијалектиката. Идентитетот на позициите околу прашувањето и одговарањето е увертира во следната дистинкција за која се совпаѓаат ставовите на Платон и Аристотел, имено, според медиумот на одвивање на

прашувањето и одговарањето, постои внатрешна дијалектика која се одвива во умот на еден човек и постои надворешна или πρὸς ἕτερον διαλεκτική, дијалектика со соговорник, која од своја страна има асиметричен карактер. Овде констатираме идентитет помеѓу динамиката на мислата и движењето во дијалектиката, односно дека суштината на мислењето е дијалектичка, умот прашува и одговара. Конечно основата за дијалектичкиот карактер на мислата е резултат на онтолошкиот принцип на едно и мноштво. Дијалектиката извира од коегзистенцијата на единството и мноштвото во сите нешта. Светот е едно и мноштво, каде и да се свртиме. Онтолошкиот принцип на едно и мноштво дава основа за методите на дијалектиката во дијалозите: συναγωγή, соединување на мноштвото во едно, διαίρεσις, делењето на едното во мноштво; συλλογισμός – дедукција, изведување заклучок од едното, и ἐπαγωγή - изведување заклучок од мноштвото. Истите методи ги наоѓаме во *Топика,* преку разликувањето на видовите на дијалектичкиот аргумент: дедукција и индукција. Соединувањето и делењето ги лоцираме во техниките за ефективно расудување преку наоѓањето на разликите во ист род, и сличностите во различни родови, односно делењето во разликувањето и соединувањето во сличностите. За Платон и Аристотел, процесот на откривањето на суштината на нештата се темели врз онтолошкиот принцип, односно поимот на дефиниција се конституира од заедницата на едното и мноштвото. Единствено дијалектичарот објективно може да разликува едно и мноштво. Дијалектиката прецизира што е слично а што различно во сѐ, таа е ексклузивна наука што ни дава насоки, нѐ води на патот на дискурсот, ни открива на кој начин онтолошките категории и видови се компатибилни и можат принципиелно да се комбинираат, а кои од овие категории не можат да се комбинираат. Имајќи го ова предвид, особено тезата во дијалозите дека дијалектиката поседува највисок степен на прецизност и точно ја определува суштината на секое нешто, во текстуалната оставнина на Аристотел силно се наметнува тезата дека Аристотел е парадигма за врвен дијалектичар. Поимот на διαλεκτική составен од алетолошката телеологија, динамиката на дијалектиката преку прашување и одговарање, и основата за дијалектиката во онтолошкиот принцип се доволни насоки да се постави тезата дека, во суштина, Платон и Аристотел го делат истиот поим на дијалектика, во својата интелектуална дејност применуваат иста διαλεκτική која е најголемата моќ на филозофијата (филозофот е врвен дијалектичар). Уште повеќе, дијалектичките методи на дедукција, индукција, соединување и делење се заеднички. Единствените новини во систематскиот

пристап на Аристотел се разликувањето помеѓу дијалектиката и дијалектичкото расудување, како и општите места кои помагаат да не го направиме дефектен на процесот на расудување. Но оваа дистинкција, компаративно со Платон има само техничка природа, затоа што дијалектичкото расудување има иста цел како и ἔλεγχος, односно критичко испитување на општоприфатените тези, за што во суштина имаме еклатантни живи примери на дијалектичко испитување на ἔνδοξα во дијалозите на Платон. Во поглед на дијалектичкиот метод што води до првите принципи на сите науки преку хипотези и испитување in utramque partem, освен споменувањето во *Топика,* се соочуваме со недостиг од информации кај Аристотел, додека оваа празнина се пополнува со дијалогот *Парменид* кој претставува извор од највисока вредност за апликацијата на методот кој нѐ води до првите принципи преку испитување на хипотезите in utramque partem, односно од двете страни на хипотезата. Спранци го воочува недостигот од референци за апоретичката дијалектика кај Аристотел, и решението на овој проблем е во идентификацијата на синтагмата Платон-Аристотелова дијалектика, во која *Парменид* претставува практична апликација и еклатантен пример на патот до првите принципи на сите истражувања. Имплементирајќи ги резултатите на истражувањата на διαλεκτική на Платон и Аристотел, кои оперираат со идентичен поим на дијалектика, може да се постави тезата дека станува збор за иста дијалектика, односно дека може да се констатира Платон-Аристотелова дијалектика. Во насока на поедноставување на сложената историја и мултисемантичност на дијалектиката, вклучително оперативноста и целите на дијалектика, поимот на Платон-Аристотелова дијалектика е конвертибилен со предикатот врз основа на дијалектиката, разрешувајќи ги сите проблеми околу прашањето што е основата на дијалектиката. Предноста на оваа синтагма за разлика од класичната или античката дијалектика се состои во тоа што се прави јасна дистинкција помеѓу основата и тоталитетот на другите автори кај кои лоцираме различно поимање на принципите, методите и целите на дијалектиката од Платон-Аристотеловите.

### 4.1.2. Дијалектиката како критичка дискусија за разрешување на конфликт на мислења (Дијалектички пристапи во теоријата на аргументацијата)

Според анализата на Спранци, во изминатите неколку децении, Емерен и Гротендорст многу успешно развија дијалектички модел на аргументација што е близок до интерпретацијата на Аристотеловата *Топика* како расправа за критичка дискусија (Spranzi 2011). Овде аргументацијата нема за цел да убеди, туку да создаде уверување за прифатливоста на одредено стојалиште преку критичка дискусија. Како што видовме, критичка дискусија е размена на гледишта во која учесниците во оваа разлика на мислењата се обидуваат систематски да определат дали одредено стојалиште може да издржи критички сомнеж. Целта на овој вид дискусија е надминување на разликата во мислењата. Дијалектичкиот пристап е критички, наспроти геометрискиот или антрополошкиот, во насока на евалуација на прифатливоста на одредено стојалиште преку критички правила на дискусија кои не се универзални, туку прагматички. Мора да се адаптираат на карактеристиките на проблемот и да бидат прифатени од двете страни, на тој начин обезбедувајќи валидност на проблемот како и интерсубјективна валидност. Аргументацијата е ефективно средство во разрешувањето на разликите во мислењата во согласност со правилата на дискусија прифатливи за двете страни. Во прагма-дијалектиката, поимот за дијалектика е редуциран единствено на поимот на критичкото и следствено, на важноста на дијалошките размени. Теоретскиот модел на критичка дискусија е дијалектички затоа што се базира врз две страни кои се обидуваат да разрешат разлики во мислењето со употреба на методолошки размени на потези во дискусијата. Употребата на дијалектиката во прагма-дијалектика подразбира извесен епистемолошки скептицизам преку критичкиот пристап. Критичката дискусија на Емерен и Гротендорст се разликува од асиметричното прашување и одговарање што етаблира или побива извесно тврдење, но има амбициозен пристап во обид за пацификација, конкретно во разрешувањето на разликите во мислење преку согласност на двете страни околу релативната прифатливост на одредено стојалиште преку дијалектичка процедура. Протагонистот и антагонистот постигнуваат недвосмисленост, јасност дали стојалиштето на протагонистот може да се одбрани од критиката на антагонистот. Прагматичката амбиција дека дијалектичките размени се разбираат во функција на пацификација помеѓу две страни со различни мислења не се состои во постигнување на консензус. Во суштина, не станува збор за интелектуално наметнување или доминација на точни аргументи, туку за постигнување на договор околу

релативната прифатливост на различните претензии на знаење, што е повеќе истакнување на кооперативноста за разлика од обврзноста да се прифати аргументација.

Дијалектичкиот пристап на новата дијалектика на Даглас Волтон е прагматички не само во техничката смисла на прагма-дијалектика, но многу повеќе во апликацијата или практичноста на неформалната логика и теоријата на аргументација во однос на употребата на аргументите во секојдневните разговорни размени. Слично на Тулмин, Волтон ја истакнува употребата на аргументот како суштинска во неговата еваулација, а не формата на аргументот. Следствено, дали еден аргумент е практично добар зависи од тоа како е употребен во одреден случај, односно дали е во насока на целите на дијалогот за одредениот случај. Дефиницијата на дијалогот е целно насочена конвенционална рамка во која две страни расудуваат заедно на организиран начин. Во дијалектичкиот пристап на новата дијалектика, евалуацијата на аргументите е дијалектичка од причина што зависи од формата на одредениот дијалог, односно од тоа за каков вид на дијалог се работи. Идентификацијата на целта и видот на дијалогот е од супстанцијално значење за евалуација на дијалектичките аргументи. Волтон разликува шест видови на дијалог со различни цели соодветни на одредениот дијалог: дијалог на убедување со цел критичка дискусија; информативен дијалог со цел интервју; дијалог на преговарање со цел постигнување на рационален компромис; дијалог на истражување со научно истражување или јавно истражување; дијалог на промислување со цел на одлучување што да се направи (етика) и еристички дијалог со цел кавга за катарзични причини. На овој начин, Волтон им дава на аргументите функционална дефиниција, но не и супстанцијална. Од сите видови дијалози, единствено дијалогот на убедување поседува слична цел со дијалектичкото расудување, особено што е поделен на ригорозен дијалог на убедување и дијалог на убедување со допуштање. Првиот вид е асиметричен, една од двете тези е предмет на одбрана со позитивната цел да се разреши конфликт на мислења. Вториот вид е повеќе близок на секојдневната комуникација на аргументи и ги истакнува имплицитно преземените обврски со преземањето на позиција во аргументацијата. Овде аргументите имаат пробативна функција, при што да се докаже успешно значи да се извлече заклучок од преземените обврски на другата страна. Преземените обврски се тврдења кон кои оној што аргументира се обврзува позитивно и кај кого е товарот на докажувањето за да аргументира ако се побара од другата страна. Овие преземени обврски се разликуваат од допуштањата кои се прифаќаат во интерес на

аргументот. Волтон прави експлицитна конекција помеѓу дијалектичкиот поим на презумпција и товарот на докажувањето, особено што аргументите во дијалогот на убедување се од презумптивен вид. Ако одредена пропозиција кога било е генерално прифатена, тогаш постои презумпција која оди во нејзин прилог и оној кој ја предизвикува треба да приложи силни аргументи што ќе бидат прифатливи, односно товарот на докажувањето се позиционира кај антагонистот. Презумптивните аргументи не мора да бидат силен доказ, туку пред сѐ се тентативни или привремено прифатени од другата страна сѐ додека другата страна не обезбеди доволни причини или основа за критика. Ова доведува до проблематична ситуација во која процесот на критика престанува во моментот кога презумпцијата не е повеќе предизвикана од противникот или антагонистот кај кого е товарот на докажувањето. Презумптивната конклузија е прифатена како вид на согласност. Дијалектиката, за разлика од реториката, се занимава со рационално убедување, но сепак новата дијалектика не поставува доволно строги епистемолошки стандарди. Наспроти ваквата критика, Волтон истакнува две корисни димензии на дијалогот на убедување во однос на рационалноста на убедувањето: стандард за евиденција и длабочина на аргументот. Целта на дијалогот на убедување е добивање на презумпција на вистината, односно која од двете позиции има поголема вистинитосна вредност. Презумпцијата е дијалектички поим во релација со товарот на докажувањето и овде дијалектиката е во функција на евалуација на балансот на вистината на две спротивни мислења, односно кое од двете стои поблиску до вистината, со други зборови кое мислење има подобри аргументи. Покрај стандардот на евиденција, или на имање на подобри аргументи, поимот на длабочина му дава маевтичка димензија на дијалогот во смисла што оној што аргументира може да го подобри своето мислење или да го зголеми капацитетот за разбирање и почитување на гледиштето на опонентот.

Аксиолошката супрconfigure Аксиолошката супремативност на διαλεκτική во дијалозите на Платон и текстовите на Аристотел е во директна конфронтација со поимот на дијалектиката во дијалектичките пристапи во современата теорија на аргументацијата, каде што означува критичка дебата според правила или критички пристап на презумптивните аргументи во еден од видовите на дијалог. Ваквата флагрантна разлика во која современото вредносно поимање на дијалектиката во суштина претставува антипод на дефиницијата на διαλεκτική, во текстуалната оставнина на Платон и Аристотел индицира недостиг од јасни одредници на

поимот на Платон-Аристотеловата дијалектика. Овој поим е conditio sine qua non да се разберат и вредносно да се позиционираат сите подоцнежни интерпретации на дијалектиката. Реконструкцијата на поимот и карактеристиките на Платон-Аристотеловата дијалектика отвора критичка перспектива кон историски различните значења на поимот на дијалектиката. Во современата теорија на аргументација, дијалектиката се разбира како регулирана дебата каде што дијалектичко означува повеќе дијалог отколку метод за вистината, каде што вистината е засенета од елементите на современата дијалектика како што се формалните правила, консензусот, преземањето обврска во дијалог и аргументациските шеми со презумптивните аргументи. Современата дијалектика е обезглавена, лишена од највисокиот дезидератив на Платон-Аристотеловата διαλεκτική, дефинирана како ултимативна дисциплина и метод за вистината. Во дијалектичкиот обид на прагма-дијалектика за пацификација на разликите во мислењата, Емерен и Гротендорст не претендираат на вистината или откривање на суштината на проблемот, туку на концептот на надминување на разликите меѓу две страни не водејќи се од епистемолошки аспирации. Критичкиот модел на дискусија не е дијалектичка расправа од Платон-Аристотелов алетолошки карактер, која ја испитува суштината на нештата и ги достигнува првите принципи, туку повеќе претставува дијалошка размена со цел да се постигне разумен договор. Ако правилата на дискусија кои го следат принципот на критичка рационалност сепак поседуваат некаква далечна рефлексија на дијалектиката како наука за вистината, новата дијалектика на Волтон целосно ја елиминира вистината од дијалогот преку редукција на епистемолошката димензија. Според Волтон, критичкиот пристап се однесува на презумпцијата и функцијата на аргументот е релативна соодветно на видот на дијалогот во којшто се употребува. Во однос на алетолошката телеологија на Платон-Аристотеловата дијалектика воочуваме очигледна деклинација од овој принцип во дијалектичките пристапи во современата теорија на аргументација на прагма-дијалектика и нова дијалектика.

Принципот на прашување и одговарање е присутен во сите современи деноминации на дијалектиката, ретко во асиметрична форма, но улогите и целите на Платон-Аристотеловите прашувач и одговарач се разликуваат од целите на современите протагонист и антагонист. Во светлината на вештината на поставување на тези и поставување на објекции, како и на логосот на едното и мноштвото можеме да констатираме

дека постои разлика помеѓу Платон-Аристотеловата дијалектика и дијалектичките пристапи во современата теорија на аргументација. Целта на дијалектичкото кај Емерен и Гротендорст, како и кај Волтон, односно телеологијата на критичките дискусии поседува практичен, но не и епистемолошки карактер. Наспроти тестирањето на ставовите, хипотезите, во дијалектичките пристапи насоката е во решението на разликите во мислењата и намалување на несогласувањата преку определбата на степенот на одбранливост на теза наспроти понудените критички сомнеж и објекции.

## 4.2 Реторички карактер на дијалектичките пристапи: прагма-дијалектика и нова дијалектика

Аристотел во *Реторика* етаблира релацијата помеѓу διαλεκτική и ρητορική која генерира историска основа за дијалектичките и реторичките пристапи во теоријата на аргументација, но истовремено претставува основа за некритичкото поистоветување на дијалектиката и реториката. Позицијата на Аристотел која на прв поглед демонстрира интегрална врска помеѓу дијалектиката и реториката преку истакнувањето на заедничките елементи, остава впечаток како да станува збор за две страни на иста дисциплина. Во суштина, реториката е антистрофа на дијалектиката и заедничкиот интерес на обете е општиот домен на човековото знаење и, како такви, не припаѓаат под одредена наука. Универзалната карактеристика не ги обврзува кон поединечна класа на предмети, затоа што за предмет ги имаат општите насоки на аргументот и расудувањето кои еднакво се аплицираат на етиката, природните науки, политиката, како и останатите дисциплини. Ниту реториката, ниту дијалектиката не се занимаваат со испитување на одредени посебни предмети, туку нивната главна цел е да обезбедат аргументи (Rh.1356a). Интелектуалната траекторија на некритички прифатената блиска релација помеѓу реториката и дијалектиката доминира во вековите кои следат, особено што Аристотел покрај тоа што ги истакнува сличностите помеѓу двете дисциплини, исто така прецизно ги дефинира реториката и дијалектиката. Функцијата на реториката е да открие начин на убедување кој е најблизок до околностите на извесна реална ситуација, а дијалектиката има задача да ги разликува вистинските и лажните силогизми. Ρητορική е гранка на дијалектиката, и е многу слична на втората, διαλεκτική ги проучува сите видови на силогизми вклучително и ентимемите.

Сепак доминацијата на одредувањето на дијалектиката и реториката преку највисок степен на истоветност доведува некритичко поистоветување и мешање на обете, и тоа најчесто се случува реториката да доминира на сметка на дијалектиката. Рационалната аргументативна страна на реториката е во блиска релација со дијалектиката.

Кикерон разликува две значења на аргументот (argumentatio): од една страна е веројатна или извесна инвенција (inventum) на мислата за одреден предмет, а од друга страна е – artificiosa expolatio – уметничко украсување на мислата; на овој начин, тој определува блиска релација помеѓу дијалектиката и реториката. Според Кикерон, разликата помеѓу реториката и дијалектиката не е епистемолошка, затоа што и обете се занимаваат со веројатните и демонстративните силогизми, но се разликуваат во изразените и неизразените мисли затоа што logos значи и ratio, но значи и oratio. Ваквото стојалиште се базира врз позицијата на стоиците според кои дијалектиката и реториката се два дела на општата наука за логосот. Во оваа насока, според основачот стоичката школа, разликата помеѓу дијалектиката и реториката е аналогна на стисната и раширена тупаница. Интерпретацијата на Аристотел од страна на Кикерон во реторичка димензија претставува основа за новата интерпретација на дијалектиката и реториката на ренесансата. Кикероновиот идеал на реторичка елоквенција како комплементарна на мудроста, дури и како замена за мудроста, добива ново значење кое не е во насока на демонстрација на знаење, но повеќе кон негово прифаќање од страна на публиката.

Новата дијалектиката на ренесансата иницирана од Лоренцо Вала (Lorenzo Valla) и Рудолф Агрикола (Rudolph Agicola) ги потенцира реторичките извори, вклучително и убедувачкиот дискурс, обновувајќи ја заедницата помеѓу реториката и дијалектиката, односно презентира нова димензија на веќе познатата доминација на реториката над дијалектиката. На основа на познатиот почеток на *Реториката* на Аристотел во кој реториката е антистрофа на дијалектиката, новото време на обновата го гледа расудувањето корисно не само за апстрактни теми туку и за морални и политички прашања, истакнувајќи ја предноста на реторичката аргументација пред формализмот на силогизмите и директно поставувајќи ја основата на современата теорија на аргументацијата. Реториката добива клучна улога во ренесансата детронизирајќи ја дијалектиката од хиерархијата на тривиумот. Во новата дијалектика на ренесансата, во преден план доаѓаат реториката и убедувачкиот дискурс за разлика од структурата и формалната валидност на аргументот. Авторите ја

обновуваат инвентивната функција на дискурсот и повторно ја етаблираат унијата помеѓу дијалектиката и реториката, давајќи ново светло различно од схоластичкото. Не зачудува податокот што најголемиот број на хуманисти, односно истакнатите мислители во ренесансата се професори по реторика. Схоластичката дијалектика се заменува со нова дијалектика врз основа на традицијата на Аристотел во блиска релација со реториката. Новата дијалектика на ренесансата ги формира концептите на дијалектика и реторика, од една страна, врз база на коментарите на Александар Афродизиски каде што се споредуваат дијалектиката и реториката со истакнување на сличностите, а од друга страна, основата ја поставуваат коментарите на Кикерон во кои преовладува реторичкото читање на *Топика.*

По интензивното влијание на студијата на Тулмин во однос на истакнувањето на важноста на практичната логика наспроти формалната во доменот на епистемологијата, како и имајќи ја предвид целта на авторот во изработката на ефективен пристап во однос на применетата логика во епистемологијата и филозофијата на науката, се појавија две теоретски насоки во теоријата на аргументација: дијалектичка и реторичка. Поставениот фокус на критичката употреба на аргументацијата е определба на дијалектичката насока, додека аргументираното убедување на рационална основа ја претставува реторичката насока. Во дијалектичката димензија на аргументацијата се истакнува важноста на дијалогот и видовите дијалог што се растегнува од критичка дебата со правила на две страни кои се карактеризираат како квалификувани за предметот на расправа до поврзувањето на дијалектиката со видовите на дијалог и неформална конверзација на две страни кои не се квалификувани за дебата. Од една страна, убедувањето преку користење на аргументи како дел од реторичката насока, од друга страна, сите елементи на дијалектичката размена за испитување на одредено тврдење, вклучително и рационалната резолуција на конфликт на одредено мислење, во својата суштина го истакнуваат суштинското значење на рационалното убедување на публиката. Идентификацијата на целта на дијалектиката со убедувањето на одредена публика ја редуцира важноста на дебатата, ѝ дава реторички карактер на дијалектиката, особено во истражувањата на Перелман. Во *Нова реторика*, заедно со Олбрехшт-Титека, тој изведува широко испитување на природата, употребата и условите за ефективност на голем број на неформални аргументи, независно од дедуктивната или индуктивната издржаност. Ова истражување предизвика движење на мислата кое ја спаси реториката од заборав и ја постави како корисна и незаменлива

дисциплина. Главната идеја на ова истражување е дека аргументите треба да се евалуираат во рамките на контекстот, и дека индуктивните, во некои случаи дури и погрешни, форми на расудување се од поголемо значење и легитимност отколку што реално добиваат. Дијалектичко расудување има за цел да убеди и увери, и во суштина не се состои во дедуктивни или нужни заклучоци, но од аргументи кои се повеќе или помалку силни, повеќе или помалку уверувачки и не се формално изразени. Овие форми на аргументација ја заменуваат силата на принудување со средства за предизвикување на доверба. Уште повеќе, не само што уверуваат дека одредено дејство е добро, туку поседуваат моќ да предизвикаат акција кај реципиентот на аргументот. Суштински, описот на реторичкиот пристап кон аргументацијата од страна на Перелман добива на релевантност, посебно кога станува збор за вредносен избор. Кога ги набљудуваме домените на она што се претпочита, прифатливото и она што е разумно, не користиме ниту дедукција ниту индукција, туку ги користиме сите форми на расудување да стекнеме приврзаност на умовите кон тезите кои што сме ги прифатиле. Доменот на аргументацијата ги опфаќа сите области на знаењето, теоретски и практични. Перелман посочува дека реториката и дијалектиката се целосно посветени на концептот на инвенција: деталната обработка и критичка евалуација на најразличните форми има за цел пронаоѓање на најсоодветните средства за убедување за дадена публика. Овде не станува збор единствено за практично расудување и акција, реторичкиот пристап на Перелман вклучува и реторички орнаменти како и елементи за поттикнување на емоции кај публиката. Пред сѐ, главна улога има контекстот и публиката во процесот на евалуација на релевантоста и силата на аргументот. Публиката е централен поим во истражувањата на Перелман; имајќи предвид дека телеологијата на аргументот е да предизвика доверба кај другиот, реципиентот е клучен фактор во евалуација на ефективноста на аргументацијата. На основа на фундаментот на реципиентот се формираат посебните сфери на аргументот, додека поимот на универзална публика е конституиран од целото човештво, или, во најмала рака, од оние кои се компетентни и рационални. Во оваа насока, универзалната публика претставува модел на публика за филозофски аргументи фундирани на моќта на разумот како таков. Според Перелман, дијалектичките аргументи се само посебен вид на реторичките, а одговарачот во дијалектичката дебата е посебен вид на публика. *Нова реторика* се однесува на егзистенцијата на рационални избори на кои им

претходи дискусија и промислување во кое се споредуваат различни решенија, соединувајќи ги аргументативните и емоционалните аспекти на реториката.

Според авторите на прагма-дијалектиката, супстанцијата на овој дијалектички пристап во теоријата на аргументација е во критичките стандарди на разумност во комбинација со прагматиката на употребата на говорните чинови. Круцијална одредница е моделот на критичка дискусија, преку етаблирана процедура за утврдување дали стојалиштето на протагонистот е одржливо наспроти критиките на антагонистот. Активните учесници во аргументативниот дискурс се ориентирани во насока на разрешување на разликата во мислењата со почитување и примена на критичките стандарди на разумност. Сепак, Емерен и Хоутлусер, во серија заеднички текстови, го истакнуваат реторичкиот карактер на критичката дискусија на прагма-дијалектиката. Во обидот да се разреши конфликтот на мислења според правилата на прагма-дијалектиката, овие автори не го исклучуваат поединечниот интерес на учесниците за разрешување на разликите во мислењето во нивна корист. Во таа насока може да се претпостави дека говорните чинови во аргументацијата се конструирани да го постигнат ефектот за разрешница во корист на еден од учесниците. Концептот на реторичка димензија на аргументативниот дискурс, покрај дијалектичката, широко ја отвора вратата на етаблирање на реторички карактер на дијалектичките пристапи на аргументацијата. На овој начин учесниците ги користат можностите што дијалектичката ситуација ги дозволува за реторички да го насочат дискурсот во своја корист. Овој баланс помеѓу дијалектичката цел за резолуција и реторичката цел да се прифати сопствената позиција се нарекува стратешко маневрирање, концепт во којшто двете страни ги исполнуваат дијалектичките обврски без да ги жртвуваат реторичките цели. Разбирањето на стратешкото маневрирање како средство за остварување на реторичките цели преку задржување на правилата на разумна дебата ги нагласува реторичките потези внатре во самата дијалектичка рамка. Формалната рамка која се нарекува дијалектичка, а која е формирана во интерес на разрешување на разликата во мислењата има аналогна реторичка цел која се покажува како основна динамика во прагма-дијалектика. Наспроти вметнувањето на дијалектички искуства во реториката од страна на Перелман и Олбрешт-Титека, Емерен и Гротендорст истакнуваат дека прават спој на елементите на реториката во дијалектиката. Примената на стратешкото маневрирање во критичката дискусија уште повеќе ја потврдува тезата дека основата на прагма-дијалектика

е реторичка. Изборот на опциите се одвива според топичките можности во секоја од етапите на дискусијата преку адаптирање кон очекувањата на аудиториумот со користење на стилски средства за презентирање. При одредена разлика во мислењата, учесниците во критичката дискусија можат да изберат материјал кој е најлесен за обработка; да изберат перспектива која е најприфатлива од аудиториумот и можат ги презентираат аргументите со користење на ефективен вокабулар. Врз основа на овие три аспекти на стратешкото маневрирање, учесниците во аргументативниот дискурс имаат можност да влијаат врз исходот во своја корист. Според топичките можности кои претставуваат множество од релевантни алтернативи во секоја од етапите во критичката дискусија, може да се констатира суштинското влијание на реториката во дијалектичката формална рамка. Во етапата на конфронтација, реторички може да се редуцира полето на конфронтација во корист на еден од соговорниците, во етапата на отворање да се одбере почеток кој најмногу оди во сопствен прилог, додека во етапата на аргументација се бираат топоси кои најмногу се од корист и конечно во завршната фаза се извлекуваат импликациите од претходните избори. Реторичката стратегија во стратешкото маневрирање се однесува на топичката можност, адаптација на барањето на аудиториумот како и употреба на стилски средства на презентација и во суштина претставува методолошки конструкт да се изврши влијание за разрешницата на конфликтот на мислењата да биде во одредена корист.

Дијалогот на убедување, еден од шесте видови на дијалог за евалуација на аргументите според типологијата на Волтон, имајќи ја за цел критичката дискусија е најблизок до интерпретацијата на дијалектиката на Аристотел. Пермисивниот дијалог на убедување за разлика од ригорозниот има позитивна функција кон разрешување на конфликтот на мислење. Реторичкиот карактер на аргументите во дијалошка форма дава пробативна одредница, при што да се докаже значи да се изведе заклучок од премисите на соговорникот кои имаат форма на преземени обврски. Обврските се тврдења во кои соговорникот позитивно се обврзува во однос на докажувањето. Концептот на договор настапува кога соговорникот ја исцрпува критиката, со што дијалогот на убедување претставува рационално убедување на противникот во дискусијата. Волтон ги разбира дијалектиката и реториката како многу блиски. Имено, според авторот на нова дијалектика, мораме да констатираме дека реториката е нужна компонента на дијалектиката и дека дијалектиката може да биде многу корисен дел на реториката. Уметноста на убедување се

базира врз аргументативни структури, а дијалектиката е моќна нова форма на применета логика кон интерпретација и анализа на аргументите во секојдневниот говор. Реториката се занимава со сите видови на убедување, а дијалектиката со рационално убедување. Наспроти Перелман, Волтон дијалектиката ја поврзува со дијалогот, истовремено ампутирајќи ја вистината од дијалошката форма со анализата на рационалноста на убедувањето преку категориите на вообичаена евиденција и длабочина на дијалогот. Аргументите не мора да бидат конклузивни, туку тентативни или привремено прифатени од другата страна при што процесот на критика запира ако другата страна е убедена. Новата дијалектика на Волтон има директна инспирација со новата дијалектика на Ренесансата каде реториката има доминантна позиција, особено што контекстот на дијалогот остава голем простор за реторичко убедување врз база на презумптивноста. Во оваа насока е релевантна констатацијата на еден од еминентните автори на реторичките пристапи на аргументацијата, Кристофер Тиндејл (Christopher W. Tindale) кој во истражувањето *Реторичка аргументација: принципи на теорија и практика (Rhetorical Argumentation: Principles of Theory and Practice,* 2004) тврди дека реторичката аргументација е дијалошка (Tindale 2004, стр. 89-113). Во суштина сите видови на дијалог според контекстот: убедување, преговарање, испитување, одлучување, информативен се реторички, со други зборови, ако констатираме дека аргументацијата е повеќе од критичка дискусија, без разлика на целта на дијалогот можеме да говориме за реторички карактер на новата дијалектика.

Истражувањата на Емерен и Хоутлусер го етаблираат стратешкото маневрирање откривајќи ја реторичката суштината на дијалектичките пристапи на аргументот кои се фундирани на дефиницијата на дијалектиката како регулирана дебата со правила. Реторичкиот пристап на Тиндејл потенцира три вида на модели на аргументот: логички, дијалектички и реторички. Доминацијата на формалната логика која промовираше ексклузивитет на логичкиот модел на аргумент во изведувањето на логички заклучоци е директна причина за појавата на неформалната логика и дијалектичките пристапи во теоријата на аргументација. Дијалектичкиот модел на аргумент понуди решенија за употреба и евалуација на аргументите во секојдневната комуникација. Овој проблем не можеше да биде решен со формалната логика. Сепак, покрај интензивниот напредок во истражувањата на аргументите во секојдневната комуникација, дијалектичките пристапи

демонстрираат рецидив на формалната структура на логичкиот модел на аргумент преку формалната структура на правилата на критичка дискусија и покажуваат недостатоци во однос на останатите елементи на аргументацијата во секојдневниот говор. Затоа како што дијалектичките пристапи во теоријата на аргументација се реакција на формалната логика, така реторичките пристапи нудат решенија на проблемите за кои дијалектичките пристапи немаат одговор. Реторичката аргументација ја продолжува традицијата на реториката со интеграција на одредени иновации. Реторичкиот модел на аргумент е во континуитет со традицијата која е сумирана во реторичката анализа на Аристотеловата тријада преку дистинкцијата на ethos, pathos и logos (Rh. 1356a). Процесот на реторичка аргументација ги спојува трите реторички категории во нова светлина со етаблирање на следните елементи: аргументативна ситуација, оној што аргументира, аудиториум и аргумент. Според реторичкиот пристап на аргументот, да се разбере процесот на аргументација и да се евалуира аргументот значи да се разбере интеракцијата на споменатите елементи.

Дијалектиката без алетолошка телеологија независно од степенот на формализмот на правилата на критичка дискусија или структурата на критички прашања на наспроти аргументациските шеми, ја открива својата реторичката суштина. Прагма-дијалектиката, наспроти новата дијалектика, се карактеризира со построги правила на критичка дискусија и евалуација на аргументите. Во новата дијалектика целта на дијалогот е критериум за евалуација на аргументите, комплементарно со тестирањето на аргументациските шеми преку критички прашања. Сепак, дури и во највисоката ригорозност на дијалектичките правила на прагма-дијалектика се појавува реторичкиот карактер формулиран преку стратешкото маневрирање. Ако изборот од топичката можност, адаптацијата кон аудиториумот и одбирањето на презентациони средства го одредуваат директното влијание на реториката во критичката дискусија на прагма-дијалектика, тогаш уште повеќе, самите видови на дијалог на Волтон имаат реторички карактер, особено што во новата дијалектика процесот на критика запира со договор на двете страни. Волтон ја гледа реториката како нужен дел од дијалектиката, ако учесникот во дијалогот во улога на критичар е убеден од страна на соговорникот во понудената презумпција, процесот на критика завршува во договорено мислење.

ЗАКЛУЧОК

Ноетичката супстанција на ова истражување преку иманентната динамика е фундирана врз основната теза дека διαλεκτική на Платон и Аристотел претставува целосна теорија на расудувањето со потенцијал за обединување на дијалектиката, реториката и логиката во однос на прашањата за расудувањето, извлекувањето на заклучоци, поимите на аргументот и убедувањето, без разлика дали станува збор за формален или неформален модус. Во светлината на главната теза, структурата на трудот е поставена во насока на критичката компарација на πρὸς ἕτερον διαλεκτική, и дијалектичките принципи во современата теорија на аргументација.

Долгата и измачувачка историја на дијалектиката, особено во релација со реториката и логиката го поставува прашањето за реконструкција на поимот на διαλεκτική, односно за можноста на составување на деловите во целина и изведувањето на единствен поим на дијалектиката. Нужноста од реконструкцијата на овој поим добива на интензитет преку констатацијата дека недвосмисленоста на поимот на διαλεκτική претставува круцијална парадигма за интерпретација на логиката и реториката, следствено и на теоријата на аргументацијата. Темелноста и систематичноста на пристапот во истражувања на διαλεκτική во современата наука ги издвојува трудовите на Марта Спранци и Јакоб Финк, кои сепак не успеваат да понудат единствено решение на проблемот на реконструкција на διαλεκτική. Проектот на Спранци констатира два вида на дијалектика, имено апоретичка и дебатна, но се соочува со недостиг од податоци за апоретичката дијалектика во текстуалната оставнина на Аристотел што претставува флагрантна индикација дека дијалектиката не е еднострано Аристотелова, уште повеќе дека реконструкцијата на διαλεκτική не е возможна без дијалозите на Платон. Од друга страна, компилацијата на Финк го вклучува Платон, но се фокусира ексклузивно на πρὸς ἕτερον διαλεκτική, односно на дебатната дијалектика и не ја истражува апоретичката дијалектика. Во однос на реконструкцијата на διαλεκτική, решението презентирано во овој труд ги надминува двата вида на едностран пристап, имено ги вклучува текстовите на Платон и Аристотел комплементарно со двата вида на дијалектика како основа за реконструкција на единствениот поим на διαλεκτική. Поаѓајќи од тезата дека истражувањата за реконструкцијата на единствениот поим на дијалектиката мора да ја вклучат текстуалната оставнина на Платон и Аристотел, in concreto да се направи

обид да се изведе единствениот поим на διαλεκτική врз основа на директните и индиректни референци во текстовите, во овој труд се констатира единство во поимот на διαλεκτική кај Платон и Аристотел и се заклучува дека може да се зборува за единствен поим на дијалектиката изразен во синтагма како Платон-Аристотелова дијалектика. Во Платон-Аристотеловиот поим на διαλεκτική, повеќе референции за дијалектиката наоѓаме кај Платон, вклучително и еклатантни примери преку самите дијалози, а систематски приказ на дијалектичкото расудување во *Топика* на Аристотел. Основни структура на дијалектиката на Платон и Аристотел е конституирана преку алетолошкиот принцип, принципот на прашање и одговор и онтолошкиот принцип на едно и мноштво како основа за συλλογισμός/ἐπαγωγή (дедукцијата/индукцијата) и συναγωγή/διαίρεσης (обединување на сличностите, делење според разликите). Διαλεκτική ги истражува првите принципи до кои доаѓа преку испитување на хипотезите in utramque partem (при што расправата е завршена кога можеме да ги споредиме двете страни за да се види каде лежи вистината) и се разликува од дијалектичкото расудување кое е силогизам што стартува од (ἔνδοξα) општи мислења. Во оваа насока, во истражувањето се презентира нова теза дека *Топика* е расправа за дијалектичкото расудување, а не за дијалектиката, и претставува прва теорија на аргументацијата која ги етаблира основните елементи на аргументите: структурата на аргументот, техниките за ефективно расудување, општите места како и целите на прашувачот и одговарачот. Дијалектиката за предмет ги има сите видови на силогизми, следствено дијалектичкото расудување како и реторичката ентимема се предмет на испитување на διαλεκτική, што дава основа дебатната дијалектика и реториката да претставуваат гранки на дијалектиката.

Некритичкиот пристап кон комбинацијата на тезите на Аристотел дека реториката е антистрофа на дијалектиката и дека διαλεκτική и ρητορική оперираат во доменот на општото човеково знаење и се вештини за продукција на аргументи ја стартуваше турбулентната траекторија на реторичките карактеристики на дијалектиката. Во поставувањето на сцената за дијалектичките принципи во теоријата на аргументација, и воопшто за самата теорија на аргументација, покрај историските перманентни супституции на дијалектиката со реториката, клучна улога има и релацијата помеѓу схоластичката и ренесансната дијалектика. Аналогно на опозицијата на ренесансната дијалектика со реторички карактер

против схоластичката дијалектика, каде што доминираат демонстративните силогизми, современата теорија на аргументација се спротивстави на формализмот на логиката.

Како директни наследници на формализмот на схоластичката дијалектика и реторичкиот карактер на ренесансната дијалектика, дијалектичките пристапи во современата теорија на аргументацијата, имено прагма-дијалектиката и новата дијалектика, претендираат на сукцесија на Аристотеловата дијалектика (без Платон). Критичката компарација на Платон-Аристотеловата дијалектика со дијалектичките пристапи во современата теорија на аргументација во овој труд покажува дека дијалектичките пристапи презентирани преку прагма-дијалектиката и новата дијалектика имаат реторички карактер и дека не ја продолжуваат традицијата на Платон-Аристотеловата дијалектика. Дијалектичките пристапи во теоријата на аргументацијата ги потенцираат реторичките и убедувачките дискурси, наспроти аргументативната формално-логичка валидност. In concreto, Емерен и Гротендост за основа на дијалектичкиот пристап го поставуваат моделот на критичка дискусија втемелен врз концептот на рационална критика. Според авторите на прагма-дијалектиката, дијалектиката претставува систематска интеракција на потези за или против одредена теза во рамките на моделот на критичка дискусија. Компаративно со Платон-Аристотеловата дијалектика, прагма-дијалектиката има одредени допирни точки со теоријата на дијалектичко расудување на Аристотел, односно на дебатната дијалектика, но според својата структура демонстрира еклектички пристап во теоријата на аргументацијата како директен наследник на формалната дијалектика, каде што дијалектиката е дефинирана како регулирана дебата со правила. Новата дијалектика на Даглас Волтон уште повеќе се оддалечува од епистемолошката димензија и кулминира во прагматичниот пристап во теоријата на аргументација, поставувајќи го концептот на презумптивно расудување како најзастапен во секојдневната комуникација. Овој вид на расудување има редуцирано епистемолошко значење, но има своја вредност во дијалогот каде што предмет е неговата логичка структура, аргументациските шеми кои се тестираат преку множество на критички прашања. Според Волтон, античката дијалектика е филозофска активност помеѓу двајца соговорници, истакнувајќи ја заедничката цел на дијалогот како основа за евалуација на аргументите. Компаративно со Платон-Аристотеловата дијалектика, новата дијалектика поседува заеднички аспекти со дијалектичкото расудување, односно со дебатната

дијалектика, особено преку аналогијата на аргументациските шеми со општите места во *Топика.*

Дијалектичките пристапи во теоријата на аргументација, претставени преку систематските теории на прагма-дијалектиката и новата дијалектика, компаративно со Платон-Аристотеловата дијалектика, демонстрираат флагрантни разлики со тоталитетот на поимот на διαλεκτική. Недостасува темелноста, систематичноста и ноетичката прецизност на Платон-Аристотеловата дијалектика каде што преку онтолошкиот принцип на едно и мноштво се изведува постоењето на можноста за прашување/одговарање како и самата причина за постоењето на дијалектиката. Овој принцип ја одредува функцијата на дијалектиката во релација со концептот на вистината, со суштината и дефиницијата, како и употребата на методските постапки συλλογισμός/ἐπαγωγή, συναγωγή/διαίρεσης, хипотезата/ендокса, пропозиција/проблем, одредувајќи ја διαλεκτική како наука за расудувањето, која ги проучува сите видови на силогизми демонстративните, дијалектичките и реторичките. Дијалектичките принципи во современата теорија на аргументација ја дефинираат дијалектиката pars pro toto, односно се фокусираат врз изведениот критички концепт и дијалошка димензија со импресивни достигнувања во однос на целите кои ги поставуваат, имено, моделот на критичка дискусија за разрешување на разлика на мислењата на прагма дијалектика и екстензивната листа на аргументациски шеми со соодветни критички прашања за евалуација на аргументот во типологијата на дијалозите на новата дијалектика. Сепак, финалната теза на ова истражување презентира дека со отстранувањето на алетолошкиот принцип од поимот на дијалектиката, дијалектичките пристапи во современата теорија на аргументација добиваат реторички карактер, истакнувајќи ја есенцијалната блискост со реториката и флагрантната разлика со дијалектиката.

БИБЛИОГРАФИЈА:


1. Alexander of Aphrodisias, *On Aristotle Topics 1,* (translated by Johannes M. Van Ophuijsen), Duckworth, London, 2001.

2. Аристотел, *За толкувањата*, прев. Весна Томовска, Магор, Скопје, 2021.

3. Aristotel, *Metafizika,* Kultura, Beograd, 1960.

4. Aristotle, *On Sophistical Refutations,* London, William Heinemann ltd., Cambridge, Massachusetts, Harvard University Press, 1962.

5. Aristotel, *Organon,* Kultura, Beograd, 1965.

6. Aristotle, *On Rhetoric, A Theory of Civic Discourse,* 2nd. Ed., Oxford University Press, New York, Oxford, 2007.

7. Aristotle, *Posterior Analytics, Topica* London, William Heinemann ltd., Cambridge, Massachusetts, Harvard University Press, 1962.

8. Аристотел, *Реторика,* прев. Весна Томовска, Македонска книга, Скопје, 2002.

9. Aristotle, *The Basic Works of Aristotle,* ed. Richard McKeon, The Modern Library, New York, 2001. (Categories; On Interpretation; Prior Analytics (BookI and II); Posterior Analytics (Book I and II); Topics (Book I); On Sophistical Refutations (Chapters 1-2, 3-15); Physics; On The Heavens; On Generation and Corruption; On The Soul; Memory And Reminiscence; On Dreams; Prophesying By Dreams; History Of Animals; Parts Of Animals; Generation Of Animals; Metaphysics; Nichomachean Ethics; Politics; Rhetoric; Poetics).

10. Aristotle, *The Categories, On Interpretation, Prior Analytics,* London, William Heinemann ltd., Cambridge, Massachusetts, Harvard University Press, 1962.

11. Aristotle, *Topics*, Harvard University Press, 1939.

12. Bakhtin, Mikhail, *The Dialogical Imagination: Four Essays.* Michael Holquist (ed.), C. Emerson and M. Holquist (trans.), University of Austin Press, 1981.

13. Barnes, Jonathan, *Argument in Ancient Philosophy,* The Cambridge Companion to Greek and Roman Philosophy, (ed. Sedley, D. N.), Cambridge University Press, Cambridge, 2003, pp. 20-41.

14. Barth, Else M. and Krabbe, Eric C.W., *From Axiom to Dialogue: A Philosophical Study of Logics and Argumentation.* Berlin: Walter de Gruyter, 1982.

15. Berti, Enrico, *Does Aristotle's Conception of Dialectic Develop?* In: W. Wains (ed), Aristotle's Philosophical Development: Problems and Prospects, Rowman & Littlefield Publishers, Inc. Lanham, Maryland, USA, 1996.

16. Blair, John A. and Johnson, Ralph H., *Argumentation as Dialectical.* Argumentation, Vol. 1, No.1 (1987), pp. 41-56.

17. Blair, John A., *A Time for Argument Theory Integration*, published in *Critical Problems in Argumentation,* Charles Arthur Willard (Ed), National Communication Association, Washington, DC, 2005.

18. Blair, John A. & Johnson, Ralph H., (eds.) *Informal logic: The First International Symposium*, Edgepress, Point Reyes, CA, 1980.

19. Blair, John A., *Groundwork in the Theory of Argumentation,* Springer, Dordrecht, 2012.

20. Blair, John A., Govier's "Informal Logic". *Informal Logic*, Vol. 33, No 2 (2013), pp.83-97.

21. Bolton, Robert, *The Problem of Dialectical Reasoning in Aristotle.* Ancient Philosophy 14 (1994), pp. 99-132.

22. Burnet, John, *Plato's Euthyphro, Apology of Socrates and Criton,* Oxford University Press, Oxford, 1974.

23. Burnet, John, *Greek Philosophy, Thales to Plato,* Macmillan and Co., London, 1928.

24. Burnet, John, *Platonism,* University of California Press, Berkeley, California, 1928.

25. Cicero, *De Inventione. Topica* (translated by H. M. Hubbel), Harvard University Press, Cambridge,1976.

26. Cicero, *De Oratore* (translated by E. W. Sutton), Harvard University Press, Cambridge, 1948.

27. Carney, J.D. and Scheer, R.K., *Fundamentals of Logic,* 3rd Ed., Macmillan Publishing Co., New York, 1980.

28. Copi, I. (and Cohen, C.), *Introduction to Logic,* (8th. Ed.), Macmillan, New York, 1990.

29. Crawshay-Williams, R., *Methods and Criteria of Reasoning. An Inquiry into the Structure of Controversy,* Routledge and Kegan Paul, London, 1957.

30. Декарт, Рене, *Научна расправа за методот,* Епоха, Скопје, 1996.

31. Димишковска, Ана, *Прагматиката и теоријата на аргументацијата,* Скопје: Ѓурѓа, 2001.

32. Димишковска, Ана, „За интерпретациите на Аристотеловото сфаќање на поимот „топос“ во современата теорија на аргументацијата“, *Systasis* 6 (2005): 1-4.

33. Димишковска, Ана, За логичкиот хиломорфизам и за односот на формалната и неформалната логика. *Годишен зборник на Филозофскиот Факултет-Скопје* 69 (2016) стр. 9-21.

34. Dutilh Novaes, Catarina, *The Different Ways in which Logic is (said to be) Formal.* History and Philosophy of Logic 32, (2011), pp. 303-332.

35. Duncombe, Matthew, *Thought as Internal Speech in Plato and Aristotle.* History of Philosophy & Logical Analysis (2016), pp.105-125.

36. Eemeren, Frans H. van, Grootendorst Rob, *A Systematic Theory of Argumentation*, Cambridge University Press, 2004.

37. Eemeren, Frans, H. Van, *Argumentation Theory and Argumentative Practices: A Vital but Complex Relationship*, Informal Logic, Vol 37, No.4 (2017), pp. 322-350.

38. Eeemeren, Frans H. Van (ed.), *Crucial Concepts in Argumentation Theory,* Amsterdam University Press, Amsterdam, 2001.

39. Eeemeren, Frans H. van, *Speech Acts in Argumentative Discussions: A Theoretical Model for The Analysis of Discussions Directed Towards Solving Conflicts of Opinion,* Foris Publications, Dordrecht, 1983.

40. Eemeren, Frans H. Van, Houtlosser, Peter, Strategic Manouvering in Argumentative Discourse, *Discourse Studies*, Vol.1 (4) (1999), pp. 479-497.

41. Eemeren, Frans H. van, Grootendorst Rob, (with other authors) *Fundamentals of Argumentation Theory, (A Handbook of Historical Backgrounds and Contemporary Developments),* Routledge, New York and London, 1996.

42. Evans, John D. G., *Aristotle's Concept of Dialectic,* Cambridge University Press, Cambridge, 1977.

43. Fine, G., (Ed), *The Oxford Handbook of Plato*. Oxford, 2008.

44. Fink, Jakob L. (ed.), *The Development of Dialectic from Plato to Aristotle,* Cambridge University Press, Cambridge, 2012.

45. Finocchiaro, Maurice A., Dialectics, Evaluation and Argument, *Informal Logic*, Vol 23, No.1 (2003), pp.19-49.

46. Finocchiaro, Maurice A., Six Types of Fallaciousness: Towards a Realistic Theory of Logical Criticism. *Argumentation* 1, (1987), pp. 263-282.

47. Fisher, Alec and Scriven, Michael, *Critical Thinking. Its Definition and Assesment.* University of East Anglia, Centre for Research and Critical Thinking, Norwich, 1997.
48. Freeley, A. J., *Argumentation and Debate: Critical Thinking for Reasoned Decision Making*, Wadsworth, Belmont, CA, 1993.
49. Freeman, J. B., *Dialectics and the Macrostructure of Arguments: A Theory of Argument Structure,* Foris, Berlin/New York, 1991.
50. Freeman, J. B., Dialectical Situations and Argument Analysis. *Informal Logic* 7, (1985), pp. 151-162.
51. Gaskins, Richard H., *Burdens of Proof in Modern Discourse,* Yale University Press, New Haven, 1992.
52. Георгиева, Вера, *Философијата како Ars Dialectica,* предговор во книгата на Јонче Јосифовски, *Философски Текстови- Избор.* Аз-Буки, Скопје, 2004.
53. Георгиева, Вера, Јонче Јосифовски и Виолета Панзова, *Историја на дијалектиката во античката филозофија. Филозофска трибина* 8 (1982).
54. Govier, Trudy, *A Practical Study of Argument,* 7th Ed., Cengage Learning, Wadsworth, 2010.
55. Govier, Trudy, Ways of Teaching Reasoning Directly, *Critical Thinking: Pro0ceedings of the First British Conference on Informal Logic and Critical Thinking,* ed. Alec Fisher, University of East Anglia, East Anglia, 1988, pp: 30-38.
56. Green-Pedersen, Niels. J., *The Tradition of the Topics in the Middle Ages: The Commentaries on Aristotle's and Boethius' Topics, Philosophia Verlag*, Munchen, 1984.
57. Grice, H., P., *Logic and Conversation.* Syntax and Semantics 3:Speech Arts, (1975), pp.41-58.
58. Groarke, Leo, Logic, Art and Argument. *Informal Logic*, 18 (1996), pp. 105-129.
59. Groarke, Leo, *What Pragma-Dialectics can Learn from Deductivism and what Deductivism can Learn from Pragma-Dialectics.* (eds. Eemeren F. H. van, Grootendorst, R., Blair, J. A. and Willard, C. A.), Proccedings of the Third ISSA Conference on Argumentation, Amsterdam (1995), pp. 138-145.
60. Guthrie, W. K. C., *Socrates*, Cambridge University Press, Cambridge, 1971.
61. Hamblin, Ch. L., *Fallacies.* Methuen, London, 1970.
62. Harman, Gilbert H., The Inference to the Best Explanation. *The Philosophical Review*, Vol. 74, No.1. (1965), pp: 88-95.

63. Hastings, Arthur C., *A Reformulation of the Modes of Reasoning in Argumentation*, Evanston, Illinois, Ph. D. Dissertation, 1963.

64. Heidegger, Martin, *Being and Time*, SUNY, New York, 1996.

65. Hintikka, Jaakko, *Socratic Epistemology. Explorations of Knowledge-Seeking by Questioning*, Cambridge University Press, New York, 2007.

66. Hintikka, Jaakko, Strategic Thinking in Argumentation and Argumentation Theory, *Revue Internationale de Philosophie*, n. 196, 2/1996, pp.307-324.

67. Hohmann, H., *Rhetoric and Dialectic: Some Historical and Legal Perspectives.* In: F.H. van Eemeren & P. Houtlosser (eds.), Dialectic and Rhetoric: The Warp and Woof of Argumentation Analysis, Kluwer Academic, Dordrecht (2002), pp. 41-51.

68. Houtlosser, P., Points of View. *Argumentation* 12, 3, (1998), pp. 387-405.

69. Houtlosser, P., *The Speech Act "Advancing a Standpoint."* In: F.H. van Eemeren & R. Grootendorst (eds.), Studies in Pragma-Dialectics, Amsterdam (1994), pp.165-171.

70. Илиевски, Митко, *Дефиниција,* Филозофски факултет, Скопје, 2001.

71. Jacobs, S., Speech Acts and Arguments. *Argumentation* 3, (1989), pp. 345-365.

72. Johnson, Ralph H., Govier's "Invention" of the Theory of Argument. *Informal Logic*, Vol.33, No. 2 (2013), pp. 98-115.

73. Kant, Immanuel, *Critique of Judgement,* J. H. Bernard (trans.), Hafner, New York, 1951.

74. Kant, Immanuel, *Critique of Pure Reason*, Johann Friedrich Hartknoch, Riga, 1781.

75. Kahane, Howard and Cavender, Nancys, *Logic and Contemporary Rhetoric: The Use of Reason in Everyday Life,* Wadsworth Publishing Co., Belmont, CA, 1998.

76. Kienpointner, Manfred, *Alltagslogik: Struktur and Funktion von Argumentationsmustern,* Fromman-Holzboog, Stuttgart, 1992.

77. Kneale, William and Martha, *The Development of Logic,* Clarendon Press, Oxford, 1962.

78. Laar, Jan Albert Van, *Argumentation Schemes from Hamblin's Dialectical Perspective.* Informal Logic, Vol. 31, No. 4 (2011), pp. 344-366.

79. Lumer, Christopher, Pragma-Dialectics and the Function of Argumentation. *Argumentation* 24, 2010, pp. 41-69.

80. Lumer, Christopher, *Walton's Argumentation Schemes.* OSSA Conference Archive, OSSA 11, 2016.

81. Mill, J. S., *A System of logic: Ratiocinative and Inductive, Being a Connected View of the Principles of Evidence and the Methods of Scientific Investigation.* Longman London, 1843.

82. Nettleship, Richard Lewis, *Lectures on The Republic of Plato* (1871), Macmillan and Co., Limited St. Martins Street, London, 1922.

83. O'Keefe, Daniel, *Persuasion: Theory and Research,* Sage, Newbury Park, CA, 1990.

Owen, Gwilym E. L., *Logic, Science and Dialectic,* Duckworth, London, 1986.

84. Панзова, Виолета, (ed.), *Значењето и вистината,* Ѓурѓа, Скопје, 1998.

85. Панзова, Виолета, *Универзалната граматика и македонскиот јазик,* Епоха, Скопје, 1996.

86. Perelman, Chaim and Olbrechts-Tyteca, Lucie, *The New Rhetoric: A Treatise on Argumentation,* trans. J Wilkinson and P. Weaver, Notre Dame, University of Notre Dame Press, 1971.

87. Plato, *Great dialogues of Plato,* Signet classic, New York, 1999.

88. Платон, *Кратил*, прев. Весна Томовска, Магор, Скопје, 2006.

89. Платон, *Одбраната Сократова; Критон; Федон,* прев. Елена Колева, Македонска книга, Скопје, 1983.

90. Platon, *Parmenid,* BIGZ, Beograd, 1973.

91. Платон, *Политеја,* прев. Елена Колева, ТРИ, Скопје, 2002.

92. Plato, *The Collected Dialogues of Plato,* Eds. Edith Hamilton and Huntington Cairns, Princeton University Press, New Jersey 1989 (Socrates' Defense, Crito, Phaedo, Charmides, Laches, Lysis, Euthyphro, Menexenus, Lesser Hippias, Ion, Gorgias, Protagoras, Meno, Euthydemus, Cratylus, Phaedrus, Symposium, Republic, Theaetetus, Parmenides, Sophist, Statesman, Philebus, Timaeus, Critias, Laws, Epinomis, Greater Hippias, Letters).

93. Popper, K. R., *Conjectures and Refutations. The Growth of Scientific Knowledge,* Routledge & Kegan Paul, London, 1974.

94. Reiter, Raymond, A Logic for Default Reasoning, *Artificial Intellligence,* 13, 1980, pp. 81-132.

95. Reiter, Raymond, Nonmonotonic Reasoning, *Annual Review of Computer Science,* 2, 1987, pp:147-186.

96. Rescher, Nicholas, *Dialectics. A Controversy-Oriented Approach to the Theory of Knowledge,* SUNY, Albany, 1977.

97. Robinson, Richard, *Plato's Earlier Dialectic,* 2nd ed., Oxford, Clarendon Press, 1953.

98. Scriven, Michael, *Reasoning,* McGraw-Hill, New York, 1976.

99. Serl, Džon, *Govorni Činovi,* Nolit, Beograd, 1991.

100. Searle, John, *Mind, Language and Society – Doing Philosophy in the Real World,* Weidenfeld and Nicolson, London, 1999.

101. Searle, John, *Speech Acts. An Essay in the Philosophy of Language.* Cambridge University Press, Cambridge, 1969.

102. Slomkowski, Paul, *Aristotle's Topics.* Brill, Leiden, New York, Köln, 1997.

103. Spranzi, Marta, *The Art of Dialectic Between Dialogue and Rhetoric. The Aristotelian Tradition,* John Benjamins B.V., Amsterdam, Philadelphia, 2011.

104. Spranzi, Marta, *The Nature and Purpose of Aristotelian Dialectic Revisited: Argumentation Theory, Scientific Controversies and Epistemology.* Argumentation Library, Springer, Netherlands, 2012.

105. Stenzel, Julius, *Plato's Method of Dialectic,* Arno Press, New York, 1973.

106. Tindale, Christopher W., *Acts of Arguing. A Rhetorical Model of Argument,* SUNY, New York, 1999.

107. Tindale, Christopher W., *Rhetorical Argumentation: Principles of Theory and Practice,* Sage Publications, Thousand Oaks, London, New Delhi, 2004.

108. Tindale, Christopher W., *The Philosophy of Argument and Audience Reception,* Cambridge University Press, Cambridge, 2015.

109. Toulmin, S. E., *The Uses of Argument,* Cambridge University Press, Cambridge, MA, 1958.

110. Warnick B. and Kline, Susan L., The New Rhetoric's Argument Schemes: A Rhetorical View of Practical Reasoning, *Argumentation & Advocacy,* 29, 1992, pp: 1-15.

111. Walton, Douglas, *Argumentation Methods for Artificial Intelligence and Law.* Springer, Berlin, 2005.

112. Walton, Douglas, *Argument Structure: A Pragmatic Theory,* University of Toronto Press, Toronto 1996.

113. Walton, Douglas, *Argumentation Schemes for Presumptive Reasoning,* Mahwah, N.J., Lawrence Erlbaum Associates, 1996.

114. Walton, Douglas, *Informal Logic: A Handbook for Critical Argumentation,* Cambridge University Press, Cambridge, 1989.

115. Walton, Douglas, *Legal Argumentation and Evidence.* The Pennsylvania State University Press, University Park, 2002.

116. Walton, Douglas, *Methods of Argumentation*, Cambridge University Press, Cambridge, MA, 2013.

117. Walton, Douglas & Godden, David, M., *The Nature and Status of Critical Questions in Argumentation.* OSSA Conference Archive 56, OSSA 6 (2005) pp: 476-484.

118. Walton, Douglas, The New Dialectic: A Method of Evaluating an Argument Used for Some Purpose in a Given Case. *ProtoSociology*,Volume 13, (1999), pp. 70-91.

119. Walton, Douglas, *The New Dialectic: Conversational Contexts of Arguments*, Toronto, University of Toronto Press, 1998.

120. Walton, Douglas, Reed Chris, Macagno, Fabrizio, *Argumentation Schemes,* Cambridge University Press, New York, 2008.

121. Walton, Douglas N, and Krabbe, Erik C. W., *Commitment in Dialogue: Basic Concepts of Interpersonal Reasoning,* Albany, State University of New York Press, 1995.

122. Walton, Douglas, What is Reasoning? What is an Argument? *The Journal of Philosophy*, Vol. 87, Issue 8 (1990): pp. 399-419.

123. Walton, Douglas and Macagno, Fabrizio, A Classification System for Argumentation Schemes, *Argument and Computation,* 2016, pp: 1-27.

124. Wenzel, Joseph W., The Rhetorical View of Argumentation: Exploring a Paradigm, *Argumentation*, vol.1, 1987, pp: 73-88.

125. Woods, J., and Walton, D., *Argument: The Logic of the Fallacies*, McGraw-Hill Ryerson, Toronto, 1982.